ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ОПШТИНА ОХРИД
(2019 - 2025)

-финална верзија-

Јуни, 2019

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Ми претставува особена чест да Ви го презентирам Локалниот еколошки акционен план - ЛЕАП за Општина Охрид, за период 2019 – 2025, кој претставува стратешки документ за идниот 6 годишен период. Овој документ треба да биде основа за идните активности за подобрување на квалитетот на медиумите во Општина Охрид, со што не само ќе го подобриме квалитетот на живеење во Општината, туку и ќе го зачуваме од понатамошно деградирање националното и меѓународно богатство-Охридското Езеро.

Општина Охрид има свои специфики, дел е урбана и дел рурална, но сепак на највисок пиедестал се става заштитата на Општина Охрид, во контекст на Охридскиот Регион, како заштитено природно и културно богатство и како посакувана туристичка дестинација за многу туристи и научници од целиот свет.

Притисокот врз квалитетот на животната средина е голем, затоа што сме сведоци на загадување на медиумите во животната средина и недостаток на грижа и посветеност кон подобрување на суштинските атрибути на природата, кои се основа за квалитетен живот на човекот. За да ја надминеме оваа состојба, општината е во континуитет посветена, вложува напори и одвојува средства за унапредување на квалитетот на животната средина.

Со активно учество во процесот на подготовка на овој ЛЕАП, од страна на членовите на работните групи и локалниот управен комитет, ги идентификувавме сегашните состојби со медиумите во животната средина, ги евидентиравме клучните предизвици (особено изразени во: нарушениот квалитет на воздухот, управувањето со отпад, зголеменото ниво на бучава и градежната експанзија) со кои се соочуваме во нашето живеење и дадовме предлог акции и мерки за нивно ефикасно надминување.

Во периодот на мојот мандат, како градоначалник на Општината, со сиот мој капацитет, ќе се залагам за доследно имплементирање на акциониот план, што е дел на овој стратешки документ, а воедно ќе се залагам да ги проширите надлежностите на локалната самоуправа, во делот на животната средина, за да можеме да обезбедиме подобар живот за жителите на општината, но и да го направиме Охрид и поврзаните населби интересни туристички дестинации.

Во процесот на имплементација на акциониот план од овој стратешки документ, од голема помош ќе ми бидете Вие, моите сограѓани, жители на Општина Охрид. Во соработка со Вас, ќе го потврдиме нашиот одговорен однос во интегрирањето на заштитата и унапредувањето на животната средина во економскиот и социјален развој на општината.

Само така ќе обезбедиме рамнотежа помеѓу брзиот економско - стопански развој, социјалниот развој и заштита и унапредување на животната средина, односно ќе го имплементираме во дело системот за одржлив развој.

Градоначалник,

Константин Георгиески

ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН
НА ОПШТИНА ОХРИД 2019 – 2025

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ОХРИД**

ГРАДОНАЧАЛНИК: **КОНСТАНТИН ГЕОРГИЕСКИ**

ПАРТНЕРИ ВО ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП: **ДРУШТВО ЗА ЕКОЛОШКИ КОНСАЛТИНГ „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

УПРАВИТЕЛ: МЕНКА СПИРОВСКА

КООРДИНАТОР НА ЛЕАП: **ХАВЗА РЕЏЕП КАЌЕЛ**

ЗАМЕНИК КООРДИНАТОР: **ЈАСМИНКА ТРАЈКОВСКА МОМИРОСКА**

УЧЕСНИЦИ ВО ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП ЗА ОПШТИНА ОХРИД:

“ДЕКОНС - ЕМА” ДООЕЛ СКОПЈЕ, РАБОТЕН ТИМ:

Главен координатор и водител на проектот: Менка Спировска, дипл. биолог

Соработници: Билјана Герасимовска, дипл. инж. за заштита на животната средина

Јулијана Никова, дипл. инж. технолог

Ана Стојановска, дипл. еколог

М-р Кристина Петровска, дипл. инж. за животната средина и ресурси

Трајче Митев, проф. по биологија

ЛОКАЛЕН УПРАВЕН КОМИТЕТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП ЗА ОПШТИНА ОХРИД:

1. Дејан Паноски (МЖСПП)
2. Елизабета Сарафилоска (ЈНУ Хидробиолошки завод)
3. Андон Бојаџи (НП Галичица)
4. Владимир Алексиоски (МЈП Проаква)
5. Љупчо Грданоски (ЈП Охридски Комуналец)
6. Бесник Османи (ЈП Нискоградба)
7. Татјана Димоска (Факултет за туризам и угостителство)
8. Елеонора Новакоска (НУ Завод и Музеи)
9. Сузана Баткоска (Општина Охрид)
10. Тихомир Дурнев (Општина Охрид)
11. Томе Нанески (Општина Охрид)
12. Вера Рауник (Општина Охрид)
13. Игор Петрески (Општина Охрид)
14. Томе Џамтоски (Општина Охрид)
15. Никола Зафироски (ЛТХ леарница)
16. Ѓоко Зороски (експерт за животна средина)
17. Александар Јованоски (Кластер I)
18. Сашо Точков (ЈЗУ Центар за јавно здравје)
19. Ерхан Сулејман (туристички работник)

РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП ЗА ОПШТИНА ОХРИД:

1. **Заштита на биолошката разновидност**
    - Дејан Паноски (МЖСПП) (координатор)
    - Стојмир Стојаноски
    - Орхидеја Тасеска
    - Номче Новески
2. **Управување со води**
    - Владимир Алексиоски (координатор)
    - Д-р Лидија Симоноска
    - Борис Стојаноски
    - Гоце Костоски
    - Митко Темелковски
3. **Управување со отпад**
    - Вера Рауник (координатор)
    - Љупчо Грданоски
    - Владимир Јованоски
    - Гордана Јаковческа
4. **Користење на земјиште паркови и зеленило**
    - Бранко Арнаудовски(координатор)
    - Елена Јанкоска
    - Андријана Цветаноска
    - Ѓорги Балески
5. **Управување со квалитет на медиумите во ж.с. и одржлив развој**
    - Сузана Баткоска (координатор)
    - Сашо Смилески
    - Наташа Стојкоска
    - Д-р Науме Мариноски

6. Управување со културно наследство и туризам

- Горан Патчев (координатор)
- Даниела Којчиноска
- Климент Наумов
- Михаил Ристески

7. Подигање на јавна свест

- Томе Џамтоски (координатор)
- Јасминка Т.Момироска
- Ѓоко Зороски
- Тања Кувенџиска
- Лионела Јаковлева

СОДРЖИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ 2
СОДРЖИНА 8
КРАТЕНКИ 11
1 ВОВЕД 12
2 ПОСТАПКА/ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП 14
2.1 Методологија за изработка на ЛЕАП 14
2.2 Анализа на реализација на активностите од ЛЕАП на Општина Охрид за период 2012 – 2018 година 15
3 ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА Охрид 18
3.1 Географска положба 18
3.2 Геолошки карактеристики 19
3.3 Сеизмолошки карактеристики 19
3.4 Климатски карактеристики 20
3.4.1 Температура 21
3.4.2 Врнежи 22
3.4.3 Ветрови 22
3.5 Хидрографски карактеристики 23
3.6 Демографски карактеристики 29
3.7 Административни карактеристики 31
3.8 Социо - економски карактеристики 33
3.8.1 Стопански развој 33
3.8.2 Индустриски капацитети 34
3.8.3 Здравство 35
3.8.4 Спорт и рекреација 35
3.8.5 Образование 36
3.8.6 Сообраќајна поврзаност 36
3.8.7 Урбано зеленило 42
3.9 Културно историско наследство 44
3.10 Туризам 47
3.11 Енергетика 51

4 ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА и ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОБЛЕМИТЕ 52
4.1 Тематска област: Квалитет на воздухот 52
4.1.1 Извори на загадувањето на воздухот во Општина Охрид 53
4.1.2 Квалитет на амбиентниот воздух во Општина Охрид 58
4.1.3 Енергетска ефикасност 62
4.1.4 Влијание на квалитетот на воздухот врз здравјето на луѓето и животната средина 65
4.1.5 Проблеми во однос на загадувањето на воздухот во Општина Охрид 66
4.1.6 Препораки за решавање на проблемите во однос на загадување на воздухот 67
4.2 Тематска област: Управување со води 68
4.2.1 Состојби со водите во Општина Охрид 68
4.2.2 Квалитет на водите 75
4.2.3 Одведување на отпадни води 87
4.2.4 Квалитет на отпадните води 93
4.2.5 Проблеми во однос на управувањето со водите 93
4.2.6 Препораки за решавање на проблемите во однос на управување со водите 94
4.3 Тематска област: Искористување на земјиштето и урбан развој 95
4.3.1 Земјоделско стопанство 96
4.3.2 Шумарство 97
4.3.3 Просторно и урбанистичко планирање 100
4.3.4 Домување 104
4.3.5 Проблеми во однос на користење на земјиштето и урбан развој 105
4.3.6 Препораки за решавање на проблемите во однос на квалитетот и искористување на почвата 106
4.4 Тематска област: Управување со отпад 107
4.4.1 Видови отпад во Општина Охрид 110
4.4.2 Влијание врз животната средина и здравјето на луѓето 131
4.4.3 Проблеми во однос на управувањето со отпад 133
4.4.4 Препораки за решавање на проблемите во однос на управувањето со отпад 133

4.5 Тематска област: Управување со бучава 134
4.5.1 Извори на бучава 137
4.5.2 Проблеми во однос на бучавата 139
4.5.3 Препораки за решавање на идентификуваните проблеми во однос на бучавата 139
4.6 Тематска област – Управување со биолошка разновидност 140
4.6.1 Биолошка разновидност во Општина Охрид 140
4.6.2 Статус на светско природно и културно наследство 150
4.6.3 Извештај на УНЕСКО 2017- препораки и услови 154
4.6.4 Проблеми во однос на управување со биолошката разновидност 157
4.6.5 Препораки за решавање на проблемите во однос на управувањето со биолошката разновидност 159
4.7 Тематска област – Подигање на јавна свест и управување со животната средина 160
4.7.1 Информирање на јавноста 160
4.7.2 Вклучување на јавноста во заштита на животната средина 161
4.7.3 Управување со животната средина 165
4.7.4 Проблеми во однос на подигање на јавната свест и управување со животната средина 169
4.7.5 Препораки за решавање на проблемите 169
5 SWOT анализа на тематските области 171
6 УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА 179
6.1 Анкета на еколошките состојби во општината 179
6.1.1 Резултати од анализа на одговорите добиени по одделни прашања 180
7 АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛЕАП И ПЛАН ЗА НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН 191
8 ПРИЛОЗИ 230
9 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 248

КРАТЕНКИ

ГУП	Генерален урбанистички план
ГЕФ	Глобален еколошки фонд
ДЗС	Државен завод за статистика
ДУП	Детален урбанистички план
ДПСИР	Движечки сили, притисоци, состојба, импликации, реакции
ЕД	Еколошко друштво
ЕУ	Европска Унија
EIA/ОВЖС	Оценка на влијание врз животната средина
ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
ЈЗУ	Јавна здравствена установа
ЈНУ	Јавна научна установа
ЈП	Јавно претпријатие
ЈСП	Јавно сообраќајно претпријатие
ЛЕАП	Локален акционен план за животна средина
ЛУК	Локален управен комитет
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање
МДК	Максимална дозволена концентрација
НКД	Национална класификација на дејности
НВО	Невладина организација
НП	Национален парк
ОЕЕО	Отпадна електрична и електронска опрема
ППРСМ	Просторен план на Република Северна Македонија
РСМ	Република Северна Македонија
РЗЗЗ	Републички завод за здравствена заштита
СЗО	Светска здравствена организација
СРЦ	Спортско рекреативен центар
СУП	Стратегија за управување со отпад
УХМР	Управа за хидрометеоролошки работи

1 ВОВЕД

Единицата на локална самоуправа игра клучна улога во спроведување на голем дел од барањата, регулирани со националната законска рамка од областа на животната средина. Преку подготовката на Локален еколошки акционен план, општина Охрид ќе обезбеди стратешко планирање, врз основа на утврдување на специфичните состојби и потреби на општината, идентификација на приоритетите на општината и определување акции чие спроведување ќе овозможи воспоставување на интегриран одржлив развој на Општината.

Основни начела, врз кои е подготвен ЛЕАП документот, се:

- Транспарентност и вклучување на јавноста;
- Одржлив развој;
- Финансиски и кадровски можности.

Примарните цели на овој стратешки плански документот се:

- Спроведување на барањата за заштита на животната средина на локално ниво;
- Идентификација на потребите на административните структури и нивно зајакнување со цел ефикасно управување со животната средина на локално ниво;
- Интегрирање на политиката за заштита на животната средина во останатите секторски политики;
- Поттикнување на сите субјекти кон поголема одговорност за заштитата на животната средина, особено јавноста;
- Промовирање на еколошки одржлив пристап во сите сфери на делување на Општината;
- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на Европската унија во областа на животната средина, на локално ниво;
- Спроведување на барањата за заштита и управување со светското природно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион;
- Обезбедување финансиски средства за решавање на приоритетните еколошки проблеми итн.

Спроведувањето на ЛЕАП документот ќе резултира со:

- Информирана јавност за постојните проблеми од областа на животната средина во Општината;
- Подигната јавна свест за заштита на животната средина во сите сегменти;
- Унапредена животна средина;
- Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина;
- Зголемен број успешно реализирани проекти и иницијативи за решавање на проблемите од областа на животната средина;
- Воспоставена структура за соработка помеѓу секторите во Општина Охрид;

- Развиена соработка меѓу Општината и јавните претпријатија, научните установи, бизнис заедницата итн.

2 ПОСТАПКА/ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП

2.1 Методологија за изработка на ЛЕАП

Изработката на ЛЕАП документот за Општина Охрид се темели на Методологијата за подготовка на ЛЕАП, предложена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Подготовката на новиот стратешки документ, ЛЕАП 3 за Општина Охрид (2019 – 2025), беше доверена на Друштвото за еколошки консалтинг „Деконс - Ема" ДООЕЛ Скопје, а неговата изработка започна по донесување на Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на ЛЕАП за Општина Охрид на 16.01.2019 година од страна на Советот на Општина Охрид (ПРИЛОГ 1).

Целокупната постапка, која беше реализирана во периодот на подготовка на стратешкиот документ, беше составена од неколку сегменти:

- Формирање на организациска структура за изработка на ЛЕАП:
  - Локален координатор и заменик локален координатор (ПРИЛОГ 2);
  - Локален управен комитет (ЛУК) (ПРИЛОГ 3); и
  - Работни групи.

Членови на ЛУК и работни групи беа лица вработени во јавни установи и претпријатија, образовни установи, НВО, научни институции, еколошки друштва, вработени од локалната општинска администрација, центарот за управување со кризи итн.

Структурата на стратешкиот документ е организирана во следните тематски области:

- ✓ Квалитет на воздухот;
- ✓ Управување со води;
- ✓ Искористување на земјиштето и урбан развој;
- ✓ Управување со отпадот;
- ✓ Управување со бучава;
- ✓ Управување со биолошката разновидност, светско природно и културно наследство;
- ✓ Подигнување на јавната свест и правување со животна средина.

- Подготовка на план за вклучување на јавноста преку изработка на Анкетен прашалник (ПРИЛОГ 4) за идентификацијата на главните проблеми околу состојбата со животната средина, кои беа дистрибуирани во месните заедници, основните и средни училишта итн, а постоеше можност и за електронско пополнување на прашалникот. Исто така, беше подготвен информативен Постер со цел информирање на јавноста за подготовка на стратешки документ за Општината и истиот беше поставен на најфреквентни локации на општината;
- Анализа на релевантни национални и локални документи, податоци и информации наменети за Општина Охрид со цел претставување на генералните карактеристики на Општината;

- Идентификација на состојбата во однос на медиумите во животната средина: вода, воздух и почва со искористување на земјиште, урбан развој, управувањето со отпадот, бучавата и биолошката разновидност и природното и културно наследство преку користење на DPSIR методологијата (Driving force - Движечки сили, Pressure - Притисок врз животната средина, State of environment – состојба со животната средина, Impact – Влијание врз човековото здравје и природата, Response – Одговор од страна на надлежните институции);
- Дефинирање на клучните проблеми во сите тематски области и препорака на мерки и активности потребни за нивно решавање;
- Приоритизација на клучните проблеми врз основа на дефинирани критериуми од страна на членовите на ЛУК, со цел решавање на проблемите во согласност со нивниот приоритет за граѓаните на Општината
- Подготовка на План за спроведување на мерки и активности за решавање на најприоритетните проблеми од сите тематски области со одговорни институции и потребни финансиски средства за реализација на активностите;
- Изработка на План за набљудување и оценување врз спроведувањето на Акциониот план со идентификација на индикатори за следење, зачестеност и лице одговорно за набљудување и оценување; и
- Усвојување на Локалниот акционен план за животна средина од страна на Советот на Општина Охрид.

Одговорните лица од неколку сектори во Општина Охрид беа во постојана комуникација и координација со консултантите за време на подготовка на ЛЕАП документот, доставуваа потребни податоци и информации, даваа сугестии во однос на можностите за подобрување на управувањето со животна средина на локално ниво.

Во процесот на подготовка на ЛЕАП документот се одржаа два состанока со Локалниот управен комитет и два состанока со работни групи од сите тематски области.

Советот на Општината Охрид ќе го усвои новиот Локален акционен план за животна средина на Општина Охрид 3 (2019 – 2025), како стратешки плански документ за обезбедување одржлив развој на општината и ќе назначи Тело за набљудување и оценување на реализација на Акциониот план.

2.2 Анализа на реализација на активностите од ЛЕАП на Општина Охрид за период 2012 – 2018 година

Во рамки на подготовка на ЛЕАП документот тимот на консултанти, во соработка со одговорни лица во Општината, спроведе анализа на степенот на реализација на предложените мерки и акции во ЛЕАП за Општина Охрид 2012 – 2018 година.

Во акциониот план на претходната генерација ЛЕАП за Општина Охрид (2012 – 2018), беа предложени вкупно 58 мерки и активности со цел подобрување на состојбата со медиумите на животната средина. Одговорноста за реализација на активностите беше лоцирана во неколку институции: Општина Охрид, ЈУНП Галичица, Хидробиолошки

Завод Охрид, ЈП „Охридски Комуналец“, ЈП „Македонски Шуми“ - Подружница „Галичица“ - Охрид, Министерство за животна средина и просторно планирање, Влада на Р. С. Македонија и други.

Оценката на реализацијата беше направена во следниот опсег: реализација на активноста помала од 25%, реализација на активноста од 25% до 75 % и реализација на активноста поголема од 75%.

58-те предложени мерки биле распоредени по следните тематски области: а) вода во делот на квалитет на вода за водоснабдување, квалитет на отпадни води, одведување на отпадни води и заштита на водите од загадување-11 мерки; б) управување и зачувување на биолошката разновидност-8 мерки; в) управување со отпад-4 мерки; г) планирање на просторот и урбанизација, спречување на непланско градење, планирање на начин на управување со земјиштето-6 мерки; д) подобрување на квалитетот на воздухот-4 мерки; ѓ) намалување на бучава-3 мерки; е) подигнување на јавната свест-9 мерки; ж) развој на културниот туризам и промовирање на културното наследство-две мерки.

Од предвидените 58 мерки во акциониот план, 29 се со степен на реализација помеѓу 25% и 75 %, потоа следуваат 19 мерки со степен на реализација помала од 25 %, и 10 мерки чиј степен на реализација е поголем од 75%.

Мерки и активности од претходниот ЛЕАП документ, кои се со мал процент на реализација, се:

- Управување и зачувување на биолошката разновидност во општината,
- Зачувување на екосистемот на Охридското Езеро;
- Заштита на биолошката разновидност во Студенчишко Блато;
- Намалување на загадувањето на површинските, подземните води; и
- Намалување на загадувањето на површински води кои се влеваат во Охридското Езеро заради недостаток на канализациона инфраструктура.

На следниот графички приказ даден е степенот на реализација на мерките и активностите предвидени во акциониот план на ЛЕАП за Општина Охрид (2012 – 2018).



Графикон 1 Степен на реализација на активности предложени во ЛЕАП за Општина Охрид (2012 - 2018)

Од анализата на степенот на реализација на предложените мерки од претходниот ЛЕАП документ за Општина Охрид може да се констатира дека реализацијата изнесува 35 %.

Како причина за не спроведување на предвидените активности, одговорните лица ги наведуваат недоволните финансиски средства во Буџетот на Општината, затвореноста на институциите и недостатокот од комуникација помеѓу истите.

3 ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД

3.1 Географска положба

Општина Охрид се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, лоцирана на североисточниот брег на Охридското Езеро, со површина од 389,93 km^2. Сместена е помеѓу високите планини Јабланица и Мокра Планина од западната и Галичица од источната страна.

Општина Охрид се граничи со општините Дебарца на запад и север, Демир Хисар на североисток, Ресен кон исток, а на југ Општината се граничи со Р. Албанија.



Слика 1 Местоположба на Општина Охрид во Р. Северна Македонија

Општината зафаќа простор, претставен со рамничарски и ридско-планински релјеф. Рамничарскиот простор го сочинува Охридското поле, настанато како и самата котлина со тектонско спуштање по должина на раседите кои водат во подножјето на планината Галичица на надморска височина од 695 m до 700 m.

Охридското подрачје ја преживеало езерската фаза, а езерскиот басен во намален обем се задржал и до денес. Причина за намалување на нивото на водата во езерото е тонењето на гребенот кој процес се уште трае. Охридското Езеро е едно од

најдлабоките езера во светот, со просечна длабочина од 155 m и најголема измерена длабочина од 288 m.

3.2 Геолошки карактеристики

Геолошката градба на поширокото подрачје во Општината ја чинат доминантно алувијални творби, полувијални седименти, распространети во рамничарскиот дел. Алувијалните наноси по однос на инженерско - геолошките карактеристики, претставуваат претежно лабилни терени со ниски вредности на физичко - механичките својства.

Регионално, од геолошки аспект, подрачјето на Општина Охрид се наоѓа во Западно - македонската геотектонска зона, односно во рамките на Охридскиот неоген басен. На ова подрачје, во основата на неогените и квартерни седименти, лежат тријаски карпи, а на површината на теренот се констатирани езерски и барски седименти кои се таложени во квартерниот период и имаат најголемо распространување.

Охридско - дебарскиот гребен е најмаркантната морфоструктура на тонење во рамките на Западно - македонската зона. Создавањето на оваа грабенска структура е поврзано со крајот на долен и почетокот на среден плиоцен, односно периодот кога започнува експанзија на орогената фаза со манифестација на интензивни диференцирани вертикални движења. Како резултат на ваквите процеси во почетокот се реактивираат старите раседни структури. Подоцна по нивната должина доаѓа до тонење на просторот, односно до негово претворање во плиоценските езерски басени Охридски и Дебарски.

Плиоценските седименти во Охридскиот Басен се утврдени во јужниот дел (Љубаништа), како и во северозападниот дел.

Планината Галичица, со нејзиниот највисок врв – Вир (2.288 m н.м.), претставува доминантна релјефна појава (хорст) сместена помеѓу басенот на Охридското Езеро на запад и Преспанското Езеро на исток. Има издолжена форма со меридијански правец во должина од околу 50 km, додека нејзината најмала широчина (с. Трпејца – с. Лескоец) достигнува 10 km.

Во согласност со истражувањата на Геолошкиот Завод - Скопје може да се најдат следните геолошки формации:

- Комплекс на палеозојски метаморфни и магматски стени;
- Комплекс на мезозојски седиментни стени; и
- Комплекс на терциерни и квартерни седименти.

3.3 Сеизмолошки карактеристики

Охридскиот регион е сеизмички активно подрачје. Раседите се протегаат по должина на источниот брег на Охридското Езеро кон планината Галичица и источниот раб на Охридското поле, а на север се наоѓа Дримската сеизмогена зона. Сеизмичките

дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта, кои имаат влијание на овој простор, можат да предизвикаат земјотреси во Охридската Котлина со интензитет од 7 до 9 степени MCS.

Стандардните земјотреси, како и сулфатарата „Дувло“, поставена на тектонски активната североисточна - југозападна линија, која се наоѓа во Охридскиот басен, во близина на село Косел, ја оцртува тектонски нестабилната положба на регионот.

Охрид се наоѓа во Дримската сеизмогена зона, во која е можна појава на земјотреси во подрачјата на Корча, Охрид, Дебар и Пешкопеја. Сеизмолозите регистрирале повеќе епицентри во поблиската околина на Охрид, со јачина од 8 до 9 степени по MCS, кај Свети Еразмо, над село Долно Лескоец, кај месноста Билјанини извори, Љубаништа и кај Пештани. Делот од просторот на ридот, стариот град и делот од падината на планината Петрино, во однос на рамнинскиот дел во Охридското поле, за најмалку еден степен се поиздржливи на земјотреси, додека крајниот источен дел, поранешното мочуриште, е почувствителен во однос на останатиот рамнински дел.

Слика 2 Тектонска карта на Република Северна Македонија

3.4 Климатски карактеристики

Во Охридскиот Регион преовладува умерено - континентална клима, како последица на струењата кои продираат од Јадранско Море преку реката Црн Дрим и влијанието на Охридското Езеро кое се јавува како термички регулатор. Овие влијанија придонесуваат пред сè во формирање на специфичен термички и плувиометриски

режим, кој се карактеризира со мали амплитуди на промена на температурата на воздухот во текот на годината.

Високите планински масиви на планините Галичица, Караорман и Јабланица, кои го опкружуваат подрачјето на Охридската Котлина, овозможуваат одржување на постојаност на климатските струења и овозможуваат „блага" клима во регионот.

3.4.1 Температура

Средногодишната просечна температура на воздухот во Општината изнесува 11.4 C^0, со максимални средномесечни температури во јули и август од 21,2 C^0 и 34,4 C^0. Најниската средномесечна температура, е забележана во јануари - 17,2 C^0, е апсолутниот минимум.

Охридската Котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење, а просечното годишно сончево зрачење изнесува 2.233 часови или во просек 6 часа дневно. Максимумот на сончево зрачење се постигнува во јули месец со вкупно 308 сончеви часови или во просек 10 часа дневно, додека минимумот е во јануари и изнесува во просек 3 часа дневно.

Од вкупниот број денови во годината, 24 % се ведри, 27 % се тмурни, а 49% се облачни.

Релативната влажност на воздухот има спротивен од во однос на температурата на воздухот. Од јануари до јули опаѓа, а потоа се зголемува. Просечната годишна влажност на воздухот е 71 %, со максимум во декември и јануари (79 %), а минимум во јули и август (60%).

Испарувањето од слободната водна површина во Охридската Котлина е поголемо од количината врнежи. Просечно годишно испарува 836 l/m^2, а годишната сума на врнежи изнесува 708 l/m^2. Најголемо е испарувањето во август (137 l/m^2), потоа во јули (132 l/m^2), а најмало во јануари со 27 l/m^2.

Маглата е ретка појава во Охридската Котлина, а просечно годишно се јавуваат 5 дена во зимските месеци од годината. Просечниот број на мразни денови изнесува 61.



Извор: Управа за Хидрометеоролошки работи, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/ZivotnaSredina2017.pdf

Графикон 2 Средногодишни температури на воздухот во Општина Охрид

3.4.2 Врнежи

Просечните средногодишни врнежи изнесуваат 704 mm, додека пак просечните врнежи во околината на Езерото изнесуваат приближно 759 mm годишно. Количината на врнежи во Општината има два максимуми, примарен во ноември и секундарен во февруари. Меѓу ноември и февруари доаѓа до незначително намалување на врнежите. Минималните врнежи се во јули.

На следниот графички приказ дадени се средногодишните количини врнежи во Општина Охрид за период 2010 – 2016 година.



Извор: Управа за Хидрометеоролошки работи, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/ZivotnaSredina2017.pdf

Графикон 3 Средногодишни количини врнежи во Општина Охрид

3.4.3 Ветрови

Охридската котлина се одликува со посебен режим на ветрови, условено од езерото. Покрај ветровите што се јавуваат поради општите атмосферски промени, се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот над копното и езерската површина.

Во Општина Охрид преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 297 $‰_0$, просечна годишна брзина од 2,4 m/s, а максимална од 12,3 m/s. Северниот ветер дува преку целата година, најчесто во ноќните часови. Југозападниот и јужниот ветер се приближно со иста зачестеност 176 $‰_0$, со просечна годишна брзина од 2,9 m/s, а максимална од 18,9 m/s. Тие се јавуваат преку целата година но најзачестени се од април до јуни. Северозападниот ветер е со зачестеност 73 $‰_0$, со просечна годишна брзина од 1,8 m/s, а максимална од 15,5 m/s. Североисточниот ветер е со зачестеност 43$‰_0$ и брзина од 12,3 m/s, ветровите од југоисточен и источен правец се незначителни (4 до 5 %).

Охридската котлина е доста ветровита. Најветровити се месеците септември и октомври.



Слика 3 Ружа на ветрови во Охридскиот регион

3.5 Хидрографски карактеристики

Според хидрографската поделба на територијата на Р. С. Македонија, Општина Охрид припаѓа на Јадранскиот речен слив. Преку него се одводнуваат западните и југозападните делови на Р. С. Македонија односно површина од 3.350 km^2, а според големината претставува втор слив во нашата држава. На него му припаѓаат сливните површини на Охридското и Преспанското Езеро. Најзначајна река во овој слив е реката Црн Дрим.



Извор: Просторен план на Р. С. Македонија

Слика 4 Хидрографска мрежа на Р. С. Македонија (Извор: Просторен план на Р. С. Македонија)

Најважна карактеристика на овој регион е Охридското Езеро, кое се наоѓа во Охридско - струшката котлина, поточно на 41 степен северна географска широчина и меѓу 20 и 21 степен источна географска должина. Учеството на езерската површина во вкупниот слив изнесува 7,36 %.

Охридското Езеро се наоѓа на надморска височина од 693,17 m и претставува тектонска потонатина. Зафаќа површина од 358 km^2, од кои 2/3 или 238,79 km^2 и припаѓаат на Р. Северна Македонија, додека останатата 1/3 или 119,39 km^2 и припаѓаат на Р. Албанија. Езерото е со должина од 31 km, широчина 15 km, просечна длабочина од 155 m и максимална длабочина од 288 m. Се смета за едно од најпровидните езера во Европа (22 m), а според длабочината се наоѓа на седмо место.



Извор: Подготвителна студија за изработка на национален катастар на подземните води, Скопје 2016 година

Слика 5 Збирна хидрогеолошка карта на Р.С Македонија (издански зони, формирани во карпести маси со карстно - пукнатински тип на порозност - зоните се истакнати со зелена боја)

Сливното подрачје на Охридското Езеро опфаќа 40 притоки, 23 на албанска и 17 на македонска страна, меѓу кои доминираат суводолици кои течат само при обилни врнежи и при топење на снег. Главни површински водотеци во Охридското Езеро се реките Коселска, Велгошка, Черава, а од 1961 година и реката Сатеска.

Природниот слив на Охридското Езеро изнесувал 1.042,25 km^2, се до внесување на реката Сатеска во сливот на Охридското Езеро кога истиот се зголемува за 398,36 km^2.

Табела 1 Слив на Охридско езеро[1]

	Површина на слив km^2	Должина слив (km)	Должина на речна мрежа (km)	Притоки
Р. Коселска	193,3	29	73	р. Скребатска р. Вапилска р. Сирулска и р. Ливоишка
Р. Велгошка (Сушица)	33,8	8,5	20	Леви притоки: Летничкиот и Рамненски поток Десни притоки: поток Чардашница и Шопчиница
Р. Черава	68,6			Суводолици
Р. Сатеска	396,3	31,2	117	Десни притоки: Врбјанска, Годивска, Лактинска, Песочанска, Кочунска и Ботунска Река; Леви притоки: Слатинска Река со притоките Мраморечка, Голема, Злестовска со Лешанска Река и суводолиците Мешеишка и Требенишка Река.

Извор: Риболовна основа за риболовна вода “Охридско езеро” за период 2017 - 2022 година

Слика 6 Географска карта на сливно подрачје на Охридско езеро

[1] Риболовна основа за риболовна вода “Охридско езеро” за период 2011 - 2016 година http://arhiva.mzsv.gov.mk/files/ohridsko_ezero.pdf

Коселска Река извира под Плаќенска Планина и по должината на својот тек ги носи имињата на населените места покрај кои тече (р. Свињишка, р. Опеничка, р. Коселска и пред вливот во Охридското Езеро – р. Далјан).

Коселска река е поројна. Пороите од сливот и го насипуваат коритото со наноси, така што при голем водостој се случуваат излевања од коритото и поплави во атарите на селата каде реката поминува. Заштита на коритото се врши со комплексни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот.

Регулација на р. Далјан во градското подрачје, што претставува всушност и граница на урбаниот опфат, сè уште не е планирана. Регулацијата на поројот Рача е направена во 60-тите години на XX век и тоа во долниот тек и во главните корита - во двата крака, како и во активните притоки. Објектите, предвидени во главните корита и притоките, имаат за цел да ја намалат поројноста и да го заштитат регионалниот пат и обработливото земјиште од пороен нанос.

Просечен годишен проток измерен на мерното место во с. Косел изнесува 1,32 m^3/sec, а просечниот проток во летниот период кога има низок водостој е околу 0,5 m^3/sec. Квалитетот на водата на реката до с. Косел е од прва категорија, а од селото до вливот во Охридското Езеро истата е променлива.

Поголеми зафати на вода од р. Коселска се вршат на следните места:

- Брана во с. Косел каде што во летниот период кога се врши наводнување се одвојува околу 60% од вкупното количество на вода;
- Зафат за наводнување на јаболковите овоштарници кои се наоѓаат кај Алтанин Мост, а која ја зафаќа скоро целата преостаната вода така што реката во езерото се влева со околу 5 l/sec, а во посушните години истата пресушува за време на наводнувањето.

Река Велгошка, позната како Сушица или Летничка ја сочинуваат водите од Летничкиот и од Рамненскиот поток, а ги прифаќа и водите од потоците Чардашница и Шопчиница. Во сливот, на долниот тек таа е реципиент на отпадните води од охридската индустриска зона. Заради карактерот на реката - суводолица и искористувањето на нејзината вода во средниот тек за наводнување, водотекот во долниот тек во сушниот период воглавно е отпадна вода.

Река Черава извира во Р. Албанија, а во Р. С. Македонија влегува западно од село Љубаништа и се влева во Охридското Езеро. Должината на реката во Р. С. Македонија изнесува 2 km. Заради ерозивноста на земјиштето низ кое тече реката во Р. Албанија и заради собирање на отпадни води од селата во Р. Албанија водата во р. Черава според квалитет во просек е од трета и четврта категорија.

Река Сатеска извира од Петрчанските извори источно од с. Врбјани и тече на југ низ Горна Дебрца. Поминува покрај с. Арбиново, низ с. Издеглавје покрај с. Ново Село,

низ с. Ботун, покрај с. Климештани и с. Мешеишта. На север од с. Волино е поставена регулациона брана која ги дели водите на реката на два дела. Едниот дел тече по старото корито кое се влева во реката Црни Дрим (во Општина Струга), а другиот дел преку каналот на р. Сатеска се влева во Охридското Езеро. Должината на каналот изнесува околу 6 km. Просечен годишен проток на вода на мерното место во с. Ботун изнесува 6.11 m^3/sec, а просечен проток во летниот период кога е низок водостојот изнесува 0.9 m^3/sec.



Слика 7 Батиметриска карта[2] на Охридско езеро

Квалитетот на водата од река Сатеска до вливот на матицата која ги носи водите од Сини Вирој и Голема река е од I категорија. По вливањето на Голема река квалитетот и бистрината на водата опаѓа и е променлива се до с. Мешеишта.

Песочанска Река е западната притока на реката Сатеска на неа изградена е Хидроцентрала со брана за собирање на вода во местото Радомирово.

Охридското Езеро се полни претежно со изворска вода - површински и сублакустрични извори. Најголем број површински извори се наоѓаат по должината на јужниот брег, околу манастирот Св. Наум, во околината на Тушемиште и Старова и градот Поградец на албанска страна. Доста застапен е карстен тип на издан, во тријаските варовници на Галичица, Јабланица, која се дренира преку бројни извори, од кои најзначајни се изворите кај Св. Наум (Q = 5 - 10 m^3/sec), Билјанини извори (Q = 0,05 - 0,3 m^3/sec), Бej Бунар (Q = 40 - 100 l/sec).

[2] Извор: Риболовна основа за риболовна вода "Охридско езеро" за период 2017 - 2023 година

Резерви на подземни води

Од аспект на планирање и развој, многу е значајна состојбата со резервите на подземни води и нивното искористување. Поради отсуство на организирано систематско и континуирано истражување, следење и ажурирање на податоците на ниво на Р.С. Македонија, резервите на подземните води се прикажани само како проценети експлоатациони резерви.

Табела 2 Проценети резерви на подземни води по Водостопанско подрачје

Извор: Подготвителна студија за изработка на национален катастар на подземните води, Скопје 2016

Водостопанско подрачје	**Тип на издан**	**Наоѓалиште на подземна вода**	**Проценети резерви на подземна вода**	
			Статички ($x10^6$ m^3)	Експлоатациони (m^3/sec)
Охридско - струшко	Збиен	Охрид.-Струшка котлина (квартар)	161	0,5
		Охрид.-Струшка котлина (плиоцен)	72	
	Карст - пукнатина	Галичица		5,0
		Јабланица		
		Илинска планина		
			Вкупно	5,5

Во приобалниот рамнински дел на Охридското поле, како и меѓу Љубаништа и Св. Наум, се јавуваат високи подземни води сé уште недоволно испитани и утврдени. Во овој простор досега се регистрирани околу 20 извори од кои 5 се со издашност од 1-2 l/sec, 2 со издашност под 1 l/sec. Карстните врела кај Охрид, Свети Наум и Велгошти достигнуваат издашност и до 20 l/sec.

Крајбрежниот езерски појас е изложен на штетното дејствување на поројните води или засипување од поројните наноси кои се јавуваат како последица на ерозија. Овие појави се манифестираат поради геолошката подлога, топографските услови, изразени преку стрмните наклони на падините како и отсутност на добар вегетациски покрив, тревната или шумска површина. На потегот Охрид - Горица - Пештани под падините на планината Галичица регистрирани се 5 порои со површина од 22,6 km^2, кои немаат постојан проток, а повремено носат наноси од покрупен материјал како резултат на дробење на неотпорната подлога.

Сите реки во охридскиот слив минуваат низ населени места и многу често се загадени со комунални отпадни води и цврст отпад. Најзагрижувачка е состојбата со река Коселска, во чија близина се наоѓа депонијата „Буково“. Во неа се влеваат индустриски води од правните субјекти во индустриската зона и комунални отпадни води. Ито така проблем претставува и направениот бај пас на колекторскиот систем, бидејќи во периоди на поинтензивни атмосферски врнежи доаѓа до мешање на атмосферската и комуналните отпадни води и уште поголемо оптоварување на реката Коселска.

3.6 Демографски карактеристики

Вкупниот број на жители во Општина Охрид изнесува 55.749, со 16.012 домаќинства[3]. Просечниот број на членови во домаќинствата изнесува 3,48. Половата структура на населението е следна:

- машки пол 27.598 жители и
- женски пол 28.151 жител.

Во следниот табеларен преглед е дадена поделбата на населението во општината, според петгодишни групи на старосна возраст.

Табела 3 Поделбата на населението, според петгодишни групи на старосна возраст

Извор: ДЗС

Петгодишна група/год.	Број на жители (Попис 2002)	Број на жители (ДЗС: 2017)
0-4	2.825	2.677
5-9	3.428	2.643
10-14	3.947	2.704
15-19	4.394	2.697
20-24	4.501	3.215
25-29	4.067	3.597
30-34	3.917	4.099
35-39	3.906	4.020
40-44	4.433	3.614
45-49	4.313	3.483
50-54	4.073	3.466
55-59	2.870	3.784
60-64	2.647	3.449
65-69	2.480	3.091
70-74	1.836	2.044
75-79	1.280	1.575
80+	832	1.418
ВКУПНО	**55.749**	**51.576**

Според изјаснувањето за национална припадност поделбата на населението е дадена во следниот табеларен преглед.

Табела 4 Поделба на населението, според национална припадност

Извор: ДЗС

Националност	Број	%
Македонци	47.344	84,93
Албанци	2.962	5,31
Турци	2.268	4,06
Срби	366	0,66
Власи	323	0,58

[3] Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението од 2002 година

Роми	69	0,12
Бошњаци	29	0,05
Останати	2.388	4,29
ВКУПНО	**55.749**	**100**

Според степенот на образование поделбата на населението е дадена во следниот табеларен преглед.

Табела 5 Поделба на населението на возраст >15 години, според степен на образование

Извор: ДЗС

Вкупно	**45.549**
Без основно образование	1.433
Некомплетно основно образование	3.617
Сѐ уште во процес на комплетирање на основното образование	38
Основно образование	13.681
Средно образование	20.288
Виша школа	2.329
Висока школа, факултет, академија	4.037
Магистратура	80
Докторат	46

Вкупното население на возраст од 15 години и повеќе, според економската активност, е следна:

Табела 6 Поделба на населението на возраст >15 години, според економската активност

Извор: ДЗС

Вкупно	**45.201**
Економски активни	24.221
Вработени	15.761
Невработени	8.460
Економски неактивни	20.980

Табела 7 Природно движење во Општина Охрид во 2017 година

Извор: Здравствена карта на Р. С. Македонија – дел 1

Охрид	**Бр. на живородени**	**Бр. на починати**	**Природен прираст**
Охрид	510	712	-202
Стапка на 1000 жители	9,2	12,8	-3,6

Врз основа на податоците во Публикацијата на ДЗС во 2014 година „Проценi на населението на 30.06.2013 и на 31.12.2013 година според пол и возраст, по општини и по статистички региони (НТЕС 3-2007 година)“[4] во Општина Охрид во 2015 година има вкупно 51.855 жители.

[4] http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=11

3.7 Административни карактеристики

Општина Охрид, како единица на локална самоуправа, ја сочинуваат 28 населени места, односно градот Охрид и селата: Вапила, Велгошти, Велестово, Горно Лакочерej, Долно Коњско, Долно Лакочерej, Елшани, Завој, Коњско, Косел, Куратица, Лагадин, Лескоец, Ливоишта, Љубаништа, Опеница, Орман, Пештани, Плаќе, Подмоље, Рамне, Расино, Речица, Свињишта, Сирула, Скребатно, Трпејца и Шипокно. Населените места се организирани во 18 урбани и 26 месни заедници заедници, дадени во следниот табеларен преглед.

Табела 8 Урбани и месни заедници на територија на Општина Охрид

Урбани заедници	Месни заедници
Стар Град	Љубаништа
Центар	Трпејца
Кошишта	Пештани
Воска	Елшани со Елешец
Лескајца	Д. Коњско со Коњско
Даме Груев	Лагадин
7-ми Ноември	Свети Стефан
Билјанини извори	Велестово
8-ми Септември	Рамне
Горна влашка маала	Велгошти
Видобишта	Лескоец
Гоце Делчев	Горно Лакочерej
Железничка	Долно Лакочерej
Радојца Новичиќ	Орман
15 Корпус	Подмоље
Рача	Косел
Студенчишта	Вапила
Чекоштина	Опеница
	Завој
	Свињишта
	Куртица
	Ливоишта
	Расино
	Плаќе
	Речица
	Сирула

Извор: Општина Охрид

Слика 8 Карта на Општина Охрид со нејзини територијални граници

Административен центар на Општината е градот Охрид. Урбаната зона на Охрид е составена од Стариот Град, кој е лоциран во средината на урбаната зона, а кој го сочинуваат Варош, Месокастро и рибарската населба Канео.

Во „Стариот Град“ се лоцирани најголем дел од културно - историските локалитети на градот (музеите), објекти кои ја отсликуваат старата архитектура, НУ Завод и Музеи, Дебарско - кичевската митрополија, старата чаршија, двата градски плоштада и

Градското пристаниште. Централниот градскиот плоштад се карактеризира со споменик подигнат во чест на заштитникот на Охрид, Св. Климент Охридски, додека другиот плоштад „Кај Чинарот“ го карактеризира Чинарот, дрво старо повеќе од 1.000 години.

Останатите делови од урбаната целина на Охрид, во најголем дел се новоизградени населби, а позначајни објекти и локалитети во поширокатa урбана зона се: Спортскиот центар „Билјанини Извори“, Хидробиолошкиот завод која е најстара научна институција од ваков вид на Балканот, самите Билјанини Извори кои се во непосредна близина на заводот, каналот Студенчишта, трговски центри, банки, бутици и други содржини. Во урбаното подрачје од Охрид се изградени и бројни станбени комплекси, помали хотели, мотели и приватни пансиони.

Биљанините Извори се најпознат симбол на Охрид, создаден од природата, кои го хранат Охридското Езеро со свежа вода, која ја добиваат од Преспанското Езеро. Се наоѓаат во подножјето на планината Галичица под селото Рача, а водата од Преспанското Езеро поминува под планината Галичица, поврзувајќи ја на тој начин со Охридското Езеро. Во непосредна близина на изворите се наоѓа Хидробиолошкиот завод, научна институција која се занимава со ендемскиот жив свет на Охридското Езеро, како со негово проучување, така и со негова заштита. Од аспект на заштита на познатата ендемска риба, охридската пастрмка, Хидробиолошкиот завод врши нејзино вештачко мрестење и репродукција.

3.8 Социо - економски карактеристики

3.8.1 Стопански развој

Во Општина Охрид се наоѓаат многубројни стопански објекти (угостителски, производни, трговски и др.), кои даваат голем придонес за нејзиниот стопанско - економскиот развој.

Од аспект на активни деловни субјекти, според нивната големина, согласно најновите податоци од Државниот завод за статистика на РСМ од 2018 година на територијата на Општина Охрид се регистрирани вкупно 2622 деловни субјекти од кои: 1840 се микро, 750 припаѓаат на категоријата мали претпријатија, 23 се средни, а 9 се големи претпријатија.

Доколку вкупните активни деловни субјекти (2.622) се класифицираат согласно дејностите на Националната класификација на дејности (НКД Рев.2), истите може да се класифицираат како во следната табела.

Табела 9 Активни деловни субјекти по сектори на дејности во 2018 година во Општина Охрид

Деловни субјекти според сектор на дејност	Регистриран бр. на активни субјекти
Земјоделство, шумарство и рибарство	23
Рударство и вадење на камен	1
Преработувачка индустрија	296

Деловни субјекти според сектор на дејност	Регистриран бр. на активни субјекти
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	3
Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	2
Градежништво	166
Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли	862
Транспорт и складирање	161
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	279
Информации и комуникации	52
Финансиски дејности и дејности на осигурување	19
Дејности во врска со недвижен имот	32
Стручни, научни и технички дејности	256
Административни и помошни услужни дејности	76
Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување	5
Образование	47
Дејности на здравствена и социјална заштита	121
Уметност, забава и рекреација	49
Други услужни дејности	172
Вкупно регистриран број на деловни субјекти	**2622**

Извор: Државен завод за статистика, 2018 година

Од табелата може да се констатира дека на територијата на Општина Охрид во 2018 год., најзастапени стопански деловни субјекти се оние кои припаѓаат во трговија на големо, поправка на моторни возила и мотоцикли, потоа субјектите под категоријата - објекти за сместување и сервисни дејности со храна, стручни, научни и технички дејности итн.

3.8.2 Индустриски капацитети

На територијата на Општина Охрид, евидентирани се повеќе индустриски објекти/капацитети, чие работење е регулирано во согласност Законот за животна средина.

Индустриски капацитети во општината за кои е издадена Б- Интегрирана еколошка дозвола во согласност со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план се:

- Бетонска база „Лавче“ с. Косел;
- ЛТХ „Леарница“ Охрид;
- Бетонска база „Гранит“ с. Косел,

- Експлоатација на минерална суровина - варовник - ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ на локалитет Рашанец;
- Живинарска фарма „Вапилица“ С. Вапила;
- Живинарска фарма „Лита“ с. Горно Лакочерej.

Сите други производствени објекти, се мали загадувачи и за нив се подготвуваат елаборати за заштита на животната средина, кои ги одобрува Градоначалникот на Општината.

3.8.3 Здравство

Здравствената заштита на подрачјето на Општина Охрид се реализира преку работата на јавни здравствени организации: ЈЗУ „Здравствен дом“, Општа болница, Завод за здравствена заштита, Специјална болница за ортопедија и трауматологија ЈЗО „Св. Еразмо“, Специјална детска болница, ЈЗО „Св. Стефан“ - Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања итн. Во следниот табеларен преглед даден е преглед на број на здравствени установи во општината и број на здравствени работници.

Табела 10 Здравствени установи и број на здравствени работници во О. Охрид

Извор: Здравствена карта на Р. С. Македонија (2017 година)

Дејност	Здравствени работници			Места пунктови
	Виша СС	ССС	НСС	
Здравствен регион Охрид	6	99	0	81
Општа медицина	1	45		19
Медицина на трудот		4		1
Здравствена заштита на деца од 0 – 6 години	1	11		6
Здравствена заштита на училишни деца и младина		4		1
Здравствена заштита на жени		5		5
Поливалентна патронажа	4	6		
Стоматолошка дејност		8		39
Аптекарска дејност		16		10

3.8.4 Спорт и рекреација

Општина Охрид, преку својата организациона поставеност, во областа на спортот придонесува за зголемен опфат на младите во спортот. Општината се грижи за позитивно насочување на своите граѓани, а особено за младите преку организација на натпревари, турнири и други спортски манифестации како „ОХРИД ТРЧАТ“, меѓународниот пливачки маратон на отворени води „Охридски маратон“ итн..

Со одлука на Советот на град Охрид на 28 февруари 2008 година формирано е јавното претпријатие „Билјанини Извори“ чија дејност е стопанисување со Спортско рекреативниот центар и јавниот паркинг простор. Спортско рекреативниот центар овозможува услови за спортско професионално и рекреативно спортување, како и можности за организирање на културни, музички и други алтернативни настани.

Исто така со цел правилен развој и поттикнување на спортот кај младите општинските основни и средни училишта се обезбедени со спортски сали.

3.8.5 Образование

- Градинки

Централната детска градинка ЈОУГД „Јасна Ристеска“ со четири објекти низ територијата на општината: „Развигорче“, „Билјана“, „Росица“ и „Лихнида“. Вкупниот број деца во детските градинки во Општината, во 2017 година изнесувал 703.

- Основни училишта

ОМУ „Методи Патче“, ОУ „Братство- единство“, ОУ „Ванчо Николески“, ОУ „Григор Прличев“, ОУ „ Живко Чинго“, ОУ „Кочо Рацин“, ОУ „Св. Климент Охридски“, ОУ „Св. Наум Охридски“ и ОУ „Христо Узунов“. Вкупниот број ученици во основните училишта во Општината за учебната 2018/2019 изнесувал 4.672.

- Средно образование

ОСО „Св. Климент Охридски“, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, ОУТУ „Ванчо Питошески“ и СОСУ „ Св. Кирил и Методиј“. Бројот на ученици во основните училишта во Општината за учебната 2018/2019 изнесувал 1.982.

- Високо образование

Факултетот за туризам и организациони науки и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“.

- Научни и високообразовни институции

Хидробиолошки институт

3.8.6 Сообраќајна поврзаност

- Патен сообраќај

Низ територијата на Општина Охрид поминуваат следните национални патишта:

- А2 – Граница со Р. Бугарија (ГП Деве Баир) – Крива Паланка – Страцин – Романовце (Куманово) – Миладиновци – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – Граница со р. Албанија (ГП Ќафасан);

- А3 – Раскрсница Требениште (спојка со А2) – раскрсница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево – Р. Бугарија (ГП Рамна Нива).

Регионални патишта низ територија на Општина Охрид:

- Регионален пат R 1301: Охрид (спојка со А3) – Свети Наум – граница со Р. Албанија;
- Регионален пат R 1208: Охрид (спојка со R1301) – Подмоље – (спојка со А3) – Струга – Радожда;

Извор: Јавно претпријатие за државни патишта

Слика 9 Постоечки државни и регионални патишта во Општина Охрид

Со Јавниот паркинг - простор стопанисува ЈП „Билјанини извори“. Во моментов постојат следните паркинзи:

- Паркинг - простор кој се наоѓа до цвеќара „Мартина“;
- Паркинг - простор „Ривиера“;
- Паркинг - простор „АСНОМ“ и
- Паркинг - простор „Горна порта“.

Јавното претпријатие кои стопанисува со паркинг просторот нема изготвено мапи на паркиралиштата со што постои проблем за нивно лоцирање од страна на граѓаните, планирање на планерите при подготовка на планска документација и проблем за анализи и идно планирање на просторот.

Слика 10 Паркиралишта во Општина Охрид

Општина Охрид се соочува со недоволен број паркинг места, а една од причините е не предвидување на паркинг просторот во планските документи околу секој објект.

Извор: Национална транспортна стратегија (2018 – 2030)

Слика 11 Патна мрежа во Р. С. Македонија

Булевари:

Булевари во општината се бул. „Македонски Просветители“ во вкупна должина од 870 m и бул. „АСНОМ“ со вкупна должина од 1320 m.

На територија на Општина Охрид се наоѓаат 16 собирни улици со вкупна должина од 30,2 km.

Сервисно – станбени улици:

Во Општина Охрид има вкупно 29 во должина од 144 km. Дел од сервисно – станбените улици се: Гоце Делчев, Илинденска, Абас Емин, Кеј Македонија, Партизанска, Димитар Влахов, Трајче Трајчески, Бистрица, улична мрежа во населба Бејбунар, Сирма Војвода, Улична мрежа во с. Коњско и Елшани, улична мрежа во с. Пештани, Трпејца и Љубаништа, улична мрежа во с. Лескоец, с. Косел, Вапила и Ливоишта, улична мрежа во с. Орман, с. Горно Лакочерej, с. Долно Лакочерej итн.

Извор: Општина Охрид

Слика 12 Шематски приказ на сообраќајната мрежа во Охрид

- Железничка мрежа

Во проектна фаза е изградбата на железничката пруга Кичево – Лин, која претставува дел од Европскиот коридор VIII. За изградба на оваа железница во делот на трасата во Охридскиот регион од страна на УНЕСКО побарани се посебни мерки за заштита на природното и културно наследство.

- Воздушен сообраќај

Аеродромот „Свети Апостол Павле“ се наоѓа на 9 km од градот Охрид, на магистралниот пат М4 Струга – Кичево - Скопје. Должината на полетно - слетната патека е 2.550 m, а широчината 45 m. Капацитетот на аеродромот е 300 патници/час. Вкупниот аеродромски комплекс е со површина од 640.850 m^2, од кои 155.000 m^2 за полетно - слетната патека, спојниците, пристанишната платформа и сервисните патеки.

Техничката опременост на аеродромот ги задоволува меѓународните стандарди за опслужување на воздухоплови и патници. Во согласност со Националната транспортна стратегија се планира проширување на капацитетите и осовременување на Охридскиот аеродром.



Извор: ДЗС

Графикон 4 Број на превезени патници – Аеродром Св. Апостол Павле (2010 - 2017 год.)

- Воден сообраќај

Општина Охрид со соседната Општина Струга, се поврзува и преку водениот сообраќај. Маршрутите се Охрид - Струга и Охрид - Радожда.

На охридското крајбрежје има две пристаништа односно градското пристаниште и пристаништето во Св. Наум. Вкупниот број на пловни објекти се: 75 пловни објекти регистрирани за вршење стопанска дејност, а 901 за спорт и рекреација.

Капетанијата на пристаништата Охрид е надлежна за водење на регистар на пловни објекти за сите природни и вештачки езера на територијата на Р. С. Македонија. Врз основа на ваквата состојба податоците[5] за бројот на пловни објекти, дадени подолу, се врз основа на согледувања и проценка од Капетанијата за пловидба и престој на пловните објекти само на Охридско Езеро.

Во Охридското Езеро сообраќајат 4 големи пловни објекти - бродови, а во тек на подготовка за пловидба се уште три пловни објекти – брод.

Според податоците од Капетанијата на Останатите пловни објекти се:

[5] Извор: Извештај на Капетанија на пристаништата – Охрид, 23.05.2019 година.

- Пловен објект понтон – 40;
- Пловен објект Џет- скај (Jet-sky) – 60;
- Пловен објект gliser – 360;
- Пловен објект чамец тип пасара – 200;
- Пловен објект чамец тип пасара со кабина – 26;
- Пловен објект гумен чамци – 33;
- Пловен објект едрилица 44.

- Јавен превоз

Во Општина Охрид има една автобуска станица каде што се одвива локален, меѓу општински и меѓународен превоз на патници.

На територија на општината има 72 автобуски постојки регулирани со Одлука на Совет на општина Охрид. Јавниот превоз го вршат го вршат приватни превозници. Функционални се две линии за градски автобуски превоз, кои го поврзуваат централното градско подрачје со периферните делови од градот и дополнителен сезонски линиски превоз кој функционира во периодот на туристичката сезона. Општината објавува оглас за издавање на дозволи за вршење на автобуски превоз на кој најповолниот понудувач добива дозвола за користење на автобуските постојки во сопственост на општината.

Слика 13 Постојки за линиски општински превоз

Во однос на такси превозот, во општината се регистрирани околу 40 такси компании и околу 200 возила кои поседуваат изводи од лиценци за вршење автотакси превоз на патници.

- Велосипедски патеки

Општина Охрид со цел подигање на јавната свест за заштита на воздухот од загадување и истовремено поголемо користење на јавниот превоз и други алтернативни видови превоз во последните години работи на изградба на велосипедски патеки. Должината на велосипедски патеки во Општина Охрид изнесува 6,5 km.

Слика 14 Велосипедска патека во центарот на Охрид

Во план на општината е зголемување на должината на велосипедските патеки и поставување на нови како: велосипедска патека од Охрид до Струга, велосипедска патека на ул. Јане Сандански и АСНОМ итн.

Постоечките велосипедските патеки се обележани а низ центарот на градот поставени се повеќе платформи за оставање на велосипедите на различни локации, а особено пред институции.

3.8.7 Урбано зеленило

Градското - урбано зеленило на општината опфаќа паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Неговата вкупна површина изнесува 80.226 m^2.

Градското зеленило се одржува на површина од 56.325 m^2 која е во центарот на градот, на површина од 3.500 m^2 кај пешачка патека пред нас. Рача и на површина од 3.000 m^2 кај каналот на Билјанини извори. Површините редовно се одржуваат со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите.

Табела 11 Површини на градско урбано зеленило

Градско урбано зеленило	Површина (m^2)
Паркови	49.965 m^2
Скверови	6.360 m^2
Зеленило по должина на сообраќајници	13.340 m^2
Зеленило кај пешачка патека канал Билјанини Извори	3.000 m^2
Зеленило во жардиниери на рекреативна патека од канал на Билјанини извори до канал кај ресторан „Парк“	112 m^2
Кружни текови	1.109 m^2
Парк кај н. Рача	3.500 m^2
Парк шуми вонградско зеленило	340.000 m^2
Жардиниери бул. „Туристичка“	3.500
Жардиниери ул. „Железничка“	4.000

Извор: Општина Охрид

Слика 15 Зелени површини на територија на Општина Охрид

Вонградското зеленило го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 m^2 која исто така редовно се одржува.

Дрворедите по должина на сообраќајниците се одржуваат со навремено преку нивно окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење.

Табела 12 Дрвореди во Општина Охрид

Дрвореди	Број
Бул. „Туристичка“	968
Ул. „Јане Сандански“	90
Ул. „Партизанска“	80
Ул. „Димитар Влахов“	80
Ул. „Македонски Просветители“	80
Кеј „Македонија“	146
Канал Билјанини Извори	32
Ул. „Марко Цепенков“	30
Ул. „АСНОМ“	30
Пешачка патека Билјанини Извори	28

3.9 Културно историско наследство

Природното и културното наследство на Охридскиот регион е впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО во согласност со критериумите содржани во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура.

Охридскиот регион претставува и дел од Прекугранични от биосферен резерват на охридско – преспанскиот регион со едногласна одлука на Комитетот на УНЕСКО во јуни 2014 година.

Во 2012 започна пилот проектот "Природно и културно наследство во Охридскиот регион" во рамките на таканаречениот "Upstream" процес, со цел проширување на границите на светското наследство во Р. Албанија, со цел зајакнување на интегритетот и зачувување на природните вредности.

Природното и културното наследство на Охридскиот регион ги вклучува историскиот центар на градот Охрид, градот Струга, рибарските населби на брегот на Охридското Езеро, ранохристијанските духовни центри и манастири, како и над 250 археолошки локалитети кои опфаќаат период од над 5000 години.

Старото градско јадро на Охрид претставува комплексна споменичка целина чие формирање, според потврдени артефакти и зачуваните објекти, опстојува без прекин од праисториските времиња, преку античкиот и доцно - античкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период па се до денес (периодот од IV век пред н.е. до денес). Градот, формиран во карактеристични природно - географски, историски, етно - социјални и естетски услови на живеење и стопанисување, во изминатиот период, се издигал и развивал во една карактеристична хармонија, без тенденција за узурпација на просторот. На следната слика прикажани се локалитети со културни вредности во Охридскиот регион.

Градот Охрид како комплексна споменична целина, има огромно значење поради многубројните археолошки локалитети што ги содржи, како и низата поединечни објекти кои имаат карактеристики на културно наследство од исклучително значење.

Урбаното јадро на Охрид вклучува градби и други структури кои датираат од предисторијата, антиката и доцната антика, ранохристијанскиот период, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, се до денес.



Извор: Нацрт извештај на СОЖС на Планот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот Регион

Слика 16 Локалитети со културни вредности во Охридскиот регион

Според податоците НУ „Завод и Музеи“, во Охрид има вкупно 246 културни добра.

Табела 13 Културни добра во Општина Охрид кои се под заштита (Извор: НУ „Завод и Музеи“ Охрид)

Ред.бр.	Вид на културно добро	Број
1.	Споменички целини	4
2.	Поединечни споменици	
2.1.	Христијански сакрални градби	38
2.2.	Споменици од историјата	26
2.3.	Старогрдска архитектура	51
2.4.	Исламска архитектура	10
2.5.	Археолошки локалитети	
2.5.1	Археолошки локалитети регистрирани со решение	18
2.5.2	Евидентирани археолошки локалитети без акт на заштита	99
Вкупно		246

Под највисока категорија „културно наследство од особено значење“ подкатегорија „исклучително значење“, регистрирани се четири споменички целини:

- Охридското природно и културно - историско подрачје (заштитено од УНЕСКО);
- Стариот дел на градот Охрид;
- Музејскиот комплекс „Робевци“ во Охрид (Куќа на Робевци / Музеј на град Охрид - старо име на доброто);
- Споменичка целина „Зејнел Абедин Паша” (Куќа на Кадри Шех и Теќе Зејнел Абедин Паша - старо име на доброто).

Во ПРИЛОГ 5 се дадени табеларни прегледи во кој се излистани културните добра под заштита: христијански сакрални градби, старограднска архитектура, исламска архитектура, како и археолошки локалитети регистрирани со решение од општината и археолошки локалитети без акт на заштита.

На следната слика дадена е Карта на категоризација на заштитеното јадро и поединечни објекти, според загрозеност.



Извор: Студија за интегрирана заштита на Старото градско јадро (предлог план)

Слика 17 Категоризација на заштитеното јадро и поединечни објекти, според загрозеност

Согласно „Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење" (Сл. Весник на РМ. бр. 47/11), како и измените и дополнувањата на законот (Сл. Весник на РМ. бр. 154/15), во Старото градско јадро на Охрид не е дозволено:

- да се менуваат постојната урбана структура и густина на населеноста, границите на урбаните блокови и парцели како дел од органскиот урбанизам, уличната мрежа, премините кон Езерото и сите отворени и зелени површини;
- да се менуваат висината и фасадниот изглед на заштитените добра и на амбиенталните објекти;
- да се менува габаритот на поединечно заштитените добра;

- да се градат нови објекти кои како висина имаат галерија или потпокрив, без или со бањи, или се покриени со рамна тераса;
- котата на приземјето да биде помала од 20 cm, ниту поголема од 90 cm над нивото на пристапната улица, односно од определената точка „А", доколку објектот излегува на најмалку две улици;
- чистата висина на приземјето да биде помала од 2,40 m ниту поголема од 2,80 m, со исклучок на урбаните комплекси „14 Чаршија, „16 Чинар", и „19 Кеј“ каде чистата висина на приземјето не смее да биде помала од 3.20 м ниту поголема од 4.00 m и во урбаниот комплекс „18 Воска“ каде чистата висина на приземјето не смее да биде помала од 2,80 m ниту поголема од 4 m;
- чистата висина на катовите да биде поголема од 2,90 m, со исклучок на урбаните комплекси „16 Чинар“,„18 Воска“ и „19 Кеј“; каде чистата висина на катовите не смее да биде поголема од 3 m;
- да се вршат градежни или други работи без да се извршат археолошки истражувања на земјиштето;
- да се градат гаражи како посебни објекти на градежната парцела;
- да се зголемува габаритот и висината на помошните објекти;
- да се воведат нови намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;
- да се паркира до заштитените добра и да се формираат паркинг места до нив;
- да се менува обработката на пешачките патеки и на сообраќајниците од камени плочи и гранитни коцки;
- да се употребуваат павер - елементи (бекатон) за обработка на пешачки површини;
- да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и слично;
- да се оштетува Старото градско јадро на Охрид, особено со несоодветно користење.

Културното наследство е значаен промотор на одржливиот развој и културниот туризам, почнувајќи од заштита на животната средина, обновување и развој на руралните средини, се до културата на просторот и просторниот развој. Од оваа причина активностите на НУ Завод и Музеј и Локалната самоуправа на Општина Охрид се насочени кон Интегрирана заштита на Старото градско јадро.

3.10 Туризам

Туризмот е динамична индустриска гранка и неговиот развој неопходно е да се планира така што капацитетите на Охридскиот регион и неговата инфраструктура не треба да бидат надминати.

Развојот на туризмот, како особено важна дејност за Охрид, се темели на активности, мерки и политики за најдобро искористување на природните и културно - историски

потенцијали за континуиран развој на туризмот преку изработка на програми кои во целост ги опфаќаат формите и облиците за одржлив развој.

Секторот за туризам и локален економски развој - одделението за туризам на Општина Охрид, секоја година носи и усвојува Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општината. Одделението за туризам ги врши активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид, во делот на:

- Управување со туристички дејности;
- Промоција на Охрид како туристичка дестинација;
- Развој на туристичка инфраструктура;
- Подготовка на проекти и проектно управување.

Дел од реализираните активности на Општина Охрид, предвидени во годишните програми за работа на Секторот за туризам и локален економски развој, одделение за туризам се:

- Евиденција, регистрација и категоризација на издавачи на станови од мал обем (регистрирани се вкупно 2742 издавачи на станови, од кои со важечки решенија на крајот на 2018 година се 791);
- Промоција на туристичката понуда на Охрид. Белград, Варшава, Александровац Р. Србија, Тирана;
- Објава на јавни повици за финансирање на проекти за развој на туризмот. Најуспешни проектни предлози во 2018 година во Општина Охрид се: ТК ЕДЕН-Туристички кластер на југозападна Македонија – „Wellness & Spa на отворено на Охридската ривиера“, 2. ЕКОДРОМ – Велосипедски Клуб – „UNESKO – Велосипедски викенд“, Здружение на туристички водичи и придружници Кеј Охрид “Брендирање на туристичките водичи на град Охрид“;
- Субвенционирање на туристичка такса за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем;
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам. Во 2018 биле евидентирани 157 туристички водичи во регистарот за водичи;
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила и сл.;
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот сообраќај;
- Документација за објава на тендер за поставување на информативни табли и Хот Спот уреди;
- Организација на промотивна тура со новинари од Нордика Естонија;
- Реализација на меѓународни проекти;
- Репортажа на Охрид во Естонски списанија “GO Reisiajakiri“и “PULSS”;

- Организација на манифестации Вино и сирење, Охридска софра, Денови на медот, Бело лето, Ohrid Calling итн.

Во годишните програми на Секторот за туризам и локален економски развој, одделение за туризам, во делот на управување со туристички дејности од 2018 година се планираат средства за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Општината и активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор.

Изработката на Стратегијата треба да се реализира во рамки на ИМЕ Програмата имплементирана од Swiss Contact и Општина Охрид, како главен координатор на активностите. ИМЕ Програмата е програма за зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability - IME), на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) имплементирана од водечкиот партнер Swisscontact. Со донесување на Стратегијата ќе се подигне нивото во туристичкиот сектор и ќе се одредат насоките на идниот развој на Охрид како главен туристички центар во регионот. Средствата за реализација на планираните активности се обезбедени од ИМЕ Програмата.

Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, ќе се темели на анализи на постојната состојба и ќе ја дефинира долгорочната визија, стратешкиот правец, стратешките цели и приоритетни проекти како и акциони планови за идниот развој на туризмот, при што целокупниот документ ќе биде во согласност со основните принципи на УНЕСКО за заштитени подрачја, со националното законодавство за управување со заштитени подрачја како и со други погранични и регионални стратегии и планови за управување со природни ресурси.

Во согласност со препораките од последната мониторинг мисија на УНЕСКО, се уште не финализираната Национална стратегија за развој на туризмот, не донесувањето на Планот за управување со заштитени подрачја и Законот за управување со светското природно и културно наследство, во годишниот извештај за реализација на програмата за развој на туризмот за 2018 година на Општина Охрид, се наведува дека Стратегијата за развој на туризмот ќе започне по финализирање на горенаведените документи, со цел истата да биде комплементарна со законските одредби и националните стратегии за развој на туризмот.

Општина Охрид во последните години се развива во главен туристички центар на Р. С. Македонија, а посетеноста од страна на странски и домашни туристи од година во година е во постојан пораст.

Извор: LAK-tive Tourism, Cosme проектот во кој учествува Општина Охрид, мај 2017 Факултет за туризам и угостителство

Графикон 5 Број на пристигнати туристи во Охрид на годишно ниво (2011 – 2016)

Во структурата на туристичката понуда на Општина Охрид доминантно учество има домашното сместување со 49,5 %, додека хотелските капацитети учествуваат со 15,3 %[6]. Во Општината има вкупно 43 хотелски објекти, од кои: еден е со 5*, дванаесет со 4*, 21 од хотелите се со 3*, осум со 2* и еден со 1*, додека вкупниот број легла во хотелското сместување изнесува околу 4.000 легла.

Исто така, во Општина Охрид се регистрирани 5.098 приватни сместувачки капацитети што вршат угостителска дејност од мал обем (издавање на соби и станови) со околу 12.105 легла. Бројот на објекти за сместување на туристи во рурални средини на Општина Охрид е 3.539 со 8.472 легла.

Имајќи го предвид богатото културно, историско и природно наследство развојот на културниот туризам игра значајна улога во промоција на културното и природното наследство на Охридскиот регион.

Како значајни елементи на секоја туристичка понуда во сферата на културниот туризам се музејските, историските и галериските поставки како што се:

- Куќата на Робевци - постојана археолошка и етнолошка поставка, со „Лапидариум“ на отворено во чиј состав се и продавници за сувенири;
- Галеријата на икони - постојана поставка на средновековни икони;
- Куќата на „Христо Узунов “- постојана поставка на историски документи од периодот на македонските востанија против османлиската власт;
- Куќата на „Григор Прличев“ – спомен куќа на охридскиот поет и носител на Ловоров венец со дел за времени изложби;
- Куќата на „Словенска писменост“ - поставка во формирање посветена на старословенската писменост и култура;
- Куќата на „Уранија“ - историски музеј итн.

Дел од културниот туризам во Општина Охрид се следните културни манифестации и настани:

[6] План за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион (2016 – 2025)

- Фестивалот „Охридско лето“ - меѓународна сценско музичка манифестација;
- „Балкански фестивал“ - меѓународна манифестација на народни песни и игри;
- „Охрид фест“ - меѓународен фестивал на поп и фолк музика;
- Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура;
- „ЕКО фестивал“ - меѓународен фестивал од областа на екологијата и културниот туризам;
- „Прличеви беседи“ - денови посветени на поетот Григор Прличев;
- Манифестација „Водици“ - посветена на христијанските празници итн.

Туризмот во Општина Охрид покрај економскиот бенефит, предизвикува и негативни влијанија и притисоци врз животната средина. Една од негативните страни на туризмот е присуството на голем број на посетители во старото градско јадро, особено при одржувањето на традиционалните манифестации кои собираат неколку десетици илјади гости.

Исто така, узурпацијата на крајбрежниот појас на Охридско Езеро со изградба на сместувачки капацитети, издавање на плажите под концесија, нивно ширење и несовесното однесување на дел од концесионерите и туристичките посетители, поголема фреквенција на движење на пловните возила итн. предизвикува негативно влијание на природното наследство и биолошката разновидност.

Во согласност со Извештајот од мисијата на Унеско 2017 година, се изразува загриженост заради зголемениот сообраќаен и туристички притисок, заради реализација на големи инфраструктурни проекти. Во Извештајот се препорачува да се има во предвид можноста за развој на еко-туризам.

3.11 Енергетика

Со мрежата на електроенергетскиот систем на Р. С. Македонија се опфатени сите населени места во Општина Охрид. Електроенергетската инфраструктура на Општина Охрид е дадена во следниот табеларен преглед:

Табела 14 Електроенергетска инфраструктура на Општина Охрид

Елементи	Број	Должина (km)
Хидроцентрала	1	
Напојни трафостаници	6	
ТС 10/0,4 kV Дистрибутивни трафостаници со моќност од 50 kVA до 1.000 kVA	301	
В.Н. надземна мрежа		51
В.Н. подземна мрежа		2
С.Н. надземна мрежа		117
С.Н. подземна мрежа		127
Н.Н. надземна мрежа		171
Н.Н. подземна мрежа		135

4 ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОБЛЕМИТЕ

4.1 Тематска област: Квалитет на воздухот

Мерење на параметрите, индикатори на квалитет на амбиентниот воздух во Р. С. Македонија, вршат три институции, кои имаат поставено свои мониторинг мрежи на различни локации:

- Национална мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Мрежата на Заводот за здравствена заштита (ЗЗЗ) и регионалните подружници за следење на квалитетот на воздухот во поголемите градови во Р. С. Македонија;
- Мрежата на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР), која е во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Мониторинг мрежата на МЖСПП, со која управува Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) е автоматска мониторинг мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух. Со овој систем, се врши мониторинг на следните загадувачки супстанции: сулфурдиоксид, азотдиоксид, јаглеродмоноксид, озон, суспендирани честички со големина до 10 микрометри и до 2,5 (PM_{10} и $PM_{2,5}$).

На следната слика е претставена локацијата на автоматските мониторинг станици во Р. С. Македонија, поставени од МЖСПП:



Слика 18 Локација на автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух во Република Северна Македонија

Општина Охрид не е вклучена во државната мониторинг мрежа на МЖСПП, а единственото испитување за квалитет на амбиентен воздух е параметарот аероседимент кој се мери од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Охрид.

4.1.1 Извори на загадувањето на воздухот во Општина Охрид

При анализа на изворите на загадување на воздухот во Општина Охрид и состојбата на квалитетот на воздухот земени се предвид сите релевантни и достапни национални, регионални и локални документи[7], расположливи податоци за постоечките притисоци (потрошувачката на енергија во индустријата, домаќинствата, јавните и комерцијални објекти, енергетскиот, стопански сектор, состојбата со сообраќајот итн), податоци за квалитет на воздухот[8] и влијанието врз човековото здравје.

Загадувачките супстанции во воздухот, според потеклото може да бидат:

1. Примарни загадувачки супстанции кои доспеваат во атмосферата со директно емитирање од различни извори. Примарните загадувачки супстанци според потеклото може да бидат од:

- Природно потекло - вулкански ерупции, природно предизвикани шумски пожари, разградување на органски материи, или
- Антропогено потекло - индустрија, индустриски отпад и депонии, согорување на фосилни горива, сообраќај, земјоделско производство, домаќинства.

2. Секундарни загадувачки супстанции кои се формираат во атмосферата од примарните загадувачи со помош на фотохемиски реакции.

Изворите на емисии на загадувачки супстанци во амбиентниот воздухот, според потеклото можат да бидат категоризирани како:

- Стационарни извори:
  - Поединечни (пр. производни и енергетски субјекти) и
  - Колективни извори (непроизводни деловни субјекти, пр. затоплување на домовите) или мали производни субјекти со инсталирана моќност под 1 MW).
- Мобилни извори (сообраќај);
- Дифузни извори (емисии од испарувања, истекувања и сл.).

[7] Национален план за заштита на амбиентниот воздух, Извештај за оценка на квалитетот на воздухот, Програма за постепено намалување на емисиите на одредени загадувачки супстанции на ниво на РСМ

[8] Извештаи за квалитет на амбиентен воздух од автоматските мониторинг станици на ниво на Р.С. Македонија

4.1.1.1 Стационарни извори на загадување на воздухот

- **Поединечни стационарни извори**

На територијата на Општина Охрид нема евидентирано инсталации со А Интегрирана еколошка дозвола. Во согласност со Регистарот за индустриски капацитети во Општина Охрид регистрирани се 6 Инсталации кои поседуваат Б Интегрирани еколошки дозволи: бетонска база „Лавче“ с. Косел, бетонска база „Гранит“ с. Косел, ЛТХ „Леарница“, ГД „Гранит“ АД Скопје, експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитет Рашанец, живинарска фарма „Вапилица“ с. Вапила и живинарска фарма „Лита“ с. Горно Лакочерej.

Инсталациите со Б Интегрирана еколошка дозвола се усогласени со стандардите на животната средина и имаат сопствена програма за подобрување. Исто така, овие инсталации се задолжени да вршат пречистување на сопствените отпадни води, да вршат мерења на квалитетот на отпадните води, да водат евиденција за отпадот кој го генерираат и да ги почитуваат условите во издадената Дозвола.

За сите други субјекти има подготвено Елаборат за заштита на животната средина. Во согласност со Регистарот за индустриски капацитети во Општина Охрид на територијата на општината издадени се вкупно 153 решенија за Елаборати за заштита на животната средина од работењето на правни субјекти.

Со Елаборат за заштита на животна средина во Општина Охрид опфатени се правни субјекти кои вршат услужна дејност (автоперални, автосервиси), субјекти кои вршат угостителска дејност (сендвичари, кафулиња, ресторани), како и одредени занаети согласно Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината.

Овие Елаборати даваат слика на постојната состојба на животната средина во и околу објектот, ги идентификува потенцијалните влијанија врз медиумите на животната средина во фаза на работење на објектот и содржи предлог мерки за ублажување, намалување и неутрализирање на влијанијата.

По одобрување на Елаборатот, овластениот инспектор за животна средина од Општината, го следи спроведувањето на мерките и препораките наведени во Елаборатот.

Ресторaните, сендвичарите и останатите угостителски објекти во Општина Охрид како помали емитери, при подготовка на храната најчесто користат ќумур, дрва, пропан бутан гас, а поретко и електрична енергија. Овие гасовите од согорување заедно со мирисот од подготовка на храната имаат влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух.

Во стационарни извори на емисии во амбиентниот воздух исто така спаѓаат и автомеханичарските работилници и автосервисните центри, кои неправилно постапуваат со отпадните масла и истите ги користат за греење. Овој процес на

согорување има значително негативно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух и здравјето на луѓето.

Со цел евидентирање на сите стопански субјекти по дејност и нивното влијание врз животната средина во тек е изработка на интегриран Катастар на загадувачки од страна „Технолаб“, со кој ќе се добие претстава за бројот и видот на дејности во општината како и влијанијата на деловните субјекти врз квалитетот на медиумите во животната средина, а врз основа на кој ќе се определат мерки за намалување на загадувањата на медиумите на животната средина.

- **Колективни стационарни извори на емисии во воздухот**

Емисиите од резиденцијални извори (домашните ложишта) спаѓаат во групата на колективни стационарни извори на загадување на воздухот. Емисиите се јавуваат при работа на мали котли, согорување во камини, печки и шпорети. При ваквите согорувачки процеси се користат повеќе типови на горива од кои најзначајни од аспект на загадување на амбиентниот воздух се огревното дрво, јагленот и екстра лесната нафта. Како продукт на согорување на овие енергенси, во воздухот се емитираат: SO_2, NO_x, CO и TSP – цврсти честички (прашина).

Во Општина Охрид отсуствува централно греење, заради што објектите за домување и јавните установи користат сопствени системи за греење на дрва, нафта, електрична енергија, пелети/брикети или пропан бутан гас.

Општината нема податоци за начинот и фреквенцијата на одржување и чистење на оџаците.

Од јавните институции на територија на Општина Охрид, како стационарни извори на емисии во амбиентниот воздух се основните и средните училишта, универзитетите, јавните претпријатија, општинската зграда и итн., бидејќи истите како енергенс за загревање користат нафта. Во следниот табеларен преглед дадени се податоци за годишна потрошувачка на нафта за загревање на овие објекти.

Табела 15 Годишна потрошувачка на мазут за загревање на објекти на територија на О. Охрид (Извор: Општина Охрид)

	Детски градинки, основни и средни училишта во О. Охрид	**Објекти под надлежност на Општина Охрид**
Годишна потрошувачка на нафта за загревање	566 t	50,182 t

Влијание врз квалитетот на воздухот во Општина Охрид имаат и индустриските капацитети од соседните општини, бидејќи во зависност од периодот на годината и ружата на ветрови, емисијата на загадувачки супстанци од овие стационарни извори негативно влијаат врз квалитетот на воздухот и воопшто квалитетот на животот на граѓаните во Општина Охрид.

4.1.1.2 Мобилни извори на емисии

Нивото на емисиите во воздухот од мобилните извори не зависи само од степенот на активност, туку истото е директно поврзано со квалитетот на горивата кои се користат, старосната структура на возниот парк, како и квалитетот на техничкото одржување.

Сообраќајот е мобилен динамичен линиски извор на загадување. Автомобилите и другите превозни средства, регистрирани на територијата на Општина Охрид, како и оние кои транзитираат низ територијата на Општината, како што се автобусите од градскиот и меѓуградскиот превоз претставуваат мобилни извори на загадување на воздухот.

Во следните табеларни прегледи, даден е бројот на превозни средства регистрирани во Општина Охрид во 2017 година, нивната просечна старост, како и видот на горивото што го користат.

Табела 16 Регистриран број на превозни средства во Општина Охрид, 2017 год.

Мотоцикли	Патнички возила	Автобуси	Товарни возила	Влечни возила	Трактори	Работни возила	Приклучни	Вк.
640	14.372	143	1.052	137	29	29	232	16.634

Извор: Државен завод за статистика: Транспорт и други услуги, 2017

http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=15

Општина Охрид не располага со податок за просечната старост на автобусите/минибусите, бидејќи во општината нема јавно претпријатие за вршење на превоз и истиот го вршат приватни превозници.

Табела 17 Просечна старост на патните моторни возила на ниво на Р. С. Македонија, 2017 год.

	Патнички возила	Автобуси	Товарни возила	Влечни возила
Просечна старост	18,7	18,1	15,5	13,4

Извор: ДЗС

Табела 18 Горива што ги користат моторните возила во Општина Охрид, 2017 год.

Извор: ДЗС

Гориво	Мотоцикли	Патнички возила	Автобуси	Товарни возила	Работни возила	Влечни возила	Трактори	Вкупно
Бензин	623	7347	7	139	4	3	-	8,123
Нафта	8	5988	136	886	25	131	29	7,203
Мешавина	7	5	-	4	-	-	-	16
Бензин-гас	-	1029	-	23	-	3	-	1,055
Електр. енергија	2	2	-	-	-	-	-	4
Алкохол	-	1	-	-	-	-	-	1

При согорување на фосилни горива, од издувните гасови на моторните возила, се емитираат повеќе од 200 различни видови загадувачки супстанции како што се јаглерод моноксид – CO, азотни оксиди – NO_x, несогорени јаглеводороди, алдехиди, цврсти честички итн. Од табеларните прегледи може да се заклучи дека во Општина Охрид 92,13 % од возилата како гориво користат бензин или нафта.

Емитираните загадувачки супстанци во воздухот по пат на фотохемиски реакции, создаваат секундарни загадувачки супстанции, како што се полицикличните ароматични јагленоводороди. Од нив бензопиренот е најопасен по своето канцерогено дејство.

Општина Охрид, со цел намалување на загадувањето на воздухот од сообраќајот, во изминатите години презема низа активности. Во периодот 2012 – 2016 година извршена е замена на семафорите во централното градско подрачје со 6 кружни текови со што е намален сообраќајниот метеж, побрз проток на возилата и намалување на загадување на амбиентниот воздух.

Исто така, во тек е изработка на Стратегија за урбана мобилност за град Охрид и Сообраќајна студија за град Охрид од кои ќе произлезат низа активности за подобрување во оваа насока меѓу кои и за воведување на алтернативен јавен транспорт.

4.1.1.3 Дифузни извори - фугитивни емисии на загадувачки супстанции во воздухот

Дифузни извори или фугитивни емисии се емисии на честици/прашина при транспорт, утовар, истовар, при отворени градилишта и сл.

Во Општина Охрид, во 2018 година, имало 46 активни поголеми ли помали градилишта, додека во 2019 година само 12. Градилиштата претставуваат извори на фугитивни емисии на прашина во амбиентниот воздух. Овие градилишта се следат и мониторираат од страна на овластен општински инспектор за животна средина.

На градилиштата најчесто не се почитуваат мерките за прскање на површината на градилиштата и миење на тркалата на механизацијата и камионите пред излез од градилиште со цел намалување на фугитивната прашина.

Извор на фугитивна прашина претставуваат и неасфалтираните паркиралишта околу станбените објекти. Земјата преку тркалата на автомобилите и останатите моторни возила се разнесува на сообраќајниците и се разнесува во воздухот.

Исто така, извор на фугитивни емисии во амбиентниот воздух NMVOC[9] се испарувањата од бензинските пумпни станици, и тоа при процесот на преточување на горивото во цистерни, при полнење на возилата, како и од самите возила.

[9] Неметански испарливи соединенија во воздухот

4.1.2 Квалитет на амбиентниот воздух во Општина Охрид

Следење на квалитетот на воздухот се врши преку споредба на измерените концентрации на загадувачките супстанци во воздухот и граничните вредности, прагови на алармирање, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели определени во Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Квалитетот на амбиентниот воздух во Општина Охрид не може да се следи, бидејќи општината не е поврзана на државната мониторинг мрежа и нема локална мониторинг станица за мерење на параметри преку кои би се оценила состојбата со квалитет на амбиентниот воздух.

Во Општина Охрид единствено се врши периодично мерење на аероседимент, на четири мерни места во градот:

- Во близина на Општата болница;
- Градинката "Јасна Ристеска";
- Главната Автобуската станица; и
- Северниот влез во градот.

Резултатите од измерените вредности за аероседимент во Охрид за период 2016 – 2018 година се дадени во следниот табеларен преглед.

Табела 19 Измерени концентрации на аероседимент 2016 - 2018 година

Извор: ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Охрид

	Загадувачка материја	Број на мерни места	Број на примероци	Просечна месечна концентрација (mg/m^3)	Минимум mg/m^3	Максимум mg/m^3	Број на примероци над МДК
2016	Аероседимент mg/m^3	07	84	103.52	21.55	284.16	/
2017	Аероседимент mg/m^3	07	84	87.13	15.19	200.22	/
2018	Аероседимент mg/m^3	07	84	86.91	70.29	105.11	/

Аероседиментите се значајни бидејќи истите негативно влијаат врз природното и културното наследство.

Загадувањето на воздухот во Општина Охрид е како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарни и мобилни извори, преку одвивање на хемиско - технолошки процеси, биохемиски процеси, процесите на согорување на горивата итн.

- Сулфур диоксид (SO_2) се ослободува при согорување на фосилни горива. Оттука, главни извори на SO_2 се индустријата, енергетскиот сектор, сообраќајот, домаќинствата и земјоделството како најмал извор на SO_2.

Според постојното законодавство, просечната часовна гранична вредност за SO_2 од 350 μg/m³ не смее да биде надмината повеќе од 24 пати годишно. Втората гранична вредност за заштита на човековото здравје е дневната гранична вредност за SO_2 која изнесува 125 μg/m³. Оваа вредност не смее да се надмине повеќе од три дена годишно.



Извор: Статистика на животна средина 2017 година, МЖСПП

Графикон 6 Национални емисии на SO_2 за период 2006 - 2015, по сектори

- Азотни оксиди (NO, NO_2)

Сообраќајот претставува најголем извор и воедно има најголемо влијание врз концентрациите на NO_2. Изложеност на повисоки концентрации на NO_2 е поврзано со зголемување на кардиоваскулаторни и респираторни болести кај човекот. Азотните оксиди имаат штетно влијание на вегетацијата и на материјалите, како што се металите, текстилните материјали, боите и различните адитиви. Законодавството вклучува и критично ниво за NO_x[10], кое изнесува 30 μg/m³ како просечна годишна вредност и која треба да се почитува заради заштита на вегетацијата.



Извор: Статистика на животна средина 2017 година, МЖСПП

Графикон 7 Национални емисии на NO_x за период 2006 - 2015, по сектори

[10] Вкупни азотни оксиди

➢ Јаглерод моноксид (CO) е загадувачка супстанца, која се формира во процесите на согорување на цврсти и течни горива во патниот сообраќај, стариот возен парк на граѓаните на општината, греењето на дрва и нафта во домаќинствата при лоши услови на согорување итн.



Извор: Статистика на животна средина 2017 година, МЖСПП

Графикон 8 Национални емисии на CO за период 2006 - 2015, по сектори

➢ Суспендирани честички (PM_{10} и $PM_{2,5}$)

Извори на загадување на воздухот со суспендирани честички PM_{10} и $PM_{2,5}$ се согорување на горива за производство на енергија, инцинерација, греење во домаќинствата, согорување на горива од возилата итн. Главни компоненти на суспендирани честички PM_{10} и $PM_{2,5}$ во атмосферата се секундарни сулфати, нитрати, амонијак и органски аеросоли, како и примарен натриум хлорид, елементарен хлор, елементарен јаглерод, минерална прашина и водена пареа.

Дозволена гранична вредност за PM_{10} суспендирани честици во амбиентниот воздух изнесува 40 μg/m³, додека дозволена гранична вредност на $PM_{2.5}$ суспендирани честици изнесува 25 μg/m³.



Извор: Статистика на животна средина 2017 година, МЖСПП

Графикон 9 Национални емисии на TSP[11] за период 2006 - 2015, по сектори

[11] Вкупно суспендирани честички

- Полициклични ароматични јаглеводороди

Полицикличните ароматични јаглеводороди се едни од најопасните по човековото здравје, бидејќи истите се канцерогени. Во урбаните средини, главни извори на оваа полициклични ароматични јаглеводороди се греењето во домаќинствата и издувните гасови од сообраќајот.



Извор: МЖСПП 2016 година

Графикон 10 Национални емисии на PAH во период 1990 - 2014, по сектори

- Неметански испарливи соединенија во воздухот

NMVOCs се емитираат од согорувањето на фосилните горива, како и од согорувањето на бензинот во патниот сообраќај. NMVOCs се често присутни во растворувачите, потоа, во боите, лаковите, спреовите и слично.



Извор: Годишен извештај за животна средина 2017

Графикон 11 Емисии на NMVOC во РС Македонија во 2016 година по сектори

- Диоксини и фурани

Диоксините се формираат како резултат на согорувачки процеси како инцинерација на комерцијален и комунален отпад и од согорување на различни горива како дрво, јаглен, или нафта како главен извор на диоксини. Диоксините можат да се формираат и при горење на отпад од домаќинствата или од природи извори како шумски пожари.



Извор: Годишен извештај за животна средина 2017

Графикон 12 Емисии на диоксини/фурани во 2016 година во Р.С. Македонија по сектори

4.1.3 Енергетска ефикасност

Согласно Законот за енергетска ефикасност и во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност на Р. С. Македонија и акциониот план за енергетска ефикасност, советот на единиците на локалната самоуправа на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика, на секои три години, донесува Програма за енергетска ефикасност.

Последно донесена тригодишна Програма за енергетска ефикасност на Општина Охрид е за периодот 2012 – 2014 година. Истата е одобрена од Агенцијата за енергетика на Р.С. Македонија. Во оваа Програма се предвидени повеќе проекти кои можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти или јавното улично осветление.

- Надградување и реконструкција на грејни системи, вклучувајќи: инсталации на термостатски вентили, цевно напојување во грејната мрежа и зафати во котлари;
- Спроведување мерки за надградба, вклучувајќи термална изолација за прозори, врати, тавани и ѕидови;
- Имплементација на високо ефикасен систем за осветление;
- Имплементација на електрични мотори со висока ефикасност и пумпи;
- Надградување или замена на котли, бренери и печки за греење;
- Улично осветление;

- Подобрување на системот за пренос на енергија;
- Контроли, мерачи на проток, броила, инструменти, дата логери;
- Системи за автоматско управување и контрола на потрошувачка на енергија.

Исто така во Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид се предвидени повеќе среднорочни мерки со временски рок за реализација меѓу кои:

- Замена на улични живини светилки со штедливи светилки;
- Промена на врати, санација на подови и промена на кров во ОУ „Григор Прличев“;
- Замена на прозори, врати и термофасада во ОУ „Христо Узунов“;
- Промена на прозори, врати, парен котел и промена на кров во ОУ „Братство Единство“;
- Промена на прозори и санација на подрачно училиште ОУ „Св. Климент Охридски“;
- Замена на стари олуци и замена на кров во ОУ „Ванчо Николески“;
- Санација на кров во ОУ „Кочо Рацин“;
- Промена на кров, промена на прозори и санирање на тавани во ОУ „Св. Наум Охридски“;
- Промена на прозори и врати во ОМУ „Методи Патче“;
- Замена на прозори, врати и санација на дел од кров во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“;
- Промена на кров и санација на фасада во ОУТУ „Ванчо Питошески“ итн.

Под надлежност на Општина Охрид има вкупно 29 објекти распоредени во 3 сектори: администрација, образование и социјални грижи. Овие објекти се внесени во база на податоци за енергетска ефикасност која се води во општината.

Во следниот табеларен преглед дадена е годишната потрошувачка на електрична енергија на објектите под надлежност на Општина Охрид и потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување.

Табела 20 Годишна потрошувачка на електрична енергија на објекти под надлежност на општината и улично осветлување (Извор: Општина Охрид)

Сектор	Бр. на објекти	Грејна површина (m^2)	Годишна потрошувачка на ел. Енергија (MWh/год.)	Просечна специфична потрошувачка на енергија (kMWh/m^2 год.)
Администрација	1	1.419	205,9	145,1
Образование	23	39.256	4.318,4	110,0
Основни училишта	19	25.726	2.872,6	111,6
Средни училишта	4	13.530	1.445,8	106,9
Социјални грижи	5	5.588	782,1	139,9

Улично осветлување	/	/	4.285,7	
Вкупно	29	46.263	9.592	114,7

Направените предвидувања врз основа на растот на потрошувачка на енергенси и локалниот раст на населението како и севкупниот економски раст во општината, покажале дека заштедата на енергија со спроведување на предвидените мерки во Програмата за енергетска ефикасност би изнесувала околу 3.255 MWh во 2020 година.

Во следната табела дадена е потрошувачка на електрична енергија за улично осветлување за период 2016 – 2018 година.

Табела 21 Потрошена електрична енергија за улично осветлување за период 2016 – 2018 година

Улично осветлување	Потрошена електрична енергија (kWh)		
	2016	2017	2018
	1.931.857	2.511.974	2.586.048

4.1.3.1 Преземени активности на Општина Охрид за енергетска ефикасност

Општина Охрид, на годишно ниво, усвојува Програма за енергетска ефикасност преку која предвидува активности за енергетска ефикасност, распоред на следење на активности за енергетска ефикасност и планирани инвестиции во оваа област.

Во согласност со годишната Програма за енергетска ефикасност, направено е истражување на вкупните трошоци на електрична и топлинска енергија за општинскиот имот што претставува основа за планирање на активности и инвестиции на полето на енергетската ефикасност.

Предвидените мерки за енергетска ефикасност во најголем дел ги опфаќаат заштедата на енергија во делот на уличното осветлување и подобрување на енергетска ефикасност на објектите под управа на општината.

Јавното осветление, а со тоа и уличното осветление, спаѓа во поважните комунални дејности на локалната самоуправа. Осовременувањето на уличното осветлување во општината во 2016 година започна да го врши реномираната компанија ИЦС Системи од Чешка, која ќе управува со уличното осветлување во Општина Охрид 15 години и која ќе изврши комплетна модернизација системот за улично осветлување.

Модернизацијата на системот вклучува замена на постоечките светилки вкупно 7.627, со лед енергетски ефикасни светилки и дополнителна изведба на 620 нови места за улични светилки.

На годишно ниво за јавно осветлување на Општина Охрид се трошат 423.791,27 ЕУР, а со реализација на договорот со ИЦС Системи потрошувачката на енергија за јавно осветлување, според направените предвидувања ќе биде за 68,8 % помала од постоечките трошоци.

Како дел од реализацијата на активностите за енергетска ефикасност на Центарот за развој на Југозападен плански регион во општинската градинка ЈОУДГ „Развигорче“ во 2017 година направена е санација со поставување на хидроизолација на површина од 416 m^2. Поставена е надворешна термофасада со површина од 416 m^2. Исто така, во овој објект направена е санација на санитарни јазли при што се поставени нови керамички плочки на површина од 755 m^2. Направена е и замена на старите прозори со 42 нови ПВЦ прозори со површина од 115 m^2 и старите врати со 13 нови врати од ПВЦ со површина од 50 m^2.

Исто така, подготвена е техничка документација за промена на прозори во ОУ „Христо Узунов“ при што во текот на 2019 година ќе се аплицира во некоја од програмите за финансирање на Европската Унија, или истата ќе се финансира од програмата за образование на Општина Охрид.

Во ОУ „Св. Климент Охридски“ извршена е замена на прозорци и врати во вредност од 50.000 ЕУР, финансирано од Центар за развој ЈЗПР во текот на 2019 год.

Во рамките на ИПА компонентата на ЕУ за набавка на фотонапонски системи за јавни објекти, која ја имплементира Министерството за финансии, општина Охрид доби три фотоволтични системи. Енергетските системи ќе бидат поставени на зградата на Општина Охрид и на Основните училишта во Пештани и Велгошти.

4.1.4 Влијание на квалитетот на воздухот врз здравјето на луѓето и животната средина

Изложеноста на аерозагадување може да предизвика акутни и хронични здравствени ефекти. Опасните загадувачки супстанци присутни во воздухот можат да предизвикаат и други опасни здравствени ефекти, вклучувајќи рак и оштетување на имунолошкиот систем, невролошки, репродуктивни и развојни проблеми. Акутното изложување на одредени загадувачки супстанци на воздухот може да предизвика моментална смрт.

Од загадувачките супстанции во воздухот суспендираните честички претставуваат најголем ризик по здравјето. Ефектите на PM_{10} и $PM_{2,5}$ суспендирани честици врз здравјето се појавуваат при краткотрајно и долготрајно изложување. Здравствените ефекти од суспендираните честици се јавуваат по вдишување на честичките. Зависно од нивната големина, суспендираните честички може да навлезат во белите дробови и крвотокот и да предизвикаат негативни ефекти врз респираторниот, кардиоваскуларниот, имунолошкиот и нервниот систем. Колку се поситни честичките, толку подлабоко навлегуваат во белите дробови.

Според истражувањата на Светската здравствена организација забележана е зголемена стапка на смртност, за 15 до 20%, во градовите со високо ниво на загадување споредено со релативно почистите градови. Дури и во ЕУ, просечниот животен век е 8.6 месеци понизок како резултат на изложеноста на $PM_{2.5}$ честичките причинети од активностите на човекот.

Табела 22 Главни здравствени ефекти од различните загадувачки супстанции во воздухот

Загадувачка супстанција	Здравствени ефекти
Суспендирани честички	Може да предизвика влошување на кардиоваскуларни и белодробни заболувања, срцеви удари и аритмија. Може да предизвика рак. Може да доведе до артериосклероза, негативни исходи кај новороденчиња и респираторни заболувања кај деца. Исходот може да биде предвремена смрт.
Озон	Може да предизвика намалување на белодробната функција. Може да предизвика влошување на астма и белодробни заболувања. Може да доведе до предвремена смрт.
Азот диоксид	Зголемена смртност предизвикана од кардиоваскуларни и респираторни болести и морбидитет на респираторни заболувања.
Сулфур диоксид	Ја влошува состојбата со астма и може да ја намали белодробната функција и да предизвика воспаление на респираторниот тракт. Може да предизвика главоболки, генерална неудобност и вознемиреност.
PAHs особено бензо(а)пирен	Канцероген
Јаглерод моноксид	Може да предизвика срцеви болести и оштетувања на нервниот систем. Може да предизвика главоболки и замор
Бензен (C_6H_6)	Канцероген

Во следниот табеларен преглед прикажани се податоци од Здравствената карта на Р. С. Македонија за 2017 година, за најчестите причини за смртност на жителите на Општина Охрид во 2017 година.

Табела 23 Најчести причини за смрт во Општина Охрид во 2017 година

Извор: Здравствена карта на Р. С. Македонија – дел 2[12]

Причини за смрт	Број	%	Мт на 100.000 жители
Вкупно	712	100	1284,9
Болести на циркулаторниот систем	489	68,7	882,4
Неоплазми	89	12,9	160,6
Ендокрини, нутритивни и матаболични болести	37	5,4	66,8
Симптоми, знаци и ненормални клинички и лаб. Наоди некласифицирани на друго место	25	3,6	45,1
Болести на респираторен систем	17	2,5	30,7
Болести на генитоуринарен систем	16	2,3	28,9

4.1.5 Проблеми во однос на загадувањето на воздухот во Општина Охрид

- Недостаток на податоци за квалитет на амбиентниот воздух (мониторинг станица);
- Недостаток на точни и прецизни податоци за извори на емисии во воздух (Катастар на загадувачи);
- Изработка на планска документација без да се земе предвид ружата на ветрови што допринесува за нарушување на нормалното струење на воздухот во централното градско подрачје;

[12] Државен завод за статистика и Центар за јавно здравје

- Недостаток на контрола на димоводните канали и горилници и нивно одржување;
- Отсуство на систем за дистрибуција на природен гас и централно греење;
- Стар возен парк кај граѓаните на Општината;
- Отсуство на контрола на квалитет на гасови од согорување кај возила;
- Зголемен сообраќаен метеж во туристичка сезона;
- Недостаток на јавен градски превоз преку целата година, а особено до плажите и приградските населби;
- Недостаток од мерки и активности за поттикнување и поддршка на користење енергија од обновливи извори/соларни панели;
- Недостаток од активности за поттикнување на примена на мерки за енергетска ефикасност на индивидуално ниво/домаќинства;
- Обновување на тригодишната Програма за енергетска ефикасност (во согласност со Законот за енергетика) и нејзино усвојување по добиено мислење од Агенцијата за енергетска ефикасност;
- Недостаток од национални и локални податоци за здравствени ефекти од загаден воздух.

4.1.6 Препораки за решавање на проблемите во однос на загадување на воздухот

- Иницијатива за вклучување во Националната мониторинг мрежа за мерење на квалитет на амбиентниот воздух во О. Охрид или воспоставување на сопствена мониторинг мрежа;
- Системски промени за регулирање на начинот на греење кај населението преку промоција и поттикнување на гасни горива и други обновливи извори на енергија;
- Воспоставување на Катастар на загадувачи и загадувачки супстанции;
- Зголемување на инспекцискиот надзор на работата на сите правни субјекти, од аспект на спроведување на мерките од програмата во елаборатите за животна средина и Б – ИСКЗ дозволите;
- Подигнување на свеста за редовно одржување на димоводните канали и горилници на правните субјекти и домаќинствата;
- Изработка и усвојување на нова тригодишна Програма за енергетска ефикасност на Општина Охрид;
- Воведување редовен јавен градски превоз, кој ќе ги опфати сите рурални средини на територија на Општината;

- Субвенции за подобрување на енергетска ефикасност на објектите за домување;
- Зголемување на должината на велосипедските патеки;
- Зголемување на пешачките зони во општината.

4.2 Тематска област: Управување со води

4.2.1 Состојби со водите во Општина Охрид

4.2.1.1 Водоснабдување[13]

Општина Охрид има единствен водоснабдителен систем за чие одржување е одговорен МЈП „Проаква“ Струга, регионална единица „Водовод“ Охрид. Од системот за водоснабдување се врши централно водоснабдување за градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети по должина на брегот на Езерото.

Од локални водоводи се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца, селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочерej. Вкупниот број жители кои се снабдуваат со вода за пиење од МЈП „Проаква“ изнесува околу 55.000.

Како изворишта на вода се користат: Охридско Езеро, со зафатот кај хотел Метропол, Билјанини Извори, подземна вода од Бej Бунар, Летнички Извори од Рамне, извор Св. Илија од Велгошти, подземна вода во близина на Коселска река кај Орман и извори кај Лескоец и др.

Поголемиот дел од водата за водоснабдување до домаќинствата се доведува со пумпање, а додека водата за водоснабдување од Летничките Извори и изворите од Велгошти и Лескоец се доведуваат по пат на гравитација.

Водата за водоснабдување од Охридското Езеро се користи во туристичката сезона, кога се јавува недостаток од вода за водоснабдување. Водата од езерото најпрвин се пречистува со мрежести микро филтри, поставени во пумпната станица, а потоа се дистрибуира до потрошувачите.

Пумпната и гравитационата вода најпрво се доведуваат во високо поставен резервоар лоциран над Бej Бунар, а од таму водата се доведува во резервоарите за ниската зона.

Во деновите со максимална потрошувачка на вода во водоводната мрежа се доведува околу 450 l/s, а во деновите со минимална потрошувачка на вода потребите се задоволуваат со 220 l/s.

Водоводната мрежа е поделена на три висински зони и тоа:

- Ниска зона која ја опфаќа урбаната површина од нискиот дел на градот;

[13] Извор: МЈП „Проаква“ Охрид

- Средна зона која ја опфаќа периферијата на градот и туристичките локалитети од н. Рача до с. Пештани; и
- Висока зона која го покрива високиот дел на Стариот дел на градот.

За ниската зона се изградени два резервоари со зафатнина од 1000 m^3 од кои едниот е лоциран во близина на големиот резервоар над Бej Бунар, со кота над максимално ниво од 755 m н.в., а другиот е лоциран во месноста Орман од спротивната страна на градот на кота 743.5 m н.в.

Во резервоарот во месноста Орман се доведува вода од бунарот поставен кај р. Коселска. Резервоарите од оваа висинска зона не работат синхронизирано односно резервоарот во Орман е постојано полн со вода, а притисокот во водоводната мрежа паѓа на пониска вредност од потребната (под 15 m н.в) со што снабдувањето со вода на повисоките катови е отежнато. Поради овој проблем се преземаат мерки за подобрување со користење на хидрофорски постројки - хидростаници.

За средната зона се користи големиот резервоар над Бej Бунар кој е поставен на кота 775 m н.в и има зафатнина од 3500 m^3.

За обезбедување на вода за високата зона изградена е пумпна станица од северната страна на Калето и резервоар на Калето со зафатнина од 500 m^3 на кота од 795 m н.в.

За водоснабдување на Лескоец изграден е доводен цевковод ∅150 mm кој е поврзан со водоводната мрежа од Охрид и со кој не се обезбедува доволен притисок и не се дистрибуира доволна количина на вода за селото. Овој проблем особено е истакнат во летниот период кога водата се користи за наводнување. Исто така, на овој дел од водоснабдителниот систем, како средна зона, е надоврзано и селото Горно Лакочерej со што уште повеќе се чувствува проблемот од недостиг на вода во летниот период за двете населени места.

Извори на вода, каптажи, пумпни станици и бунарски подрачја

- Извори по гравитација (Летница, Биглишта, Поник и Св. Илија) со просечна издашност од q средно/год = 64 l/s;
- Со пумпање од Билјанини Извори и бунарите Студенчишта просечно годишно 135 l/s;
- Со пумпање од Охридско Езеро (само во лето) Q инст. = 200 l/s;
- Од локални извори за с. Трпејца само со пумпање Q средно/год = 4 l/s;
- Од локални извори за с. Љубаништа гравитационо q средно/год = 2 l/s и со пумпање q средно/год = 5 l/s;
- Од локалните извори за с. Лескоец q средно/год = 4 l/s

Водоснабдителниот систем на Охрид во поголемиот дел од годината скоро целото водоснабдување го врши со пумпање или препумпување на водата до корисниците за што се користат следните пумпни станици:

- ПС Студенчишта - Билјанини Извори и за бунарите Студенчишта;
- ПС Метропол;
- Препумпна станица Дрвара;
- ПС Коњско;
- ПС Трпејца;
- ПС Љубаништа;
- Препумпна страница Орман;
- ПС Вапила;
- ПС Долно Лакочерej;
- Хидрофор Коњско;
- Хидростаници Елшани, Лескоец, Рача, Рача I, Коњско и Стобекс.

Резервоари за вода

За израмнување на часовната нерамномерност во системот за водоснабдување на Охрид изградени се резервоари со вкупна запремнина од 7.380 m^3 на следните локации:

- Резервоар на високо ниво Студенчишта од 3.500 m^3;
- Резервоар на ниско ниво Студенчишта од 1.000 m^3;
- Резервоар на високо ниво Чекоштина од 1.000 m^3;
- Резервоар на високо ниво Чекоштина за горна зона 100 m^3;
- Резервоар во Самуилови тврдини 500 m^3;
- Резервоар за населба Бej Бунар 100 m^3;
- Резервоар за населба Д. Коњско и н. Исток 100 m^3;
- Резервоар за населба Велгошти (100+260) 360 m^3;
- Резервоар за населба Пештани 160 m^3;
- Резервоар за населба Трпејца 50 m^3;
- Резервоар за населба Рача – горна зона 140 m^3;
- Резервоар за с. Љубаништа (70+80) 150 m^3;
- Резервоар за с. Лескоец 100 m^3;
- Резервоар за с. Вапила 120 m^3.

Дистрибутивна мрежа за водоснабдување

Цевководите во системот за водоснабдување на Општина Охрид се од различен вид и материјали како лиено железни, челични , азбест - цементни, ПВЦ цевки, ПЕ цевки, челични поцинкувани цевки и др. и истите се со различни профили од Ø 1/2 - Ø 711 mm. Вкупната должина на мрежата од системот за водоснабдување изнесува околу 207 km. Должината на азбест - цементните цевки изнесува 30.000 m.

- **Активности за реконструкција и замена на водоводна мрежа и нови приклучувања**

Во 2018 година изградени се повеќе водоводни линии финансирани од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Поставени се повеќе нови приклучоци на водоводна линија: Јавни Тоалети, Амам, Летница паркинг кај горна порта со профил и должина 40 m, на водоводна мрежа краци ул „Будва“ со должина 22 m, изведба на водоводна линија ул „15ти Корпус“, ул „Кленоец“ (автобуска станица) со должина 13 m, направен е продолжеток на водоводна линија на ул „Абас Емин“ во должина од 100 m, водоводна линија на ул „Бистрица“ бр.19 должина 4 m, на крак 4 делница Ела Мак – Тамаро должина 68 m, на ул „Коста Абраш“ 68 m, потоа направена е изведба на водоводна линија на ул „Ирена Мирка Гинова“ крак со должина 175 m, водоводна линија во с. Лескоец (крак Матица) и други.

Исто така преземени се повеќе активности на реконструкција и замена на водоводна линија на ул.“Будва“ со профил Ø 110 и должина 228 m, на ул.“Сирма Војвода“ 71 m, поправка и санација на водоснабдителен систем с. Опеница со профил Ø 110 и должина 60 m, санација на цевковод с. Косел со профил Ø 160 и должина 17 m, замена на водоводна линија ул „Јане Сандански“ од 72 m со профил Ø 63, реконструкција на пумпна станица во СРЦ Билјанини Извори со профил Ø 110.

Поставени се нови приклучоци на водоводна мрежа за колективни индустриски објекти, како и евидентирање на нови водомери на колективните станбени згради и приклучоци на индивидуални куќи и тоа: 156 водомери, 12 нови приклучоци за колективни и индустриски објекти.

Во тек е реализација на проект на ЈП „Водовод“ – Охрид во соработка со О. Охрид за промена на пумпи за водоснабдување поставени во пумпните станици, „Метропол“, „Трпејца“ и „Љубаништа“. Овој проект ќе се реализира преку гранд на Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, со што се очекува подобрување на водоснабдувањето и намалување на месечните сметки за електрична енергија на сите домаќинства кои се наоѓаат на потегот од Билјанини извори до селото Љубаништа.

4.2.1.2 Наводнување

АД „Водостопанство“ - подружница Црн Дрим го опфаќа Југозападниот дел на Р. С. Македонија и управува и стопанисува со хидросистемите во општините Охрид, Дебарца, Струга, Вевчани, Дебар, Центар Жупа, Кичево, Пласница и Ресен.

Подружницата ги користи, одржува и стопанисува со системите за наводнување и одводнување во Општина Охрид, со цел да обезбеди ефикасна работа на системот, да заштити или обезбеди сигурност на објектите кои припаѓаат на системот, и заштита и одбрана од поплави.

- Снабдување со вода за наводнување;
- Снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби, вклучувајќи го и производството на електрична енергија);
- Уредување на речни корита;
- Одводнување на земјиште; и
- Одведување на отпадна вода.

Наводнувањето на површините во Општина Охрид се врши преку:

- Хидросистеми со природни водотеци и реки:

- ХМС[14] Лескоец - Водите за наводнување кај овој систем се зафаќаат од Скребатска река. Системот за наводнување е комбиниран со цевковод, отворени бетонски и земјени канали. Должината на каналската мрежа е 8 km од кои една третина е цевковод, една третина е бетонски канали и една третина земјени канали;
- ХМС Косел – Лакочерej – Вода за наводнување кај овој систем се снабдува од Коселска река која има сливно подрачје од 193.3 km^2 и должина од 29 km. Системот за наводнување е комбиниран со цевковод, отворени бетонски и земјени канали. Должината на каналската мрежа изнесува 8 km.

- Систем со испумпување на вода:

- ХМС Љубаништа - Водата за наводнување кај овој систем се снабдува по пат на испумпување на водата од изворите кај Св. Наум со пумпна станица. Водата се исфрла во височина од 15 метри, а потоа наводнување се врши по гравитационен пат. Целокупната каналска мрежа кај овој систем е обложена со бетонска облога.

[14] ХМС – Хидромелиоративен систем

Чистење на коритото на Коселска река

Чистење на одводните канали околу аеродромот Св. Апостол Павле

Чистење на канал на р. Сатеска при влив во Охридско Езеро

Отварање на портите на р. Сатеска и пренасочување на дел од водите во р. Црн Дрим

Слика 19 Активности за чистење на АД „Водостопанство“ – Подружница Црн Дрим

4.2.1.3 Состојба со водите во Охридско Езеро

Регулација на нивото на Езерото и испустот на Охридското Езеро преку Црни Дрим во Струга се регулира согласно потпишаниот Договор помеѓу Р. Албанија и Р. Македонија во 1957 година. Во 1971 година бил одржан Симпозиум за овој природен ресурс, кога бил донесен заклучок дека Езерото не смее да се користи само како акумулација, туку задолжително треба да се следат и неговите осцилации кои треба да се движат помеѓу природниот минимум од 693 m н.в. и максимум од 694 m н.в.

Иако, Охридското Езеро е прогласено за светско природно наследство заштитено од УНЕСКО, тоа со децении се користи како акумулација за производство на електрична енергија од страна на АД ЕЛЕМ врз основа на добиена водостопанска дозвола.

Компанијата за производство и дистрибуција на електрична енергија АД ЕЛЕМ е одговорна за регулација на водостојот на Охридско Езеро во Р. С. Македонија.

Регулација на водостојот се врши со испуштање на водата од езерото во р. Црн Дрим кое се уште се изведува рачно со дрвени прегради.

По течението на реката Црн Дрим има поставени две хидроелелектрани на територија на Р. С. Македонија, ХЕ „Шпилје" - О. Дебар и ХЕ „Глобочица" во близина на О. Струга, и три хидроелектрани на територија на Р. Албанија.

Големите осцилации во нивото на водата во Езерото, кои најчесто се резултат на неправилно управување, имаат негативни влијанија на екосистемот на Охридско Езеро и инфраструктурата на Општината.

Во рамки на проектот за мониторинг на Охридското Езеро, Управата за хидрометеоролошки работи во центарот на Охрид постави електронска табла која отчитува повеќе параметри. На таблата се прикажани водостојот на езерото, како и температурите на воздухот и водата, но истата не е во функција.

Слика 20 Мониторинг табла на Охридско Езеро

Во насока на заштита и одржливо управување со природните ресурси во подготовка е интегрален План за управување со сливот на Охридско Езеро. Изработката на планот за управување со сливот на Охридското езеро е финансиран во рамките на ГЕФ[15] Дримскиот Проект и е една од клучните активности во програмата за мерки за заштита и управување во басенот. Изработката е предвидено да трае 18 месеци и да резултира со Финален и усвоен План за управување со Охридското езеро согласно Европската рамковна директива за води.

Во проектот, финансиран од ГЕФ, кој се однесува на интегрирано управување со Дримски Басен досега се изготвени тематски студии за институционалната поставеност, за биодиверзитет, за социоекономија, загадување и хидрологија на Дримскиот басен кои ќе бидат основа за изработка на Прекугранична Дијагностичка

[15] Глобален еколошки фонд

Анализа на басенот и Стратешкиот Акционен план. Во рамки на овој проект започнати се и низа проекти меѓу кои е и изработката на Планот за управување со интегралниот слив на Охридско Езеро.

ГЕФ проектот за Дрим е континуирана активност, а произлегува од Охридската декларација за Дрим, односно процесот Дримскиот дијалог започнат во 2009 година и како резултат на потпишаниот Меморандум за заедничка визија од страна на петте држави[16] потпишан во 2011 година.

4.2.2 Квалитет на водите

4.2.2.1 Квалитет на водата за водоснабдување

За обезбедување здрава вода за пиење се користи третман на водата со течен хлор и натриум хипохлорид. Со течен хлор се третира водата во хлоринаторската станица Метропол, водата од резервоар Орман и резервоар Студенчишта, додека со натриум хипохлорид се третира водата од Љубаништа, Трпејца, Рамне, Велгошти, Лескоец, Вапила.

Во текот на 2018 година се направени 1650 мерења на содржината на резидуален хлор во водата за пиење, при што на 29 мерни места најдено е отсуство на резидуален хлор од кои 30% неисправни мостри се однесуваат за населено место Велгошти.

Во текот на 2018 година извршено е чистење и дезинфекција со хиперхлорирање со натриумхипохлорид на главниот резервоар за вода за пиење Студенчишта, на помалиот резервоар во близина на главниот резервоар и на резервоарот во Орман.

Во населените места Љубаништа, Трпејца и Вапила, кои имаат сопствен систем за водоснабдување, во текот на 2018 год направени се 5 мерења на содржината на резидуален хлор. Примероците за периодична Во Р.3.3.3[17] Скопје во месец декември 2018 година направена е периодична анализа на квалитет на водата од следните изворишта: Билјанини Извори, Летнички извори, Бунари Орман, Бунари Студенчишта и ПС Метропол. Резултати од испитувањата на однесените примероци покажуваат дека сировата вода од изворите и бунарите одговара на правилникот за безбедност на водата (Сл. весник на Р.С. Македонија бр.46/08).

Контрола на здравствената исправност на водата се врши од страна на две јавни установи на Р. С. Македонија:

- Републички завод за здравствена заштита – Скопје каде се носат мостри за испитување на квалитет на вода од изориштата: Летница, бунари Студенчишта, бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридското Езеро кај усисната корпа пред ПС Метропол и од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа. Мострите се земаат и се носат на испитување два пати годишно во месец јуни и

[16] Р. Албанија, Р. Грција, Р. Црна Гора, Р. Косово и Р. С. Македонија

[17] Републички завод за здравствена заштита - Скопје

декември. За мострите испратени во РЗЗЗ – Скопје се врши физичко – хемиска анализа за присуство на токсични супстанции и тешки метали согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбедност на водата за пиење (Сл. Весник на РМ бр.46/08) за следните параметри: присуство на пестициди и присуство на радиоактивни материи;

- Центар за Јавно здравје - Охрид каде се носат мостри за испитување на квалитет на вода од системот за водоснабдување. Во 2018 година извршени се анализи на 832 мостри од Системот за водоснабдување и тоа по 16 мостри неделно. Од овие 832 мостри 4 биле неисправни од кои 3 поради отсуство на резидуален хлор и 1 поради зголемена матност. Центарот за јавно здравје – Охрид ги испитува следните параметри: микробиолошко испитување, физичко – хемиска анализа и анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

Во 2018 година во РЕ „Водовод“ – Охрид неколку пати биле извршени контроли од инспектори за храна од Агенцијата за храна и ветеринарство при што е констатирано дека имплементацијата на HACCP[18] системот е во завршна фаза.

Од страна на ЈЗУ “Центар за јавно здравје” – Охрид квалитетот на водата за пиење во Општина Охрид се следи на 16 мерни места (по потреба и повеќе) еднаш неделно.

Во следната табела се дадени мерните места од кои што се земаат примероци за анализа на квалитет на водата за водоснабдување во Општина Охрид.

Табела 24 Мерни места, фреквенција на мониторинг, тип на анализа и параметри кои се следат

Извор: МЈП „Проаква“

Мерно место	Датум на земање	Динамика на тестирање	Тип на анализа[19]	Параметри
Лескоец (селска чешма)	01.10.2018 15.10.2018	Два пати месечно	●	¤[20]
Градски гробишта	01.10.2018 22.10.2018	Два пати месечно	●	¤
Автобуска станица Охрид	01.10.2018 08.10.2018 15.10.2018 29.10.2018	Четири пати месечно	●	¤

[18] HACCP систем со кој се идентификуваат специфични опасности и превентивни мерки за управување со тие опасности со цел намалување на ризик од несакана дистрибуција на небезбедна вода за пиење.

[19] Физичко-хемиска и микробиолошка анализа

[20] физички показатели: боја и матност; физичко-хемиски показатели: pH, потрошувачка на $KMnO_4$ и електролитска спроводливост на 20 °*C*; хемиски показатели: амонијак, нитрити, нитрати, хлор, железо, манган и резидијален хлор; микробиолошка анализа: колиформни бактерии, вкупен број на колонии на 37 °*C* во 1 *ml*, ентерококи во 100 *ml*, сулфито редуцирачки клостериди во 100 *ml*, вкупен број на аеробни колонии на 22 °*C* во 1 *ml*, Pseudomonas aeruginosa во 100 *ml* и Escherichia coli.

Пазар	01.10.2018 08.10.2018 22.10.2018	Три пати месечно	●	¤
Лескајца фонтана	01.10.2018 15.10.2018 22.10.2018	Три пати месечно	●	¤
Амбуланта Воска	01.10.2018 08.10.2018 22.10.2018	Три пати месечно	●	¤
Св. Еразмо специјална болница за ортопедија и трауматологија	01.10.2018 08.10.2018 15.10.2018 22.10.2018 29.10.2018	Пет пати месечно	●	¤
Варош црква Св. Варвара	01.10.2018 15.10.2018 22.10.2018	Три пати месечно	●	¤
Фонтана Пристаниште	01.10.2018 15.10.2018 29.10.2018	Три пати месечно	●	¤
Детска градинка “Јасна Ристеска” - Охрид	01.10.2018 08.10.2018 15.10.2018	Три пати месечно	●	¤
Студентски дом “Никола Карев” - Охрид	01.10.2018 08.10.2018 15.10.2018 22.10.2018 29.10.2018	Пет пати месечно	●	¤
Факултет за угостителство и туризам	01.10.2018 29.10.2018	Два пати месечно	●	¤
Бензинска пумпа Студенчишта	01.10.2018 15.10.2018	Два пати месечно	●	¤
Билјанини Извори	01.10.2018 08.10.2018 15.10.2018 22.10.2018 29.10.2018	Пет пати месечно	●	¤
Населба Рача	01.10.2018 08.10.2018 22.10.2018	Четири пати месечно	●	¤

	29.10.2018			
ОУ "Ванчо Николески" - Лескоец	08.10.2018 29.10.2018	Два пати месечно	●	¤
ОУ "Живко Чинго" - Велгошти	08.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Завод за прев. Лек. И рех. На кардиоваскуларни заболувања	01.10.2018 08.10.2018 15.10.2018 22.10.2018 29.10.2018	Пет пати месечно	●	¤
Фонтана Пазар	08.10.2018 29.10.2018	Два пати месечно	●	¤
Детска градинка "Јасна Ристеска" - Лескајца	08.10.2018 29.10.2018	Два пати месечно	●	¤
ОУ "Св Климент Охридски" - Охрид	08.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Комплекс Летница	08.10.2018 22.10.2018	Два пати месечно	●	¤
Хотел Милениум Палас	08.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
с. Велгошти селска чешма	15.10.2018 22.10.2018	Два пати месечно	●	¤
Далјан	15.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Охридати	15.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Пештани	15.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Комплекс "Гица"	22.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
ОУ "Григор Прличев" - Охрид	22.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Спортска сала "Билјанини Извори"	22.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Општа болница Охрид	22.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
ОСУ ЕМУЦ "Св. Наум Охридски" - Охрид	29.10.2018	Еднаш месечно	●	¤

ОУ "Братство Единство"	29.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
с. Орман	29.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Маларична	29.10.2018	Еднаш месечно	●	¤
Резервоар "Студенчишта"	29.10.2018	Еднаш месечно	●	¤

Во следниот табеларен преглед се дадени вкупниот број на анализи направени од страна на ЈЗУ "Центар за јавно здравје" Охрид за период 2014 – 2018 година, потоа вкупниот број неисправни примерци и број на примероци со параметри кои отстапуваат.

Табела 25 Број на анализи на квалитет на вода за период 2014 – 2018 година

Извор: МЈП „Проаква"

Година	**Вкупен број анализи**	**Вкупен број неисправни примероци**	**Параметри кои што отстапуваат**		
			Отсуство на резидијален хлор	**Зголемена матност**	**Намалено присуство на резидијален хлор – 0,1 *mg/dm*^{3}**
2014	780	-	-	-	-
2015	804	17	4	9	4
2016	760	13	8	1	4
2017	823	15	9	6	-
2018	832	4	3	1	-
Вкупно	3999	49	24	17	8

Од 01.01.2016 год. заклучно со 31.12.2018 год. вкупно се земени 2.445 примероци вода од градска водоводна мрежа, од кои:

- Во 2016 год. имало 810 исправни и 23 неисправни примероци вода;
- Во 2017 год. имало 784 исправни и 15 неисправни примероци вода; и
- Во 2018 год. имало 809 исправни и 4 неисправни примероци вода.

Од вкупниот број неисправни примероци вода во 2016, 2017 и 2018 година 18 биле микробиолошки неисправни односно во примероците вода изолирани се E.coli или Enterococcus, додека 25 примероци биле со зголемени вредности на боја и матност или не содржеле резидуален хлор.

4.2.2.2 Квалитет на површински води

Квалитетот на водата во површинските води се следи од страна на Центарот за управување со кризи, јавното претпријатие МЈП „Проаква“, Центарот за јавно здравје и Хидробиолошкиот завод – Охрид.

На следната слика се прикажани хидролошките станици во Р. С. Македонија.



Извор: Национална стратегија за води 2012 – 2042

Слика 21 Хидролошки станици во Р. С. Македонија

Квалитет на водата во Охридско Езеро

Во следниот табеларен преглед дадени се мерења на квалитетот на водата во Охридското Езеро извршени во 2018 година од страна на МЈП „Проаква“ Охрид.

Табела 26 Квалитет на водата во Охридско Езеро во 2018 година

Извор: Центар за управување со кризи и МЈП „Проаква“

Мерно место	Земени мостри	Физичко - хемиска класификација	Микробиолошка класификација	Дата на земање
плажа	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	13.06.2018
Св. Наум	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	25.07.2018
	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	08.08.2018
плажа	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	13.06.2018
с. Љубаништа	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	25.07.2018
	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	08.08.2018

с. Трпејца **плажа**	1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018
камп Градиште **плажа**	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018 08.08.2018
х. Десарет **плажа**	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018 08.08.2018
с. Пештани **плажа**	1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018
камп Елешец **плажа**	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018 08.08.2018
населба Лагадин **плажа**	1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 08.08.2018
х. Метропол **плажа**	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018 08.08.2018
х. Гранит **плажа**	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	13.06.2018 25.07.2018 08.08.2018
х. Орце Николов **плажа**	1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	25.07.2018 08.08.2018
Хотел **Парк Лејксајд** **плажа**	1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	30.05.2018 08.08.2018
Куба Либре **плажа**	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	30.05.2018 19.09.2018 17.10.2018
Канал **Студенчишта**	1 1	1 мостра -5 класа 1 мостра -3 класа	НЕЗАДОВОЛНИТЕЛНА НЕЗАДОВОЛНИТЕЛНА	17.10.2018 20.11.2018
хотел Тино плажа	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	30.05.2018
Пристаниште **плажа**	1 1 1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	16.01.2018 07.03.2018 04.04.2018 11.07.2018 15.08.2018

Сараиште плажа	1 1 1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра – 2 класа 1 мостра – 1 класа 1 мостра – 1 класа 1 мостра – 1 класа	ОДЛИЧНА ДОБРА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	07.03.2018 04.04.2018 30.05.2018 11.07.2018 15.08.2018
Грдано	1	1 мостра – 1 класа	ОДЛИЧНА	15.08.2018
Потпеш плажа	1 1	1 мостра – 1 класа 1 мостра – 1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	11.07.2018 15.08.2018
Канео плажа	1 1	1 мостра – 1 класа 1 мостра – 1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	11.07.2018 15.08.2018
Дебрца плажа	1	1 мостра – 2 класа	ОДЛИЧНА	04.04.2018
Хотел Ројал плажа	1 1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ДЛИЧНА ОДЛИЧНА	07.03.2018 11.07.2018 15.08.2018 19.09.2018
Хотел Милениум плажа	1	1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА	04.04.2018
над Грашница плажа	1 1 1	1 мостра -2 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ДОБРА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	04.04.2018 11.07.2018 15.08.2018
Градска плажа Мизо	1 1 1 1 1 1	1 мостра- 2 класа 1 мостра- 2 класа 1 мостра-1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ДОБРА ДОБРА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	16.01.2018 07.03.2018 30.05.2018 11.07.2018 15.08.2018 19.09.2018
Одморалиште партизан плажа	1 1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа 1 мостра -1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	11.07.2018 15.08.2018 19.09.2018
х. Далјан плажа	1	1 мостра -1-класа	ОДЛИЧНА	30.05.2018
Андон Дуков плажа	1 1	1 мостра -1 класа 1 мостра- 1 класа	ОДЛИЧНА ОДЛИЧНА	30.05.2018 19.09.2018

Во периодот јуни – септември 2017 година во рамките на проектот „Следење на нутриентното оптоварување на водата во крајбрежниот дел на Охридско Езеро – централно градско подрачје на Охрид (Мазија, Пристаниште, Сараиште)“ НУ Хидробиолошкиот завод Охрид извршил испитувања на квалитетот на водата во Охридското Езеро преку лабораториска обработка на пробите.

Избраните локалитети се одликуваат со најголема изложеност на антропогено влијание и тоа:

- Локалитет Пристаниште – под силно негативно влијание од: пловните мотори лоцирани во каналот Студенчишта, туристичките капацитети и главната сообраќајница во градот која во текот на летото прераснува во градско шеталиште;
- Локалитет Студенчишта – под особено негативно влијание од испловување – впловување на пловните објекти чија фреквенција кулминира во екот на туристичката сезона;
- Локалитет Мазија – под влијание на голем број угостителски објекти од помал обем (кафулиња и барови).

Примероците вода биле анализирани во Одделението за физичко – хемиско истражување и Одделението за микробиолошко испитување при ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид.

Испитувани физичко хемиски параметри на овие локалитети биле: вкупен азот (TN), вкупен фосфор (TP), температура, pH, спроводливост, вкупна алкалност, концентрација на растворен кислород, БПК, органски биоразградливи материи, азотни форми (амонијачен азот, нитратен азот, нитритен азот и азот по Kjeldahl, вкупно суспендирани материи, вкупен остаток после испарување (органски и неорганski).

Во извештајот од реализацијата на проектот констатирани се следните наоди:

- Добра снабденост со кислород во примероците колекционирани од трите локации;
- Во месеците мај и јуни евидентирани се повисоки вредности на биохемиска потрошувачка на кислород на сите три локалитети, а посебно висока вредност евидентирана е на Сараишта 4,797 mg $l^{-1}O_2$. Најниски вредности на овој параметар се евидентирани во месец август;
- Нутриентно оптоварување на водата е претставено врз основа на концентрациите на азот и фосфор, како најважни биогени елементи. Според испитувањата повисоки концентрации за вкупен фосфор се евидентирани во јуни и јули кога врз основа на овој параметар водата укажува на премин во мезотрофен карактер, односно II класа. Повисоки вредности се евидентирани на локалитетот Сараишта со максимални 17.05 μg l^{-1} TP за месец јуни и 17.11 μg l^{-1} TP за месец јули на локалитет Пристаниште. Примарните антропогени извори на фосфор во акватериумите пред се ги вклучуваат отпадните води од домаќинствата и отпадни води кои ги промиваат земјоделските површини. Вредноста на мерењата за азотните форми се ниски или воопшто не се детектирани на пр. вредноста на нитратен азот се движи од 7.363 μg l^{-1} во

локалитетот Мазија до 31.652 μg l^{-1} во локалитет Сараишта за време на месец јули;

- Вредностите добиени за органски азот се повисоки во однос на неорганските форми (нитратен и нитритен азот), со што се констатира дека присутниот азот е од органско потекло и се генерира како резултат на распаѓање на органска материја. Највисоки вредности за овој параметар Концентрации на азот по Келдал се регистрирани во Сараиште (232,68 μg l^{-1} во јуни) и Пристаниште (233.42 μg l^{-1} во јуни и 233.95 μg l^{-1} во јули). Највисоки вредности на параметарот вкупен азот се евидентирани во месец јуни на локалитетите Сараишта 250.52 μg l^{-1} и Пристаништа 243.204 μg l^{-1};
- Врз основа на нумеричките вредности добиени за индексот на трофичка состојба пресметан според концентрација на вкупен фосфор, констатирано е генерално дека трофичката состојба на истражуваните локалитети припаѓа во олиготрофно подрачје, со исклучок на месеците јуни и јули кога во локалитетите Пристаниште и Сараишта евидентиран е премин кон мезотрофно подрачје.

Во однос на микробиолошките испитувања и добиените вредности, во извештајот се дадени следните наоди:

- Вредностите на хетеротрофни мезофилни бактерии се движат од 20 кај Мазија во август до 1540 бакт./ml кај Сараишта во јули. За цело време на истражувањето доминантни биле психрофилите во сите анализирани примероци на вода. Бидејќи индексот бил доста варијабилен М/П од 1,1 во јуни до 11,55 кај Мазија, состојбата укажува на тоа дека квалитетот на вода е варијабилен во истражувачкиот период и покажува процес на забрзана еутрофикација од антропогено потекло;
- Факултативно олиготрофните бактерии се најдени во сите мостри на вода од Езерото, а максимална вредност е евидентирана во јули ка ј Сараишта 6940 бакт./ml;
- Бројот на колиформни бактерии варира од 10 бакт./100 ml кај Мазија во јули, до 14.400 бакт./100 ml кај Сараишта во јули. Колиформните бактерии доаѓаат најчесто со комуналните отпадни води. Според Уредбата за категоризација на водите (Сл. Весник на РМ бр.18/99) квалитетот на водата во сите месеци е лош односно IV класа, освен во месец јуни кога кај Мазија е во II класа. Вредностите за овие бактерии укажуваат на континуирано загадување со комунални отпадни води;
- Присуство на индикаторот за свежо загадување со Escherichia coli не е регистрирано во водата од трите локалитети во јуни и септември кај Мазија и Пристаниште. Максимумот од 800 бакт./100 ml е регистриран во езерската вода

кај Сараишта во јули. При максималната бројност на Escherichia coli е евидентиран и максимумот на ентерококи 4200 бактерии во 100 ml.;

- Aeromonas е регистриран во водата од сите истражувани локалитети цо максимум од 16.400 бакт./ml во месец јули кај Сараишта, што укажува на контаминација со комунални отпадни води.

Според класификацијата на Kavka&Poetch, 2002, кои ги класифицираат водите според комуналното загадување (E.coli, Enterococci и вкупно колиформи), квалитетот на водата во Охридско Езеро во истражуваните локалитети е следен:

- Според вкупни колиформни бактерии претежно во II класа (само еднаш е во I кај Мазија во јуни I во III класа е во јули кај Пристаниште и Сараиште и во септември кај Мазија и Сараиште.
- Според E.colo водата е незагадена (I класа) кај сите локалитети во јуни и кај Мазија и Пристаниште во септември, а во останатите месеци е умерено загадена (II класа);
- Според ентерококи водата е претежно критично загадена (III класа) во сите месеци и локалитети, освен во јуни и август кај Мазија кога е умерено загадена и во јули кај Сараишта кога е јако загадена (IV класа);
- Според хетеротрофи (на 22 ^{0}C) кои укажуваат на органско загадување, квалитетот на водата од истражуваните локалитети е умерено загадена (II класа) во сите месеци, освен кај Сараиште во јули кога вредноста е на граница на критично органско загадување (III класа).

На крајот на споменатиот Извештај се дадени следните заклучоци и препораки:

- Добиените резултати од физичко- хемиските и биолошките истражувања покажуваат дека е неопходен комплетен мониторинг на водата и седиментот од литорално-крајбрежната зона на Охридско Езеро, заради целосно согледување на состојбата и преземање на соодветни мерки за заштита;
- Потребно е да бидат вклучени анализи и во ентралната пелегијална зона на Охридско Езеро, во еден вертикален профил од 10 и повеќе длабочини кои ќе го вклучат и најдлабокиот езерски слој, со цел добивање на поцелосна слика за состојбата со овој непроценливо важен акватичен екосистем.;
- Категоризација на езерската вода и детекција на „жешки точки“, како и навремено реагирање на забрзан процес на еутрофикација;
- Добиените резултати за вкупните колиформни бактерии, ентерококи, E. coli укажуваат на контаминација, односно покажуваат дека крајбрежјето на Охридско Езеро на локалитетите Мазија, Пристаниште и Сараиште е под влијание на комунални отпадни води. Многу е важно да се знае од каде потекнуваат тие води за да се преземат соодветни мерки за заштита и да се спречи понатамошно загадување на водата во Охридско Езеро;

- Квалитативната и квантитативната композиција на микробијалните заедници покрај органското загадување укажуваат и на забрзана еутрофикација на Езерото поради што е неопходно да се превземат мерки за перманентна контрола на квалитетот и соодветна заштита на Охридското Езеро;
- Од извршената сапробиолошка анализа може да се заклучи дека утврдените видови воглавно припаѓаат на води од I, I, II и II категорија. Бројните вредности на индексот на сапробност во текот на истражувањата се движеа во граници од 1,54 до 1,78. Овие вредности одговараат за води од I, II и II категорија. Втора категорија е констатирана во јуни и јули во локалитетот Пристаниште и во јуни во локалитетот Мазија;
- Исто така значајно е во истражувањето да бидат вклучени и површинските водотеци што се влеваат во Охридско Езеро (Коселска, Сатеска, Велгошка и Черава), а кои се главни реципиенти на отпадни води од индустријата, комунални води, како и на дренажни води од земјоделските површини каде тие поминуваат.

Квалитет на површински води

Во следниот табеларен преглед дадени се мерења на квалитетот на водата во површинските води извршени во текот на 2018 година од страна на МЈП „Проаква“ Охрид.

Табела 27 Квалитет на водата во реки во 2018 година

Извор: Центар за управување со кризи и МЈП „Проаква“

Реки	Бр. на земени мостри	Физичко-хемиска класификација	Микробиолошка класификација	Дата на земање
Р. Черава				
Р. Сатеска **пред влив во езеро**	1 1	1 мостра-3-та класа 1 мостра-3-та класа	1 мостра-3-та класа 1 мостра-3-такласа	19.07.2018 16.08.2018
Р. Коселска	1 1	1 мостра- 3-та класа 1 мостра-3-та класа	1 мостри-3-та класа 1 мостра-3-та класа	19.07.2018 16.08.2018
Р. Велгошка **(Грашница)**	1 1 пред влез во езеро 1 водотек 1 по	1 мостра-3-та класа 1 мостра-5-та класа 1 мостра-5-та класа 1 мостра-3-та класа	1 мостра-3-та класа 1 мостра-5-та класа 1 мостра-5-та класа	16.08.2018 14.12.2018 4.12.2018

	ул.Туристичка 1 влив во езеро	1 мостра-3-та класа	1 мостра-3-та класа 1 мостра-3-та класа	18.12.2018 18.12.2018
р. Црн Дрим **20 m по испуст на пречистителна станица**	1 1	1 мостра - 2-ра класа 1 мостра-2-ра класа	1 мостра- 2-ра класа 1 мостра-2-ра класа	19.07.2018 16.08.2018
р. Црни Дрим **20 m пред испуст на пречистителна станица**	1 1	1 мостра-2-ра класа 1 мостра-2-ра класа	1 мостра-2-ра класа 1 мостра-2-ра класа	19.07.2018 16.08.2018
р. Црни Дрим **водотек**	1 1	1 мостра-1-ва класа 1 мостра-2-ра класа	1 мостра-2-ра класа 1 мостра-2-ра класа	19.07.2018 16.08.2018

4.2.3 Одведување на отпадни води

Канализацискиот систем во Општина Охрид, покрај основната функција на одведување на урбани отпадни води, има за цел и заштита на Охридското Езеро од внесување на отпадни води кои можат да ја нарушат неговата олиготрофност и специфичната флора и фауна.

Системот за заштита на Охридското Езеро од отпадни води, овозможува прифаќање и третман на 67,91% од отпадните води кои се продуцираат во регионот со кој управува МЈП „Проаква“.

Владата на Р. С. Македонија, во декември 2018 година донесе одлука за формирање на Јавно претпријатие „Колекторски систем“ за заштита на Охридското Езеро од отпадни води, со цел новото јавно претпријатие, да ги преземе сите обврски за управување и стопанисување со колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро.

Државното јавно претпријатие “Колекторски систем“ со седиште во Скопје, ќе започне со работа во месец октомври 2019 година.

Системот за заштита на Охридското Езеро е составен од:

- Канализациона мрежа составена од:
    - мешовита канализациона мрежа;
    - канализациона мрежа за комунални отпадни води; и
    - атмосферска канализациона мрежа.

- Колекторски систем за примарен третман на отпадни води;
- Пречистителна станица за отпадни води; и
- Путекс станици во камп Љубаништа, камп Св. Наум, камп Градиште и Хотел Бисер.

Канализациска мрежа

Во Општина Охрид изградена е секундарна канализациска мрежа во должина од околу 128 km и објекти на канализациониот систем, шахти и пумпни станици. Оваа канализациска мрежа е составена од:

- Улична канализациска мрежа за комунални отпадни води во должина од 87 km преку која се одведуваат урбани отпадни води од домаќинствата и индустријата;
- Атмосферска канализациска мрежа во должина од 37 km преку која се одведуваат атмосферските отпадни води;
- Заедничка канализациска мрежа во должина од 41 km преку која се одведуваат измешани урбани отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни и атмосферски отпадни води.

Отпадните води од уличната канализациска мрежа и отпадните води од заедничката канализациска мрежа се прифаќаат во колектор кој е дел од Системот за заштита на Охридското Езеро, а потоа се пречистуваат во пречистителната станица за отпадни води во Враништа (Општина Струга). Реципиент на вака пречистените отпадни води е реката Црн Дрим.

Отпадните води од атмосферската канализациска мрежа се испуштаат во колекторот од Системот за заштита на Охридското Езеро, а реципиент на овие отпадни води е Охридското Езеро.

За функционирање на канализацискиот систем поставени се 7 пумпни станици за совладување на висинската разлика на теренот и непречено одведување на комуналните отпадни води.

Табела 28 Пумпни станици за одведување на комунални отпадни води

Извор: ЈП „Нискоградба“

Име	Капацитет	
	l/sec	Инсталиран капацитет KW
Канео	2,5 x 2	3 (7) x 2
Грдано (Св. Софија 1)	(0,8 – 7,5) x 2	1,1 x 2
Бабаче (Св. Софија 1)	(0,8 – 7,5) x 2	3,15 (4,4) x 2
Радојца Новичиќ	(0,8 – 7,5) x 2	3,15 (4,4) x 2
Прилепска	(1 – 3) x 2	1,5 x 2
Рача	(0,8 – 7,5) x 2	1,1 x 2

Извор: Ohrid news

Слика 22 Пумпна станица Подмоље

На следната слика е даден шематски приказ на уличната канализациска мрежа во Општина Охрид.

Извор: ЈП „Нискоградба“

Слика 23 Шема на канализациска мрежа за комунални отпадни води

Степенот на приклученост на објектите и домаќинствата на канализационата мрежа во градот Охрид е 93 %, додека податоци за степенот на покриеност на останатите населени места во руралниот дел на општината се дадени во следниот табеларен преглед.

Табела 29 Степен на поврзаност на канализациона мрежа во Општина Охрид

Извор: ЈП „Нискоградба“

Населени места	Степен на поврзаност на канализациска мрежа[21]
Град Охрид	93 %
Велгошти	80 %
Долно Коњско, Исток, Коњско	60 %
Лагадин	80 %
Пештани	75 %
Подмоље	80 %
Рача	80 %
Свети Стефан	75 %
Шипокно	75 %
Лескоец	30 %
Велестово, Горно Лакочерej, Елешец, Елшани, Љубаништа, Орман, Рамне, Трпејца, Валила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатино	0 %

Од табеларниот преглед може да се констатира дека во поголем број населени места, во руралниот дел на Општината, отсуствува канализациска мрежа за комунални и атмосферски отпадни води.

Извор: СОС Охрид

Слика 24 Отпадна комунана вода во Охридско Езеро – населба Воска

[21] Извор: ЈП „Нискоградба“ Охрид

При зголемени атмосферски води доаѓа до мешање на комуналните и атмосферските отпадни води при што, заради недоволниот капацитет на канализациската мрежа, доаѓа до излевање на отпадната вода од шахтите и поплавување на делови од населените места. Исто така, при вакви појави доаѓа до преоптеретување на колекторот од Системот за заштита на Охридското Езеро, заради што отпадните води не доволно пречистени се испуштаат во езерото.

На следната слика е даден шематски приказ на атмосферската канализациска мрежа во Општина Охрид.



Извор: ЈП „Нискоградба“

Слика 25 Шема на атмосферска канализациска мрежа

- **Колекторски систем за примарен третман на отпадни води**

Примарниот колектор ги прифаќа отпадните води од секундарните канализациони мрежи и истите ги одведува до пречистителната станицата Враништа на понатамошен третман. Должината на примарниот колектор е околу 37 km, и е составен од:

- Источен крак од Лагадин / Елешец до Струга;
- Западен крак од Елен Камен до Струга;
- Магистрален од Струга до станица за третман на отпадни води.

На примарниот колектор, изградени се 12 пумпни станици, а инсталираниот капацитет на пумпите во пумпните станици се движи од 30 до 2.240 l/s.

Извор: Google

Слика 26 Колекторски систем

Во двете физибилити студии што се изготвени од јапонската владина агенција „Јајка“ се наведува дека на колекторскиот систем на Охридското Езеро итно му е потребна реконструкција и надградба.

Колекторскиот систем е нефункционален, а водата во Охридското Езеро е континуирано изложена на загадување со комунални отпадни води.

- **Пречистителна станица за отпадни води „Враништа“**

Пречистителната станица се наоѓа на околу 4 km од градот Струга, помеѓу селата Враништа и Ложани. Истата, треба да обезбеди механички и биолошки третман на отпадните комунални води, додека за индустриските отпадни води субјектите се задолжени со предтретман на водите пред нивно испуштање во канализацискиот систем.

Капацитетот на пречистителната станица е 120.000 еквивалентни жители, а пречистената вода се испушта во реката Црн Дрим. Годишниот капацитет на станицата за пречистување е 12.000.000 – 15.000.000 m^3/год односно околу 40.000 m^3/ден.
Квалитетот на отпадните води, кои доаѓаат во станицата и квалитетот на пречистената вода која се испушта во реципиентот, се контролираат во лабораторија сместена во командната зграда на МЈП „Проаква“. Резултатите од испитувањата, во форма на извештај, се доставуваат до Државниот инспекторат за животна средина.

Пречистителната станица „Враништа“ не е во функција во последните 18 месеци, а комуналните отпадни води без третман се испуштаа во р. Црн Дрим.

4.2.4 Квалитет на отпадните води

Мерно место	Земени мостри	Физичко хемиска класификација	Микробиолошка класификација	Дата на земање
Отпадна вода БЕЛ БОР с. Дебрешта	01	01 мостра-5-та класа	/ 01 мостра- 1-ва класа	12.02.2018
Отпадна вода Бетонска база ЛАВЧЕ	01	01 мостра- 2-ра класа	01 мостра- 2-ра класа	14.03.2018
Отпадна вода АНДРОС ФАРМ ДОО	01	01 мостра- 1-ва класа		
ПУТЕКС Х.БИСЕР	01	01 мостра- 3-та класа	01 мостра- 4-та класа	03.04.2018
ПУТЕКС камп ЉУБАНИШТА	01 01 01 01	01 мостра- 2-ра класа 01 мостра- 3-та класа 01 мостра- 2-ра класа 01 мостра- 5-та класа	01 мостра- 2-ра класа 01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 2-ра класа 01 мостра-3-та класа	12.06.2018 17.07.2018 14.08./2018 17.07.2018 14.08.2018
ПУТЕКС - СВ.НАУМ	01 01 01 01	01 мостра- 4-та класа 01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 5-та класа	01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 3-та класа 01 мостра- 4-та класа 01 мостра- 5-та класа	17.07.2018 14.08.2018 17.07.2018 14.08.2018
ПУТЕКС-ГРАДИШТЕ	01 01 01 01	01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 3-та класа 01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 5-та класа	01 мостра- 4-та класа 01 мостра- 5-та класа 01 мостра- 4-та класа 01 мостра- 3-та класа	17.07.2018 14.08.2018 17.07.2018 14.08.2018

4.2.5 Проблеми во однос на управувањето со водите

- Стари дотраени цевки во водоснабдителниот систем (азбест-цементни цевки 30.000 m);
- Голема потрошувачка на енергија за пумпање и/или препумпување на вода за водоснабдување;
- Недостаток на вода за водоснабдување во летниот период во Општина Охрид и во с. Лескоец, г. Лакочерej и н. м. Орман;
- Низок степен на одржување и чистење на каналите за наводнување;
- Ниска свест кај граѓаните за одржување на каналите за наводнување;
- Недостаток од континуиран мониторинг на осцилациите на водостојот во Охридско Езеро;
- Недостаток од комплетен мониторинг на водата и седиментот од литорално – крајбрежната зона на Охридско Езеро, заради целосно согледување на состојбата и преземање на соодветни мерки за заштита;
- Отсуство на План за управување со сливот на Охридско Езеро;
- Незадоволителен квалитет од III и IV класа на водата во Охридско Езеро на мерно место: канал Студенчишта, плажа над Грашница, плажа Сараишта, градска плажа Мизо, III класа на квалитет на водата во р. Сатеска и р. Коселска

непосредно пред влив во езеро, V класа квалитет на вода на р. Велгошка (Грашница) пред влив во езеро;

- Отсуство на сепаратна канализациона мрежа (атмосферска, комунална и индустриска) и одведување на измешани урбани, индустриски и атмосферски отпадни води;
- Застарени пумпни станици во рамките на колекторскиот систем за отпадни води
- Нефункционалност на колекторскиот систем;
- Отсуство на канализациона мрежа во населените места Велестово, Г. Лакочерej, Елешец, Елшани, Љубаништа, Орман, Рамне, Трпејца, Валила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатино;
- Отсуство на податоци за број на септички јами и начин на нивно одржување и чистење;
- Опасност од загадување на Билјанини Извори заради непостоење на канализационен систем во населбата веднаш над изворите и „пробивање“ на септичките јами ;
- Нефункционалност на Путокс станиците во Св. Наум, камп Градиште, камп Љубаништа, х. Бисер;
- Недоволен капацитет на пречистителната станица Враништа, Општина Струга и нејзина нефункционалност;
- Низок процент на покриеност со атмосферска канализација на Општина Охрид;
- Прелевање на отпадни комунални води од шахти, заради недоволен капацитет на канализационата мрежа;
- Континуирано загадување со комунални отпадни води на Охридско Езеро на локалитетите Сараишта, Пристаниште и Мазија;
- Нерегулирани корита и поплави во атарите на населените места.

4.2.6 Препораки за решавање на проблемите во однос на управување со водите

- Отстранување/замена на азбест – цементните цевки – 30.000 m од водоводната мрежа и нејзино континуирано обновување;
- Изнаоѓање ефикасно решение за проблемот со недостаток на вода за водоснабдување во летниот период;
- Континуирано одржување и замена на застарените пумпи и пумпниот систем за водоснабдување;
- Подигнување на јавната свест и едукација на граѓаните за одржување на каналите за наводнување;
- Редовно чистење на каналите и коритата на површинските водотеци;
- Воспоставување на континуиран мониторинг на осцилациите на водостојот на О. Езеро;

- Воспоставување комплетен мониторинг на водата и седиментот во литорално – крајбрежната зона на Охридско Езеро и преземање соодветни мерки на заштита;
- Донесување на План за управување со сливот на Охридско Езеро;
- Воспоставување на сепаратна канализациона мрежа и засебно одведување на атмосферски, комунални и индустриски отпадни води на територија на целата општина;
- Санација и обновување на колекторскиот систем за отпадни комунални води;
- Истражување, утврдување и санација на изворот на загадување на Билјанини Извори со комунални отпадни води;
- Утврдување на состојбата, санација и зголемување на капацитетот на пречистителната станица „Враништа“ во соработка со О. Струга;
- Истражување, утврдување и санирање на изворот за континуирано загадување на водите на О. Езеро со комунални отпадни води на локациите Сараишта, Мазија и Пристаниште;
- Поголема ажурност на инспекциските служби во делот на контрола на исполнување на програмата за животна средина во Елаборатите и Б-ИСКЗ дозволите на правните субјекти;
- Утврдување на состојбата со Путекс станиците во Св. Наум, камп Градиште, камп Љубаништа, х. Бисер и издавање решенија на правните субјекти за преземање соодветни мерки за санација;
- Користење на ЕУ фондови за воспоставување на комплетна покриеност со канализациона инфраструктура на општината.

4.3 Тематска област: Искористување на земјиштето и урбан развој

Стратешкото планирање на просторот и намена на земјиштето од страна на локалната самоуправа има директно влијание врз заштита и унапредувањето на животната средина, особено во фазата на подготовка на плански документи за искористување и планирање на земјиштето во Општината.

Вклучувањето на целите на заштита и унапредувањето на животната средина во фазата на подготовка на плански документ ќе обезбеди одржлив развој и хумани услови за живеење во Општината, не занемарувајќи го и инфраструктурниот развој и економско - стопанскиот просперитет, како важни предуслови за привлекување на инвестиции.

Поголемо внимание од аспект на заштита на животна средина и поголемо учество на јавноста при донесување на плански документи за искористување на земјиштето ќе овозможи да се добијат планови кои ќе одговараат на реалните потреби на населението и одржлив развој на Општината.

4.3.1 Земјоделско стопанство

Подрачјето на Општината располага со голема површина обработлива земја во чија структура преовладува плодно земјиште. Вкупното расположливо земјиште и површини, кои се користат за земјоделство, во Општина Охрид, плодно и неплодно земјиште, видови насади, површини засадени со земјоделски производи, како и број на овошни стебла се дадени во следните неколку табеларни прегледи:

Табела 30 Вкупно расположливо земјиште и површини за Земјоделство

Извор: Државен Завод за статистика и податоците од Пописот на земјоделско земјиште од 2007 година

Број на индивидуални земјоделски стопанства	Вкупна расположива површина на земјиштето во хектари	Вкупно користено земјиште	Сопствено земјиште	Земено на користење од други	Дадено на користење од други	Бр на одвоени делови на користено земјиште
3137	2395	1845	1764	126	27,8	8

Табела 31 Земјиште со кое располагаат стопанствата по региони

Извор: Државен Завод за статистика 2013 година

	Користено земјиште	Сопствено користено земјиште	Изнајмено за користење од други	Не користено земјоделско земјиште
Југозападен регион	21668	17980	3688	1182

Табела 32 Користено земјиште по категории во Општина Охрид во хектари

Извор: Државен Завод за статистика 2017 година

Земјоделска површина	Вкупна обработлива површина	Оранци и бавчи	Овоштарници	Лозја	Ливади	Пасишта
26785	6501	5858	301	232	110	20284

Табела 33 Површини под посеви од пченица, пченка и јачмен во Општина Охрид во хектари

Извор: Државен Завод за статистика 2018 година

Пченица	Јачмен	Пченка
350	130	550

Табела 34 Површини под посеви од зеленчук во Општина Охрид во хектари

Извор: Државен Завод за статистика 2013 година

Пченица	Пченка	Јачмен	Овес	`Рж	Други жита	Тутун
395	500	130	50	50	55	6
Компири	**Кромид**	**Лук**	**Грав**	**Грашок**	**Зелка**	**Компири**
161	25	5	50	25	31	161
Домати	**Пиперки**	**Краставици**	**Детелина**	**Луцерка**	**Граор**	**Добиточен грашок**
36	41	11	20	515	15	43
Добиточна репка	**Крмна пченка**					
1	10					

Табела 35 Број на овошни стебла во Општина Охрид

Извор: Државен Завод за статистика 2017 година

Цреши	Вишни	Кајсии	Дуњи	Јаболка
5200	13500	1450	100	285000
Круши	**Сливи**	**Праски**	**Ореви**	**Бадеми**
800	30000	21000	1500	70

Податоци за употребата на хемиски средства во земјоделството се дадени се во следните табеларни прегледи[22]:

Табела 36 Третирана површина (ha) со ѓубрива и средства за заштита на растенијата, Југозападен регион

Извор: Државен Завод за статистика 2013 година

Минерални (вештачки) ѓубрива	Органски ѓубрива	Средства за заштита на растенијата
10747	3.827	9.338

Табела 37 Употреба на хемиски средства во земјоделството во Општина Охрид

Извор: Државен Завод за статистика 2013 година

Површина третирана со:		Површина третирана со средства за заштита на растенијата, ha			
Минерални ѓубрива	Органски ѓубрива	Хербициди	Инсектициди	Фунгициди	Родентициди
971,84	250,37	430,44	1047,36	823,84	480

Табела 38 Објекти за сместување, Југозападен регион

Извор: Државен Завод за статистика 2013 година

Објекти за сместување на:	Земјоделски производи	Други производи	Земјоделски машини и опрема	Стаклености	Пластеници
Вкупен број	483	139	88	8	54

4.3.2 Шумарство

Повеќе од 2/3 од територијата на Општина Охрид е под шумска вегетација, односно 19.123,9 ha.

775 km^2 од сливното подрачје на Охридското Езеро се пошумени, со просечна биомаса од 100 до 450 m^3 шума. Од дрвјата во шумската површина се застапени: дабот со 55%, буката со 35% и американскиот бор со 10%. Околу 90% од шумите се во државна сопственост и со нив стопанисуваат државни претпријатија кои се надлежни за сечење и пошумување на шумите. Шумско - стопански единици во Општина Охрид се „Мазатар“, „Буково“ и „Галичица“-1. Остатокот шуми околу 10 % се во приватна сопственост.

Шумско - стопанската единица „Буково“ зафаќа површина под шума од 7.884 ha. Најголемиот дел се нискостеблести шуми, а високостеблестите шуми зафаќаат површина од 959 ha. Шумските култури претежно се од црн бор, а се сретнуваат на мали површини и култури од дуглазија, голема ела, бел бор, смрча и други видови.

[22] Државен завод за статистика, Попис на земјоделство, 2007

Шумско - стопанската единица „Галичица“-1 ги опфаќа шумите од западните падини на планината Галичица кои гравитираат кон Охридското Езеро, во границите на Националниот парк „Галичица“.

Шумско - стопанската единица „Мазатар“, стопанисува со мал дел од шумските површини кои припаѓаат на Општина Охрид, а се протега најмногу во дабовиот и многу малку во буковиот шумски појас.

Табела 39 Шуми според формата на одгледување во Општина Охрид

Извор: Подстратегија за рурален развој на Општина Охрид (2014 – 2018)

Ред. бр.	Шумско-стопанска единица	Нискостеблести шуми (ha)	Високостеблести шуми (ha)	Шумски култури (ha)	Вкупно (ha)
1	„Мазатар“	1 747	838,3	323,4	2 908,7
2	„Буково“	6 925	959	28,4	7 912,4
3	„Галичица“-1	8 163,8	70,5	68,5	8 302,8
Вкупно	Општина Охрид	16 835,8	1 867,8	420,3	19 123,9

Шумите на Галичица се опфатени во Националниот парк Галичица и се регулирани со Законот за прогласување на дел од планината Галичица за Национален парк, Законот за заштита на природата, Законот за шуми, како и Планот за управување со Националниот Парк.

Основната дејност на шумско – стопанските единици е стопанисување со шумите што подразбира одгледување, користење и заштита на шумите со примена на методи и техники кои ќе обезбедат трајно зачувување и проширување на површините под шума, со што ќе се обезбеди најголем прираст согласно природните услови, ќе се сочуваат и подобрат нивните производи итн.

Во следниот табеларен преглед дадени се количини на сеча во државни шуми изразени во m^3 со намена за огревно дрво. Количините се однесуваат на општините во Југозападен регион каде што припаѓа и Општина Охрид, а опфатен е периодот од 2010 до 2017 година.



Извор: Државен завод за статистика

Графикон 13 Количини на сеча (m^3) во државни шуми за огревно дрво во Југозападен регион за период 2010 – 2017 година

Шумите во НП Галичица вклучуваат повеќе типови живеалишта кои се сметаат за загрозени или ретки во Европа. Во согласност со EUNIS класификацијата на типови на живеалишта од 2004, во Паркот се среќаваат десет типови живеалишта (со вкупно 13 растителни заедници) кои се заштитени со Директивата за живеалишта. Со оглед на нивното простирање, постои основа голем дел од подрачјето на Паркот да биде прогласено за Посебно подрачје за зачувување во рамките на Европската еколошка мрежа НАТУРА 2000.

Меѓу нив, по своето значење, се издвојуваат шумите од фоја (Пеониски шуми со фоја, EUNIS 2004: G3.933) кои во Паркот опфаќаат три растителни заедници: Pruneto-Celtetum (Em 1989), Biaro tenuifolii - Juniperetum excelsae Em и Querco- Juniperetum excelsae Matevski et al. (prov.). Шумите во Паркот исто така имаат големо социоекономско значење: за производство на огревно дрво, недрвни шумски производи, обезбедување на еколошки услуги, развој на туризам и друго. Тие исто така имаат и културно значење, пример ваковските шуми во Глајшо и на други места во близината на планинските села во Паркот.

Целите и начините на користење на шумите во НП „Галичица“ се определени со десетгодишни планови. Мерките пропишани со плановите вклучуваат заштитата на шумите од пожари, растителни болести, инсекти, водење на шумски ред во сечиштата, чување на шумите од неконтролирано напасување, забрана за напасување стока во сечиштата, забрана на палење оган во шумата, спречување бесправни сечи и друго. Крајната цел е подобрување на дрвната маса (по квалитет и квантитет) и прирастот што во крајна мерка ќе овозможат поинтензивно искористување.

Шумските пожари се предизвикуваат големи штети во шумските екосистеми и за многу кратко време можат да нанесат катастрофални последици врз целокупниот растителен и животински свет. Во шумите на Р. С. Македонија како главен причинител на појавата на шумски пожари е невниманието на човекот.

Во рамките на кампањата „Лето без пожари“, во Општина Охрид во 2017 година се преземени мерки и превентивно делување за заштита на шумите, пасиштата и другите отворени простори од пожари на подрачјето на Охрид. Кампањата е спроведена со цел поголема контрола, превентива и заштита на шумите од пожар, поактивно следење на состојбите во шумските појаси, заштита, навремено забележување и информирање за настанат пожар до сите релевантни субјекти.

Една од целите на проектот е јакнење на јавната свест кај граѓаните за неопходната заштита на шумите како национално богатство од пожари, навремено забележување и информирање за настанат пожар до релевантни субјекти за нивна брза реакција, навремено организирање на дополнителна помош во опрема, техника, сили и средства со цел преземање на заеднички понатамошни мерки.

Потребни се зајакнати мерки и координирано превентивно делување за заштита на шумите, пасиштата и другите отворени простори од пожари и навремено локализирање на пожарот и поинтензивна соработка на претставници од СВР Охрид,

Територијалната против-пожарна единица, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, ЈП „Македонски Шуми“ и останатите релевантни институции со цел координирано преземање на неопходни активности, едукација на населението, информирање на туристите и навремено локализирање на пожарот и спечување од настанување на штети од поголеми размери.

4.3.3 Просторно и урбанистичко планирање

Во Општина Охрид, на годишно ниво, се усвојува Програма за изработка на урбанистичките планови преку која се планира:

- Изработка и донесување на Детални урбанистички планови и
- Урбанистички планови за населените и воннаселените места во Општината,
- Уредување на градежното земјиште итн.

Одговорност и надлежности во делот на урбаниот развој на Општината има Секторот за урбанизам и заштита на животната средина, односно одделението за просторно и урбанистичко планирање и управување со градежно земјиште и недвижен имот, кое спроведува активности што се однесуваат на:

- Водење на процесот на просторно и урбанистичко планирање во Општината;
- Покренување иницијативи и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерален и детални урбанистички планови;
- Подготвување годишна програма за урбанистичко планирање на просторот;
- Подготвување анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање;
- Подготвување програма за располагање со градежното земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;
- Водење постапки за располагање со градежното земјиште и начинот на неговото управување;
- Подготвување договори и целокупна документација, потребна при спроведување на постапката за отуѓување, давање под долготраен или краткотраен закуп и со непосредна спогодба на градежното земјиште кое се наоѓа на подрачјето на Општина Охрид;
- Врши и други работи што се утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Во Општина Охрид, од вкупно 29, за 15 населени места од рурален карактер нема планска документација, за 8 постои усвоена урбанистичка документација за населено место со плански хоризонт до 2003, односно 2004 година, а останатите рурални населби се опфатени со основни, односно генерални урбанистички планови изготвени за одделни потези од крајбрежното подрачје.

Градот Охрид има Генерален урбанистички план, ГУП на Охрид (2002 – 2012) усвоен во 2006 година.

Во урбаното подрачје на Општина Охрид застапени се зони на индивидуално и колективно домување, јавни институции и комерцијални објекти.

Стоваришта, лесна и не загадувачката индустрија се лоцирани во ГУП на Охрид (2002 – 2012) во УЗ 9 УБ 9.3; УЗ 15 УБ 15.1; УЗ 15 УБ 15.6; УЗ 15 УБ 15.7.

Евидентна е потребата од рамномерен развој и содржини и функции во согласност со рамномерната просторна разместеност на стопанските и нестопанските субјекти.



Слика 27 Генерален Урбанистички План на Охрид (2002 – 2012 година)

Од просторно - планската и урбанистичка документација, за подрачјето на Општината Охрид, последните 6 години се изготвени и усвоени (од Советот на Општината) вкупно 30 планови, кои се прикажани во следната табела.

Табела 40 Урбанистички планови во период 2012 -2018 година
Извор: Сектор за урбанизам и заштита на животната средина

Урбанистички документ	Населено место - локалитет	Површина на плански опфат (ha)	Година
ДУП за УЗ 13-дел од УБ 13.2 -опфат 1	Охрид	2,75	2012
ДУП за УЗ 13-дел од УБ 13.4 –опфат 1	Охрид	1,66	2012

УПВНМ крајбрежен простор на О. Охрид, во зона Исток 1, потег Лагадин - Пештани дел од Блок – 7	Охрид Лагадин Пештани	1,30	2012
ДУП УЗ 12 Блок 12.1	Охрид	7,00	2013
ДУП за УЗ 12- дел од УБ 12.2 – опфат 3	Охрид	0,60	2013
ДУП УЗ 7 Блок 7.1	Охрид	14,60	2013
ДУП УЗ 5 дел од Блок 5.1 – опфат 1	Охрид	7,45	2013
ДУП УЗ 2 дел од УБ 2.3 Опфат 1	Охрид	1,85	2013
ДУП дел од УЗ „ дел од Блок 2.5 –опфат 1	Охрид	5,30	2013
УДП за УЗ 4, дел од Блок 4.2 Опфат 1	Охрид	1,80	2013
ДУП дел од УЗ 1 дел од Блок 1.1 опфат 4	Охрид	1,16	2014
ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.4 – опфат 1 МЗ Видобишта	Охрид	1,00	2014
УДП за УЗ 2 УБ 2.3 Опфат 4	Охрид	1,60	2014
УДП УЗ 2 дел од Блок 2.3, Опфат 3	Охрид	1,40	2014
УДП УЗ 7 Блок 7.2 опфат 2	Охрид	3,50	2014
ДУП за дел од УЗ 11 дел од УБ 11.3 -опфат 2	Охрид	3,10	2014
ДУП за дел од УЗ 12 Дел од УБ 12.3 – опфат 1	Охрид	0,45	2014
УДП УЗ 9 УБ9.2	Охрид	15,50	2014
Измени и дополнување на ДУП УЗ 17 УБ17.4	Охрид	4,45	2015
ДУП УЗ 18 УБ 18.1 и дел од 18.2 “Чекоштина“	Охрид	32,50	2015
Општ акт за с. Лагадин	С. Лагадин, Охрид	40,78	2015
УПВНМ индустриска зона Мауцкер	Д. Лакочерej вон град	17,92	2015
УПВНМ на дел од Туристички локалитет Горица - Св. Стефан – Метропол Опфат 3	Охрид	13,50	2015
УПВНМ Лагадин - Пештани, за Блок 3 и дел од Блок 4	Пештани ,Охрид	4,72	2015
УДП за 6та УЗ дел од УБ 6.1 Опфат 1	Охрид	9,91	2016

УДП УЗ 4, дел од УБ 4.7– опфат 2	Охрид	18,13	2016
ДУП за УЗ 12 ДЕЛ од УБ 12.4 –Опфат 4	Охрид	0,25	2016
ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2– Опфат 3	Велестово	0,47	2017
Општ акт за село Љубаништа	с. Љубаништа,	35,30	2017
Општ акт за село Велгошти	с.Велгошти,	101,15	2017
ДУП во УЗ 16 дел од УБ 16.1 – Опфат 2	Велестово	0,36	2018

Учество на јавноста при донесување на урбанистички планови се обезбедува преку соопштение за организирање јавна анкета и јавна презентација на планот. Се соопштува во два дневни весници и јавно гласило - радио или телевизија, се објавува на огласна табла на Општина Охрид и на веб страната на Општина Охрид.

Во периодот од 2011 до 2018 год. примени се 17.980 барања за легализација на бесправни градби од кои одреден дел се повлечени, одреден број одбиени, дел се позитивно решени, а дел се во постапка на решавање.

Во однос на типот на градбите, за кои се бара легализација, најзастапени се семејни куќи, викенд куќи, делови од станови во станбени згради, тераси, земјоделски објекти, објекти од лесна не загадувачка индустрија, стоваришта, магацини, помошни објекти во функција на објект.

Најголем број на викенд куќи и сместувачки капацитети, за кои се бара легализација, се наоѓаат на крајбрежјето на Охридско Езеро и НП Галичица (во зоната на одржливо користење), а останатите бесправни градби се наоѓаат на целата територија на Општината, вклучувајќи ја и индустриската зона.

Најголем проблем во делот на бесправни градби за Општината претставуваат продолжувањата на роковите за поднесување на нови барања за легализација, бидејќи голем број барања се повторуваат и создаваат додатен ангажман и притисок врз службите во Општината.

Во следниот табеларен преглед е даден бројот на бесправни градби во Општина Охрид во периодот од 2013 до 2017 година.

Табела 41 Бесправни градби во Општина Охрид (2013 – 2017 година)

Извор: ДЗС

	Објекти за домување	Доградби	Деловни објекти	Гаражи	Огради	Скалила	Тераси	Летни тераси	Натстрешници	Времени објекти	Помошни објекти	Вкупно бесправни градби во Охрид
2013	10	1	4	4	17	1	2	1	5	39	10	94
2014	5	10	1	1	12	1	1	1	11	51	15	109

2015	2	10	4	2	9	1	2	5	3	2	5	45
2016	7	0	14	1	41	15	2	0	2	9	8	99
2017	16	5	4	1	11	0	2	0	6	20	3	68

Извор: Google

Слика 28 Бесправна градба на Охридското крајбрежје – Лагадин

Просторното и урбанистичкото планирање треба да обезбеди соодветно уредување и хуманизација на просторот, како и социјална, економска и еколошка одржливост на населените места и природата. Вакво планирање се обезбедува низ континуиран процес на изработка, донесување, спроведување и следењето на спроведувањето на плановите.

Просторниот план на Р.С. Македонија, заедно со просторните планови на региони, на подрачја од посебен интерес и просторните планови на општините, се планови од повисоко ниво на планирање од урбанистичките планови и деталните урбанистички планови и треба да се во согласност со нив.

Изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на урбанистичките планови, се работи од јавен интерес заради што самиот процес на планирање треба да обезбеди: рамномерен просторен развој; рационално уредување и користење на просторот; создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните; надминување на урбаните бариери за лицата со инвалидитет; одржлив просторен развој; заштита и унапредување на животната средина и природата; справување со климатските промени; сочувување и заштита на недвижното културно наследство итн.

4.3.4 Домување

Основна урбана функција и важна компонента на целиот општествено - економски развој, организација и уредување на просторот и еден од основните елементи на просторното и урбанистичкото планирање, претставува домувањето. Обезбедување хумани услови за живот и работа на луѓето претставува примарна цел на просторното

и урбанистичко планирање, што се остварува преку успешно планирање на станови и станбени населби обезбедувајќи комунално, функционално и еколошко уредување. Основни показатели на стандардот на домување се просечната големина на стан, просечната површина на станбен простор по жител и просечниот број на жители на стан.

Последните официјални податоци за домувањето во Општината се од последниот попис во РМ од 2002 година. Според тие податоци во Општината има вкупно 28.437 живеалишта, 16.012 домаќинства, 28.420 станови со просечна површина на станбен простор/жител од 24,7 m^2. Останатите демографски податоци за Општината се дадени во Поглавјето 3.6.

Општина Охрид и Здружението за хумано домување Хабитат – Македонија потпишаа меморандум за соработка со што во Општината започна реализација на проект за воспоставување на Регистар на станбени згради и Регистар на управители на станбени згради. Проектот претставува иницијатива за подигнување на јавната свест за квалитетно домување во колективни станбени згради, значењето на енергетската ефикасност и управувањето со колективните станбени згради.

4.3.5 Проблеми во однос на користење на земјиштето и урбан развој

- Стар ГУП на Охрид за период 2002 – 2012 година, донесен во 2006 година;
- Усвојување на плански документи, кои не го земаат во предвид јавниот интерес, одржливиот развој и важечките стандарди;
- Несоодветно урбанистичко планирање (без да се земе во предвид потребен број на паркинг места, гаражи, простор за садови за одлагање/селектирање на отпад;
- Недостаток од паркинг места и узурпација на сообраќајниците и зелените површини во близина на плажите;
- Недостаток од детални урбанистички планови за населени места и урбанистички планови за вон-населените места во Општината;
- Неефикасност на инспекциските служби;
- Недоизградена патна инфраструктура во руралните средини на територија на Општина Охрид;
- Раскопани тротоари и неасфалтирани паркинг простори;
- Недостаток од пешачки и велосипедски патеки и нивна узурпација од автомобили;
- Недостаток од јавни тоалети во градот како и во близина на плажите на Охридското крајбрежје;
- Узурпација на Охридското крајбрежје со бесправни градби и нивна легализација;
- Узурпација на плажите на Охридското крајбрежје;
- Бесправни градби во НП Галичица во зоната на одржливо користење;

- Продолжувања на роковите за поднесување на нови барања за легализација на бесправни градби;
- Урбанизација на слободни јавни површини, обработлива почва и нивна пренамена;
- Недостаток од податоци за обнова на шумската маса и нејзино користење за огревно дрво;
- Недостаток на зелени површини за рекреација;
- Неконтролирано сечење на дрвјата;
- Појава на шумски пожари
- Голем број кучиња скитници и недостаток од стационар за згрижување;
- Низок степен на информираност на граѓаните, граѓанските здруженија и НВО за одржување јавни расправи за донесување на урбанистички планови или други значајни документи.

4.3.6 Препораки за решавање на проблемите во однос на квалитетот и искористување на почвата

- Во процесот на усвојување планска документација, да се земе предвид интересот на јавноста, одржливиот развој на општината и сите важечки стандарди;
- При подготовка на планска документација (ДУП, ГУП, УП за населени и воннаселени места) да се земе предвид обезбедување потребен број паркинг места според број на домаќинства, простор за поставување садови за отпад и друга урбана опрема;
- Донесување на сите урбанистички планови за урбан / крајбрежен магистрален план и нивно доставување до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион за ревизија од страна на советодавните тела;
- Донесување Стратегија за туризам, базирана на најдобра пракса, вклучувајќи прописи за туристички активности, подвижни објекти на плажите и комерцијални активности на отворено и нивно доставување до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион за ревизија од страна на советодавните тела;
- Спроведување СОЖС постапка за планот за управување со Охридскиот регион (2016 - 2025) и почитување на препораките од СОЖС Извештајот пред донесување на одлуки за градба;
- Стопирање на процесот на легализација на сите бесправни градби во УНЕСКО заштитеното подрачје се додека не се воспостави детален инвентар на сите постоечки конструкции и додека се спроведат ОВЖС;

- Подготовка на оперативни планови за превенција и заштита од пожари, како и спроведување кампањи за едукација и подигање на свеста за заштита од пожари на населението;
- Подготовка на еколошки отисок на Општина Охрид;
- Изградба на стационар и згрижување на бездомните кучиња;
- Воведување високи парични казни за појава на бесправно сечење на дрвјата;
- Формирање на комунална полиција.

4.4 Тематска област: Управување со отпад

Стратегија за управување со отпад на Република Северна Македонија (2008 - 2020) („Сл. весник на Р. Македонија“ бр. 39/08), Националниот план за управување со отпад (2009 - 2015) („Сл. весник на Р.. Македонија“ бр. 77/09), како и Регионалниот план за управување со отпад на Југозападен плански регион претставуваат основа за подготвување и спроведување на ефективен систем за управување со отпад на Општина Охрид.

Општина Охрид, во согласност со Законот за управување со отпадот, донесува План за управување со отпад (2018 - 2020) во кој се направени анализи на тековната состојба, предвидувања за идните состојби и проценки за одржливо подобрување на постојниот систем со примена на современите начела во управувањето со отпад, со што на Планот му е дадена национална и европска димензија.

Исто така Општината усвојува Годишна програма за управување со отпад, чија цел е имплементација на Планот, на годишно ниво и систематско подобрување на постојниот систем за управување со отпадот.

Значајни елементи на одржливиот развој, кои се дел од глобалниот пристап кон управување со отпадот претставуваат:

- намалување на количините на отпад за депонирање;
- повторна употреба (реупотреба) на вредноста на материјалите; и
- ефикасно управување со системот на собирање и отстранување на отпад.

Доминантен начин во управувањето со комуналниот и друг вид неопасен отпад во Република Северна Македонија е негово депонирање. Рециклирање на отпадни материјали и производи со цел нивно повторна употреба или производство на енергија е многу малку застапено, а согорување се врши само на одреден вид опасен отпад како што е медицинскиот отпад.

Според податоците од Регионалниот план за управување со отпад за Југозападен регион, Општина Охрид има најголем придонес во целокупното количество на создаден отпад во регионот со 36%. Пондерираното количество на создаден отпад по

жител на годишно ниво за Општина Охрид е 365 kg/жител/год[23]. На следниот графички приказ дадено е учеството на собраниот комунален отпад во Општина Охрид во однос на собраното количество комунален отпад во Југозападен регион.



Извор: Државен завод за статистика и ЈП „Охридски Комуналец“

Графикон 14 Количина на собран комунален отпад во Општина Охрид во однос на вкупната количина собран комунален отпад во Југозападен регион

Просечниот состав на комунален отпад во Југозападен регион е даден во следниот табеларен преглед.

Табела 42 Просечен состав на отпадот за општините во Југозападен регион

Фракција	Вкупен процент %
Градинарски отпад	14,26 %
Друг биоразградлив отпад	30,88 %
Хартија	6,98 %
Картон	5,49 %
Стакло	5,04 %
Метали (обоени)	1,57 %
Алуминиум (необоени)	1,00 %
Композитни материјали	1,48 %
Пластична отпадна амбалажа	1,64 %
Пластични кеси	6,35 %
ПЕТ шишиња	2,96 %
Друга пластика	2,22 %
Текстил	6,72 %

[23] Извор: СЕА Југозападен регион 2016

Кожа	1,22 %
Пелени	6,61 %
Дрво	1,02 %
Градежен шут	1,18 %
ОЕЕО	0,72 %
Опасни материјали	0,69 %
Друг посебен отпад (гуми)	0,33 %
Фини фракции (<20 mm)	1,65 %
Вкупно	100 %

Извор: СЕА Југозападен регион 2016

Од табеларниот преглед може да се забележи дека најдоминантна фракција во Регионот е биоразградливиот отпад со 30,88 %, а градинарскиот е со удел од 14,26 %. Пластичната амбалажа која е претставена со 4 под категории со најголема процентуална застапеност се пластичните кеси и тоа со 6,35 %. ПЕТ шишињата кои имаат најголем рециклирачки потенцијал се застапени со 2,96 %, уделот на пластични пакувања е 1,64 %, а другите пластики имаат удел од 2,22 %.

Други фракции, кои подлежат на рециклирање, како хартијата и картонот имаат удел од 6,98 % и 5,49 % соодветно. Стаклото има удел во очекувани граници од 5,04 %. Металните фракции се со удел од 1,57 %, а алуминиумот со 1,00 %. Неповолните фракции како текстил, кожа, пелени и фини фракции имаат удел од 6,72 %, 1,22 %, 6,61% и 1,22 % соодветно.

Градежниот отпад и шут влегуваат со 1,18 % удел во составот на отпадот во Југозападниот регион. Други незначителни фракции се дрвото со удел од 1,02 %, ОЕЕО со 0,72 %, опасните материјали со 0,69 % и гумите како посебен вид на отпад со 0,33 %.

Управувањето со отпадот во Општина Охрид е во надлежност на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“. Комуналниот и друг вид неопасен отпад од Општина Охрид се депонира на градската депонија „Буково“, додека градежниот отпад се депонира на депонијата „Мауцкер“.

Во однос на бројот на опслужено население[24] во согласност со податоците од Планот за управување со отпад во општината за период 2018 – 2020 година:

- Населението во урбаната средина е опслужено 100%, односно опфатени се 43.684 жители што претставува 78,34% од вкупното население;
- Населението во руралната средина опслужени се 12.002 жители, односно 21,55% и

[24] Податоци според Попис 2002 год.

За 63 или 0,11% од жителите во руралната средина не е обезбедено користење на услугата на ЈП „Охридски Комуналец“.

Врз основа на податоците, добиени од ЈП „Охридски Комуналец“, организирано собирање на комуналниот отпад се врши од подрачјето на градот Охрид и викенд населбите: Лагадин, Елешец, Исток и селата: Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочерej, Горно Лакочерej, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман и манастирски комплекс Св. Наум, со што се опфатени вкупно 55.686 жители.

Организирано собирање на комуналниот отпад не се врши во селата: Речица, Плаќе, Завој, Рамне, Свињишта, Сирула, Скребатно и Расино, бидејќи во овие населени места има многу мал број постојани жители.

Во однос на количините на отпад што се генерираат во Општина Охрид единствен извор на податоци се извештаите од евиденцијата што ја врши ЈП „Охридски Комуналец“, како и неколку приватни овластени постапувачи со отпад, заради што не е можно прецизно да се анализираат промените во количините на отпад.

4.4.1 Видови отпад во Општина Охрид

Во Општина Охрид се генерираат следните видови отпад:

- Неопасен отпад:
  - комунален отпад (вклучувајќи и комерцијален отпад);
  - биоразградлив;
  - отпад од пакување и кабаст отпад;
  - инертен отпад- градежен шут;
  - отпадна мил од септички јами.
- Опасен отпад:
  - медицински отпад;
  - отпад од азбест;
  - посебен отпад (отпадни масти и масла, отпадни масла за јадење, отпадни гуми, батерии и акумулатори, електрична и електронска опрема, искористени возила).

4.4.1.1 Неопасен отпад

- **Комунален отпад**

Комуналниот отпад е најзастапен во вкупните количини отпад создадени во Општината. Тој го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржување на јавната хигиена и одржувањето на јавните парковски површини, комерцијалните објекти и институциите.

Третманот на органски отпад, односно на органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на Општина Охрид се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со другите фракции од комуналниот цврст отпад. Количините собран комунален отпад од домаќинствата во општината за период 2015 – 2018 година е даден во следниот графички приказ.



Извор: ЈП „Охридски Комуналец“

Графикон 15 Количини на собран комунален отпад (m^3) од домаќинства во Општина Охрид

Во следниот табеларен преглед се дадени количините на собран комунален отпад на годишно ниво од индустријата, стопанските објекти, хотелите, медицинските установи и домаќинствата во Општина Охрид.

Табела 43 Количини на собран комунален отпад по сектори

Извор: ЈП „Охридски Комуналец

	Индустрија (m^3)	Правни и физички лица (m^3)	Хотели (m^3)	Медицински установи (m^3)	Домаќинства (m^3)
2015	446	4662	5329	-	240667
2016	336	2605	5933	-	266488
2017	419	4106	7013	686	245906
2018	699	4466	6433	-	229578

Од табеларниот преглед може да се констатира дека најголеми количини на комунален отпад во Општина Охрид се генерира од домаќинствата, а потоа следуваат хотелските објекти.

Вкупната количина собран комунален отпад за периодот 2015 – 2018 година е даден на следниот графички приказ.



Извор: ЈП „Охридски Комуналец“

Графикон 16 Количини на собран комунален отпад (t) во Општина Охрид

Во следниот табеларен преглед прикажани се количините на создаден, собран и селектиран комунален отпад за период 2016 – 2018 година.

Табела 44 Вкупни количини собран комунален отпад

Извор: ЈП „Охридски Комуналец

Комунален и друг неопасен отпад	2016	2017	2018
Вкупна количина (m^3/год)	275.600	258.391	241.553
Собиран отпад (m^3/год)	274.140	256.931	240.093
Селектиран отпад (m^3/год)	1.460	1.660	1.460

Вкупни количини на собран комунален отпад од домаќинствата, индустријата, стопанската дејност и медицинските установи во општината за периодот 2016 – 2018 година се дадени во следниот табеларен преглед.

Табела 45 Количини на собран комунален, индустриски неопасен и инертен отпад

Извор: ЈП „Охридски Комуналец“

Тип на отпад					Домаќинства m^3			Индустрија m^3			Комерцијален отпад m^3			Медицински установи m^3		
	2015	2016	2017	2018	2016	2017	2018	2016	2017	2018	2016	2017	2018	2016	2017	2018
Комунален и друг неопасен отпад	251390	275600	258391	241553	266488	245906	229578	-	238	137,5	8538	11119	10899	1359	1234	1178
Индустриски неопасен отпад	731,6	573	680,5	1076	-	-	-	574	680	1076	-	-	-	0	0	0

Инертен отпад	1402,3	1366,5	1945,5	3442,5	1153	1639	2110	-	13	40	-	-	-	0	17,5	26

Вкупните количини на комунален отпад што се создава на територијата на Општина Охрид за период 2015 – 2018 година, неговиот состав и начинот на постапување со истиот е даден во табелата што следи.

Табела 46 Годишно количество на генериран неопасен отпад по фракции во Општина Охрид

Шифра	Вид на отпад	2015	2016	2017	2018	Начин на постапување
20 02 01	Биоразградлив отпад (m^3)	1206	1085,5	1348	2226,5	Компостирање
20 01 01	Хартија (t)	57,45	91,318	172,66	38,29	Балирање и предавање на овластен постапувач „Нутривет“ и „Отпад“
20 01 39	Пластика (t)	1,16	-	3,11	0,49	Балирање и предавање на овластен постапувач „Нутривет“ и „Отпад“
20 01 11	Текстил (t)	14,97	18,88	31,73	36,76	Уништување
17 05 06	Ископана земја (m^3)	582	548,5	150	773,5	Депонирање
17 01 07	Шут (m^3)	6969	7773	1940	2669	Депонирање
20 03 07	Габаритен отпад (m^3)	11,95	389	939	1967	Депонирање
20 03 01	Измешан комунален отпад (t)	9458	22048	20671	19324,2	Депонирање
20 03 04	Мил од септички јами (t)	9	0	-		Депонирање
	Индустриски неопасен отпад (m^3)	184	336	419	699	Складирање

Извор: ЈП „Охридски Комуналец“

Од табеларниот преглед може да се констатира дека недостасуваат податоци за отпадна мил од септички јами и податоци за количина на фракциите: отпад од метал, стакло, лименки итн.

Во соработка со ЈП „Охридски Комуналец“ на територијата на општината има поставено вкупно 732 садови за комунален отпад со вкупен капацитет 814,9 m^3 од кои 729 садови од 1.100 литри, 2 прес контејнери со вкупна зафатнина од 4 m^3 и два подземни контејнери со зафатнина од 9 m^3. Исто така, поставени се 63 собирни садови за ПЕТ амбалажа, 40 корпи за отпад од хартија, 835 корпи за ситен отпад.

Собирање на комунален отпад кај индивидуалните станбени објекти се врши во садови за отпад, додека кај колективните станбени објекти во контејнери од 1,1 m^3.

Отпадот од правните субјекти, училиштата, сезонските угостителски објекти се врши исто така во контејнери од 1,1 m^3.

Фреквенцијата на собирање комунален отпад од страна на ЈП „Охридски Комуналец“ е два пати во неделата, според однапред утврден распоред за градот Охрид и приградските населени места. Во периодот на туристичка сезона отпадот од хотелите се собира секојдневно.

Заради ваквата фреквенција на собирање, честа е сликата на преполни контејнери во Градот и руралната средина на Општината, присуство на кучиња скитници кои дополнително го расфрлаат отпадот итн.

Исто така, заради недоволен број собирни садови честопати несовесни граѓани го оставаат комуналниот отпад на несоодветни места.

Просторот за поставување собирни садови за комунален отпад не се зема во предвид при подготовка на планска документација заради што се појавуваат проблеми во однос на поставување на садовите патеки, сообраќајници, нивно блокирање или непристапност за граѓаните заради пречки од огради, жардинјери итн.

При подготовка на планска документација не се зема во предвид потребниот капацитет на собирни садови за комунален отпад, според број на жители и дневното создавање на отпад по глава на жител заради што садовите со отпад се преполни.

- **Биоразградлив отпад**

Речиси најголемиот дел од комуналниот отпад припаѓа на органскиот биоразградлив отпад. Одржувањето на зелените површини, градски паркови и парк шуми на територија на Општина Охрид е во надлежност на ЈП „Охридски Комуналец“.

Отпадот од уредувањето на дворните површини (зелен отпад) се собира на места предвидени за негово подигање. Подигањето се врши секоја сабота по реони во месеците: мај, јуни и октомври, додека органскиот отпад кој се генерира од јавните парковски површини дел се компостира во расадникот на ЈП„Охридски Комуналец“.

Биоразградливиот отпад, кој се генерира во земјоделството, поради не покриеноста на руралниот дел од Општината за подигнување на овој вид отпад, најчесто се фрла на несоодветни места или пак се гори. Ваков начини на постапување со отпадот претставува ризик за животната средина и директно придонесува кон загадување на почвата, водата и воздухот.

Врз основа на бројот на жители, може да се констатира дека годишното генерирање на биоразградлив отпад од домаќинствата во Општина Охрид е приближно 1.500 m^3, без да се земе во предвид и биоразградливиот отпад кој потекнува од земјоделските активности, како и биоразградливиот отпад кој се создава при редовно одржување на парковите и зелените површини на општината. Во следниот табеларен преглед прикажани се количини на собран и компостиран биоразградлив отпад во Општина Охрид.

Табела 47 Количини на компостиран биоразградлив отпад во Општина Охрид за период 2015 – 2018 год. (Извор: ЈП „Охридски Комуналец“)

Шифра	Вид на отпад	2015	2016	2017	2018	Начин на постапување
20 02 01	Биоразградлив отпад (m^3)	1206	1085,5	1348	2226,5	Компостирање

Ако количините во табеларниот преглед се споредат со претпоставената количина на биоразградлив отпад на годишно ниво, кој се генерира само од домаќинствата-1900 m^3, може да се констатира дека процентот на искористување на биоразградлив отпад е многу мал.

Во рамки на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р. С. Македонија и Р. Грција INTERPREG IPA 2 2014-2020, ЈП „Охридски комуналец“ заедно со Факултетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ аплицираше за проектот „Одржливо управување и третман на био - отпад со користење на методи за производство на биогориво“ и доби грант во износ од 512.855 евра. Во 2019 година заедно со Општина Охрид ќе се изработи целата потребна документација и активности за имплементација на проектот, што ќе придонесе за намалување на количеството на отпад кое се депонира на депонијата, што од друга страна ги намалува трошоците за транспорт и депонирање, а се добива и бенефит од производството на биогориво и еколошката заштита на околината.

- **Отпад од пакување**

Селектирањето на употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на неговото создавање придонесува за квалитетот на урбаното живеење, намалување на вкупните количини на отпад, носи економско – финансиски придобивки и исто така ја зголемува свеста и одговорноста на креаторите и давателите на услуги. Основната цел е да се издвојат употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на негово создавање.

За селективно собирање на отпад од пакување, ЈП „Охридски Комуналец“ има поставени 15 собирни садови за ПЕТ амбалажа и 40 корпи од мрежа за отпадна хартија. Дел од овие садови се поставени во училишните дворови, а дел се распоредени во градското и руралното подрачје.

Слика 29 Садови за отпад

Собирањето на овие секундарни суровини се врши со динамика на подигање двапати на ден, наутро и навечер, на сите пунктови каде има поставено контејнери за таа намена, како и на повик за поголема количина хартија и ПЕТ и стаклена амбалажа од претпријатија.

Со оваа динамика и покриеност на Градот со контејнери за ПЕТ амбалажа и корпи за хартија неделно се собира хартија во количина од 3.300 – 3.500 kg и околу 200 kg ПЕТ амбалажа кои се балираат со 1 балирка од 6 KV. Балирањето на отпадно пластично пакување и отпадна хартија го врши Охридски комуналец на локација на РЕ „Механизација“. Балираниот отпад од хартија и картон, како и од пластична амбалажа се предава на овластените постапувачи „Нутривет“ ДООЕЛ Скопје и „Отпад“ Охрид за понатамошно постапување.

Табела 48 Количина на собран и предаден отпад од пакување од пластика и отпадна хартија
Извор: ЈП „Комунална хигиена“

Година	Пакување од пластика (t)	Хартија и картон (t)
2018	0,490	38,29
2017	3,11	172,66
2016	-	91,318
2015	1.16	57.45

Исто така овластениот постапувач „Пакомак“, во соработка со ЈП „Охридски Комуналец“, од 2013 година има поставени садови за селективно собирање на отпад од пакување и придонесува за едукација на граѓаните во оваа област. Бројот на донирани садови за собирање на фракции отпадно пакување од страна на Пакомак на ЈП „Охридски Комуналец“ е даден во следниот табеларен преглед.

Табела 49 Број на донирани садови од Пакомак

2012 год.	Жолт пластичен контејнер од 1,1 m3 за собирање на ПЕТ амбалажа и Al-лименки	**25**
2013 год.	Жолт пластичен контејнер од 1,1 m3 за собирање на ПЕТ амбалажа и Al-лименки, поставени во ОУ во Охрид	**12**
	Плав пластичен контејнер од 1,1 m3 за собирање на хартиена и картонска амбалажа	**5**
2014 год.	Двоен сет на метални канти 2 x 80 lit. за надворешна употреба поставени на кејот на езерото	**15**
2017 год.	Зелен пластичен игло контејнер од 1,5 m3 за собирање на стаклена амбалажа	**15**
	Жолт метален игло контејнер од 1,5 m3 за собирање на ПЕТ амбалажа и Al-лименки	**13**
2018 год.	Зелен пластичен игло контејнер од 1,5 m3 за собирање на стаклена амбалажа	**30**

Собраните количини отпад од пакување од садовите на Пакомак, за период 2015 – 2018 година се дадени во следната табела.

Табела 50 Собрани количини отпад од пакување за период 205 – 2018 год. (Извор: ЈП „Охридски Комуналец“)

Година	**Количини (тони)**		
	пластика	**хартија**	**стакло**
2015	10,42	135,584	2,22
2016	0	68,32	3,83
2017	0	109,16	7,84
2018	0	0	31,673
Вкупно	10,42	313,064	45,563

Овластениот постапувач „Пакомак“ во Општина Охрид има поставено повеќе собирни садови на фреквентни локации за собирање отпад од пакување, кои се прикажани во следниот табеларен преглед.

Табела 51 Број на собирни садови за отпад од пакување во Општина Охрид

Жолт пластичен контејнер за собирање на ПЕТ амбалажа и Al-лименки од 1,1 m^3	Плав пластичен контејнер за собирање на хартиена и картонска амбалажа од 1,1 m^3	Двоен сет на метални канти (2 x 80 lit.) за надворешна употреба поставени на кејот на езерото	Зелен пластичен игло контејнер од 1,5 m^3 за собирање на стаклена амбалажа	Жолт метален игло контејнер од 1,5 m^3 за собирање на ПЕТ амбалажа и Al-лименки
37	**5**	**15**	**45**	**13**

Во периодот од 2017 година до денес „Пакомак“ има поставено повеќе од 200 зелени канти од 120 литри за собирање на стакло во повеќе од 50 угостителски и хотелски локации на територијата на Општина Охрид.

Собирањето на стаклената амбалажа од 2017 и 2018 година, ја спроведува овластениот постапувач „Пакомак“ со овластени фирми за собирање на отпад од пакување, затоа што ЈП Охридски Комуналец нема соодветно возило за сервис на тие собирни садови.

Во 2019 година, во согласност со Планот за управување со отпад на Општина Охрид, се планира обновување на постоечките и поставување на дополнителни 70 контејнери за ПЕТ амбалажа и 30 корпи од мрежа за депонирање на картонска амбалажа. Нови контејнери за ПЕТ амбалажа ќе се постават и во дворните места од училиштата кои немаат вакви контејнери.

Извор: Општина Охрид

Слика 30 Собирни садови за отпад од хартија, стакло, пластика

Исто така, Општина Охрид самостојно и во соработка со ЈП „Охридски комуналец“ организира повеќе акции за собирање на кабаст и зелен отпад на повеќе собирни пунктови во Општината, според однапред утврден распоред, даден во следниот табеларен приказ.

Табела 52 Календар за 2019 год. на акциите за подигање кабаст и зелен отпад во централното градско подрачје (Извор: Програма за управување со отпад на Општина Охрид за 2019 година)

Бр. реон	Име на реон	Датум на акција за кабаст	Датум на акција за зелен отпад
1.	УЗ .1 Стар град	30.03.2019 07.09.2019	25.05.19
2.	УЗ.2 Реон опафатен со граници на ул. „М. Просветители“ „„Партизанска“, „Д. Влахов“, Кеј „Македонија“, населба „Охридати“	06.04.2019 14.09.2019	01.06.19
3.	УЗ.8 „Билјанини извори “ УЗ.9 „8 Септември“	13.04.2019 21.09.2019	08.06.19
4.	УЗ.12 „Гоце Делчев“ (нас.„Бараки“) УЗ.15 „15 .Корпус“, УЗ.17 Студенчишта	20.04.2019 28.09.2019	15.06.19
5.	УЗ.10 и УЗ.6 „Горна влашка маала“, нас. „Х. Узунов“, „Карабегомаала“	27.04.2019 05.10.2019	02.11.19
6.	УЗ.3 населби „Кошишта“,УЗ.4 „Воска“, „Далјан“ и УЗ. 5 „Лескајца“	04.05.2019 12.10.2019	09.11.19
7.	УЗ.11 „Видобишта „	11.05.2019	16.11.18

	УЗ.7 „7. Ноември“	19.10.2019	
8.	УЗ.14 „Радојица Новичиќ “ УЗ.13 „Железничка“	18.05.2019 26.11.2019	23.11.18

Количината на собран кабаст отпад во општината за период 2015 – 2018 година е даден на следниот графички приказ.



Графикон 17 Количина на собран кабаст отпад (m^3) во Општина Охрид

- **Градежен шут, инертен отпад и отпад од ископана земја, песок, камен**

Отпад од градежен шут, инертен отпад, индустриски неопасен отпад и отпад од ископана земја, песок, камен во Општина Охрид се генерира при активности на рушење или изградба на објекти, реновирање на објектите за домување, уредување и одржување на патишта, ископи и поставување на инсталации од страна на компаниите за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, телекомуникации, водовод и сл.

Истиот, по состав најчесто содржи: бетон, тули, арматурни шипки, асфалтни плочи, асфалтни покриви, градежно дрво, гипсени плочи, камења, почва, огради и останато. Ретко, но сепак овој отпад може да содржи и одредени опасни материјали, како што се: флуоросцентни цевки, азбест, олово и бои.

Годишното количество на овој отпад зависи од градежните активности во јавниот и приватниот сектор на територијата на општината. Проценетите количини на овој отпад, врз основа на искуствата од другите земји, изнесуваат од 230 до 250 kg/жител/годишно.

Собраните количини отпад од градежен шут, инертен отпад, индустриски неопасен отпад и отпад од ископана земја, песок, камен во Општина Охрид се дадени во следниот табеларен преглед.

Табела 53 Собрана количина градежен шут, инертен отпад и отпад од ископана земја, песок, камен за период 2015 – 2018 година (Извор: ЈП „Охридски Комуналец“)

Шифра	Вид отпад	2015	2016	2017	2018
17 01 07	Градежен шут	6969	7773	1940	2669
17 05 06	Ископана земја, песок, камен, муљ	339,5	548,5	150	773,5
	Инертен/индустриски неопасен отпад	184	336	419	699

Отпадот од градежен шут, инертен/индустриски неопасен отпад и отпад од ископана земја, песок, камен во Општина Охрид се депонира на депонијата „Мауцхер“. Во текот на 2018 година на оваа депонија депонирани се 5409 m^3 отпад од кои од страна на комуналното претпријатие се депонирани 2669 m^3 градежен шут, 1977 m^3 кабаст отпад и 773 m^3 земја, песок, камен. Останатата количина депониран отпад е донесен од страна на правни и физички лица во општината.

Со средства од МЖСПП се изврши расчистување на депонијата „Мауцкер“ и тоа преку рамнење на 16.000 m^2 површина, покривање на 7.000 m^2 со 2.500 m^3 земја и транспортирање на 5.000 m^3 шут, не подалеку од 500 m од постојното место (негово зарамнување и покривање со земја), а градежниот шут времено ќе се депонира на депонијата „Буково “.

Депонија „Мауцкер“ Депонија „Буково“

Слика 31 Депонија Мауцкер

Во руралните средини на Општина Охрид нема поставено собирни садови ниту пак се спроведуваат акции за собирање на градежен шут, инертен/индустриски неопасен отпад и отпад од ископана земја, песок, камен итн. заради што често пати на поголем број локации на Охридското крајбрежје или во НП Галичица се создаваат нелегални депонии.

- **Отпадна мил од септички јами**

Отпадна мил од септички јами во Општина Охрид се генерира како резултат на неповрзаност на домаќинствата на градската канализациона мрежа.

Општина Охрид не располага со точен број на септички јами. Според годишниот извештај на ЈП „Охридски Комуналец“ чистење на септички јами претставува дополнителна услуга на ова претпријатие кое се врши по барање на физички и правни лица. Во годишните извештаи на ЈП „Охридски комуналец“ расположивите податоци за количина на отпад од септички јами датираат од 2015 година и изнесуваат 14,37 t или 9 m^3 отпадна мил. Таа година последен пат било извршено чистење на септички јами од страна на ЈП Охридски Комуналец.

За периодот 2016 – 2019 година Општина Охрид не располага со податоци за количини на овој отпад, за број на септички јами ниту фреквенција на чистење на истите.

4.4.1.2 Нелегални депонии во Општина Охрид

На територијата на Општина Охрид, во текот на 2016 – 2018 година, ЈП „Охридски комуналец“ интервенирал во повеќе пати годишно за расчистување на нелегални микро депонии во градското подрачје.

На овие микро депонии, кои се нелегални, граѓаните од Општината фрлаат градежен шут, биоразградлив отпад и кабаст отпад, а по интервенција и расчистување од страна на комуналното претпријатие на истите места повторно се депонира отпад.

Табела 54 Локација на нелегални/ микро депонии во Општина Охрид (Извор: ЈП „Охридски комуналец“)

Локација	вид отпад
Населба Даљан одморалиште Младост	шут, биоразградив, кабаст
ул. „Питу Гули“ - наспроти црква С. Ѓорѓија	шут, биоразградив, кабаст
нас. „Христо Узунов“ - прес контејнер	шут, биоразградив, кабаст
ул. Богомилска - прес контејнер	шут, биоразградив, кабаст
Бул. Туристичка	шут, биоразградив, кабаст

Јавното комунално претпријатие досега нема организирана едукативна кампања за граѓаните со цел подигнување на јавната свест.

Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад на Општина Охрид секоја година организира проекти за подигање на јавната свест кај граѓаните. Дел од проектите организирани во изминатите години и планирани за во идните години, се:

- Акција за собирање стара хартија во соработка со охридските училишта;
- Акција „Прати слика – пријави отпад“;
- Ликовен и литературен конкурс во соработка со основните училишта на еколошка тема;
- Изработка на еко - календар за охридските училишта;
- Повик на граѓаните за одбележување на Европската недела на мобилност – Ден без автомобили;
- Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон и
- „Цветни балкони, цветен Охрид“.

Општината исто така ќе се вклучи во сите иницијативи за селективно собирање на отпадот кои ќе бидат организирани на Национално ниво.

4.4.1.3 Комунални редари, инспекцискиот надзор за одржување на јавната чистота

Со цел одржување на јавната чистота, Општина Охрид има назначено еден комунален инспектор и 10 комунални редари чиј делокруг на работа е следење и примена на законските прописи од областа на комуналните дејности, јавната чистота и урбаното зеленило. Во согласност со Законот за јавна чистота („Сл.Весник на РМ“ бр. 64/09,

88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) овластувања на комунални редари за одржување на јавната чистота се спречување на:

- Фрлање на отпушоци;
- Фрлање отпад на места на кои не е дозволено, испуштање на отпадни комунални води и други;
- Оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на местата определени од Општината;
- Палење, закопување и уништување на смет;
- Миење на возила, камп приколки и разни предмети од домаќинствата и од вршење на дејности;
- Сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;
- Паркирање на возила на растојание од 10 метри од контејнер;
- Продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;
- Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- Оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки;
- Мешање на бетон, малтер, освен на местата кои ќе ги определи Општината;
- Растурање на смет од вреќи, контејнери и други видови на садови за собирање на смет;
- Фрлање на смет од кат на станбена зграда или куќа;
- Палење и уништување на садовите за собирање на смет;
- Уништување на урбана и друга опрема итн.

4.4.1.4 Одржување на јавна хигиена

За одржување на јавната хигиена, одговорен е ЈП Охридски Комуналец. Во Општината се врши машинско чистење и миење на улиците, пешачките патеки, училишните објекти и останатата патна инфраструктура, но истото е нередовно и недоволно заради што граѓаните посочуваат проблем со голема нечистотија на сообраќајниците и јавните паркови.

4.4.1.5 Опасен отпад

Опасниот отпад е во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, кое во соработка со општините, преку механизмот на издавање А и Б ИСКЗ Дозволи ги задолжуваат инсталациите, соодветно да постапуваат со овој отпад (примарна селекција, согласно Листата на отпади – Сл. Весник на РМ бр.100/05, соодветно пакување и обележување на отпадот со опасни карактеристики, како и соодветно привремено складирање на места со ограничен пристап).

Управувањето со опасен индустриски отпад не е во надлежност на општините, меѓутоа издавањето на Б Интегрирани еколошки дозволи се во надлежност на Општина Охрид.

Во Општина Охрид регистрирани се 6 инсталации за кои е издадена Б-ИСКЗ Дозвола, а останатите субјекти кои се занимаваат со производство се контролираат преку Елаборати за заштита на животната средина од нивното работење.

Важноста на програмата за заштита на животната средина дадена во овие Елаборати е 5 години, после кои правните субјекти треба да изработат нови програми. Од овие субјекти се генерира: отпадно масло за јадење, отпадно моторно масло, отпадно пакување од масла, замастени материјали, отпадни батерии и акумулатори, отпадна електрична и електронска опрема и сл.

Сите правни субјекти, кои што работат во согласност со Б-ИСКЗ и подлежат на изработка на елаборати за животна средина имаат законска обврска да вршат селективно собирање на отпадот, а потоа врз основа на склучен договор, со овластена компанија, истиот да го предадат за понатамошно постапување.

- **Медицински отпад**

Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се одговорни за регулирање, мониторинг и инспекција на медицинскиот, односно земјоделскиот и сточарскиот отпад.

Медицински отпад на територијата на Општина Охрид се генерира како резултат на работењето на медицински установи, приватни здравствени установи, специјални болници, аптеки, како и од научно - истражувачки установи. Овие установи го предаваат медицинскиот отпад на овластена компанија, „Еко Клуб“ Битола за понатамошен третман, врз основа на склучен договор.

Општината не располага со податоци за собран медицински отпад на територија на Општина Охрид.

- **Отпад од азбест**

Отпад од азбест се генерира како резултат на замена на стари кровови на објектите под надлежност на Општината (градинки, основни училишта и јавни установи).

Општината не располага со податоци за собран отпад од азбест на територија на Општина Охрид.

- **Електричен и електронски отпад**

Современиот начин на живот наметнува постојано обновување на нови електрични и електронски уреди, а со тоа и генерирање отпад од старите и дотраени уреди. Електричниот и електронски отпад влијае на здравјето на луѓето и воопшто на квалитетот на животната средина.

Правните субјекти, кои имаат добиено решение за елаборати, според програмата за заштита на животната средина, вршат селективно собирање на отпадот вклучувајќи го и електричниот и електронски отпад. Бидејќи овие правни субјекти не се задолжени да доставуваат годишни извештаи за отпад до Општината, истата не располага со податоци за количина на генериран електричен и електронски отпад од овие субјекти.

„Нула отпад“ ДОО Скопје има поставено специјализирани садови за собирање на отпадни батерии и акумулатори во салоните на Македонски Телеком Охрид, Техномаркет и Нептун Охрид, како и сите продавници на Кам маркет, Рамстор и Тинекс маркети и други установи, градинки, училишта и компании каде граѓаните на Охрид можат да ги однесат отпадните батерии и акумулатори. Исто така, за големите електронски уреди, оваа компанија во договор со ЈП „Охридски комуналец“ и овластениот постапувач со електрична и електронска опрема ЗД „Отпад“ Охрид, граѓаните можат да ги оставаат во салоните на Техномаркет Охрид или кај овластениот постапувач.

Според податоците добиени од страна на овластениот постапувач „Нула отпад“ ДОО Скопје, во соработка со Општина Охрид, количината на собран отпад од електрична и електронска опрема за период 2016 – 2018 година од физички лица, компании, училишта и други установи е даден во следниот графички приказ.



Графикон 18 Количини на собран отпад (kg) од електрична и електронска опрема на колективниот постапувач „Нула Отпад“ (Извор: „Нула Отпад“ ДООЕЛ Скопје)

Во последните неколку години Општина Охрид, во соработка со „Нула отпад“, реализираше повеќе проекти за едукација и подигање на јавната свест за селектирање и соодветно постапување со ОЕЕО. Дел од тие едукативни кампањи се следните:

- Еко акција „Старо донеси ново однеси“ во соработка со Техномаркет за преземање на ОЕЕО од физички лица;
- Театарска претстава „Зелена Планета“ 2016/2017 во соработка со Пакомак, наменета за едукација на деца од основните училишта;
- Едукативна кампања во централната детска градинка ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ за едукација на најмладата популација;

- Едукативни флаери за информирање на граѓаните за организиран систем преку кој можат овој опасен отпад да го отстранат; итн.

Извор: Google

Слика 32 Акција за собирање на отпадна електрична и електронска опрема на Општина Охрид

Отпад од батерии и акумулатори на територијата на Општина Охрид се генерира од домаќинствата, сервисните центри, автоперални итн.



Графикон 19 Количина на третирани и рециклирани батерии 2011 – 2015 година во Р.С. Македонија



Извор: Google

Слика 33 Садови за е-отпад

Во согласност со законската регулатива, Општина Охрид, во соработка со Охридски Комуналец, определија две локации – собирни пунктови за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата каде што крајните корисници ќе можат отпадната опрема бесплатно да ја предаваат. Собирните место се

наоѓа во просторот на Јавното претпријатие, односно на локација на РЕ „Механизација“, како и на просторот на расадникот во Охрид каде има поставено контејнер за собирање на отпадната ЕЕО опрема.

- **Отпадно масло за јадење**

Отпадно масло за јадење во Општината се генерира како резултат на работењето голем број трговско - деловни објекти (ресторани, гостилници, ќебапчилници, сендвичари итн). Операторите на овие локали имаат склучен договор со овластени компании за преземање на отпадното масло.

Општина Охрид, во соработка со овластениот постапувач „Суниленс“, организира акции за собирање отпадно масло од домаќинствата.

Извор: Општина Охрид

Слика 34 Акција за собирање отпадно масло од домаќинствата во Охрид

Во следниот табеларен преглед дадени се количините на собрано отпадно масло за јадење од трговско деловни објекти и домаќинства во Општина Охрид во периодот 2016 – 2018 година.

Табела 55 Количини на собрано отпадно масло за јадење во О. Охрид

Отпадно масло за јадење	**2016**	**2017**	**2018**
Трговско – деловни објекти	26,56 t	27,94 t	36,06 t
Домаќинства	(2013 – 2016**)** 150 kg	21 kg	30 kg

Извор: „Суниленс“

Фрекфренцијата на собирање на отпадно масло за јадење зависи од обемот на работа на деловните објекти и се одвива неделно, на две недели, месечно или на повик на создавачот на овој вид отпад.

- **Отпадни моторни масла**

Отпадни моторни масла и масти се генерираат како резултат на работењето на повеќе сервисни центри за автомобили на територијата на општината. Отпадни масла спаѓаат во групата на опасен отпад поради своите карактеристики.

Операторите на овие сервиси и перални за автомобили отпадните масла ги собираат во соодветни собирни садови и ги предаваат на овластени компании за преземање и понатамошно постапување со овој вид отпад. Овие Оператори треба да постапуваат според Правилникот за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење на евиденција и доставување на податоци.

Сервисните центри за автомобили и останатите деловни објекти, кои генерираат отпад, се контролираат од страна на општинските инспектори преку изработените елаборати за заштита на животната средина.

Правните лица, со дејност сервиси за поправка на возила, подлежат на изработка на елаборати за заштита на животна средина, кои што ги одобрува Градоначалникот на Општината, а содржат програма за животна средина со мерки во однос на заштита на водата, воздухот, почвата, управување со отпадот и бучавата. Инспекторатот за животна средина ја следи имплементацијата на мерките во програмата, како и тоа дали правните лица имаат склучени договори со овластени постапувачи со отпад, конкретно постапувачи со отпадни масла.

Во Општина Охрид редовно се вршат контроли на сервисите за поправка на возила, во однос на управување со отпадните масла, акумулатори, гуми при што не е забележано оставање, горење и уништување на отпад или излевање на отпадни масла. Сите правни субјекти имаат склучени договори со овластени собирачи на отпадни масла.

Точни податоци за количината на отпадни масла, на ниво на Општина, не постојат. Според базата на податоци на Државниот завод за статистика, во 2016 година биле искористени околу 11.280,453 моторни масла.

- **Отпадни гуми**

Според податоците на Државниот завод за статистика во 2016 година на Национално ниво количината на отпад од гуми била 198.832 t.

Не постојат прецизни податоци за количината на отпадни гуми која се генерира на територијата на Општина Охрид.

- **Отпадни стари возила**

Податоци за количина на отпадни стари возила на локално ниво не постојат, додека според ДЗС, на Национално ниво се генерира 19.433, 500 t ваков вид отпад.

4.4.1.6 Собирање и транспорт на отпад

Собирање, транспорт, третман и отстранување на отпадот претставува значаен сегмент кој директно влијае врз загадувањето на медиумите на животната средина, а сето тоа и врз здравјето на жителите во Општина Охрид. Од домувањето на територија на Општината се создава: комунален отпад, отпад од производи и

пакување, инертен отпад, медицински отпад од здравствените објекти, ординации и болници кој редовно се превземаат од страна на овластена компанија за постапување.

Собирање и транспорт на отпад во Општина Охрид е обезбедено од страна на ЈКП „Охридски Комуналец“, кој активностите ги извршува врз основа на Оперативна програма, усвоена од Советот на Општина Охрид и во која се планирани сите активности поврзани со јавната хигиена, јавното зеленило итн.

ЈП „Охридски Комуналец“ за успешна реализација на предвидените активности е организирано во неколку одделенија кои имаат посебни одговорности:

- Одделение „Услужна хигиена“ кое ја одржува хигиената на територијата на град Охрид, викенд населбите и НП „Галичица“. Заради зголемување на количината на комунален отпад ова одделение функционира во три смени. Фреквенцијата на отстранување на комуналниот отпад е определена со однапред утврдена динамика. Во централното градско подрачје отстранувањето на комуналниот отпад е секојдневно, а од останатите приградски населени места, викенд населби отстранувањето на комуналниот отпад е два пати во неделата во точно определени денови за секое населено место.
- Одделение „Депонии“ кое ги одржува и оперира со депониите „Буково“ и „Мауцкер“;
- Одделение „Јавна хигиена“ одговорно за редовно – тековно одржување на јавната хигиена на улиците и тротоарите на територија на Општина Охрид. Динамиката на одржување на јавните и сообраќајните површини е одредена со План кој се изготвува во согласност со Одлуката за комунален ред. Ова одделение е поделено на пет пунктови „Плоштад“, „Стар град“, „Даљан“, „Механизација“ и „Нова автобуска“ со цел поголема ефикасност во работењето. Улиците во Општина Охрид се поделени во четири категории, според кои чистење и метење се врши секој ден, на два дена, два пати или еднаш во неделата.
- Сектор „Паркови и зеленило“ одговорно за одржување на парковското зеленило, садење на цветни површини, поливање на зеленилото, кроење и режење, хортикултурно уредување итн.

Транспортот на отпадот се врши со возилата на ЈП „Охридски комуналец“. На следната табела е прикажан возниот парк со кој располага јавното претпријатие.

Табела 56 Комунални возила на ЈП „Охридски комуналец“ Охрид

*Извор: ЈП „Охридски комуналец“

Р.Б.	Марка	ТИП	Година на производство	Капацитет - растресит комунален отпад m^3
1	Ford Cargo 1826 DC 4X2	голема потисна плоча	2014	90
2	ISUZU NPR 10 LONG 5.2 TD	голема потисна плоча	2015	25

3	ISUZU NPR 8 3.0 TDI	голема потисна плоча	2015	10
4	ISUZU NPR 8 3.0 TDI	голема потисна плоча	2015	10
5	FAP 1921 BK 36.AS	голема потисна плоча	1991	69
6	FAP 1921BK/113338	голема потисна плоча	1991	69
7	Mercedes Benz 1213/36,AS13M3	голема потисна плоча	1985	60
8	MAN M44	голема потисна плоча	1998	120
9	Daimler Benz 2222	голема потисна плоча	1988	99
10	Daimler Benz 1619K032	голема потисна плоча	1982	99
11	SCANIA P114LB 4x2 NA 340/55	голема потисна плоча	2000	70
12	BMC 415	голема потисна плоча	2018	85
13	MAN FVL 26, 313	голема потисна плоча	2004	90
14	Scania P series P124	голема потисна плоча	2000	120
15	FAP 1314 FF	кипер	1983	4,5
16	MAN TGL 12,180 4x2 BL	кипер	2009	4
17	Hyndai H-series H 1000	лесно товарно возило	2018	3
18	Hyndai H-series H 1000	лесно товарно возило	2018	3
19	Mercedes Sprinter 311 CDI	мала потисна плоча	2003	3,5
20	Iveko Otoyol 65,9 /34	мала потисна плоча	1995	30
21	Mercedes Sprinter 311 CDI	мала потисна плоча	2003	3,5
22	BMC 415	мала потисна плоча	2018	8
23	IMT 539	трактор	1991	4
24	IMT 539-262	трактор	1986	4
25	Timosan 8105 8075 ALS	трактор	2018	4

За подобрување на состојбата со подигнување на комуналниот отпад Општина Охрид, во текот на 2018 година, изврши набавка на 7 специјални комунални возила за подигнување на отпад за ЈП Охридски Комуналец од кредитна линија на Светска банка во износ од 451.700 ЕУР- МСИП, а уште 4 специјални возила треба да се набават во текот на 2019 година за ЈП Нискоградба и ЈП Охридски Комуналец, кои ќе се користат за расчистување на речни корита, тревни површини покрај сообраќајници и сл., во вредност од 103.295 ЕУР.

4.4.1.7 Депонирање на отпадот

Собраниот отпад ЈП „Охридски Комуналец“ го депонира на депонијата „Буково“, која се наоѓа на магистралниот пат Охрид – Битола и е оддалечена 25 km од градот Охрид. Депонијата се наоѓа на надморска висина од 1.190 m на планината Буково. Се простира на површина од 27.880 m^2 и ја сочинуваат две платоа за одлагање и една депресија. Во неа се депонираат околу 700 m^3 комунален отпад дневно, додека во

летниот период дневното депонирање достигнува до 1.100 m^3 комунален отпад, или вкупно 290.000 m^3 комунален отпад годишно.



Извор: ЈП Охридски Комуналец

Слика 35 Депонија „Буково"

Со проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржив систем за управување со отпад во Југозападниот регион", Општина Охрид треба да се вклучи во регионалниот систем за управување со отпад.

Врз основа на моменталната динамика и начинот на отстранување на отпадот, постоечката депонија може да се експлоатира уште околу 5 години. Ако се земе предвид дека биоразградливиот отпад учествува со 26 % во вкупниот комунален отпад кој се депонира, векот на депонијата може да се зголеми со воведување на компостирање на овој вид отпад (со што ќе се намали % на одложен биоразградлив отпад на депонија).

Отпадот се депонира измешан, без претходна секундарна селекција, и заради тоа содржи голема количина на стакло и хартија, што во летните месеци може да доведе до самозапалување на отпадот. Од тие причини со булдожер се врши набивање на отпадот и негово покривање со слој од земја.

Депонијата „Мауцкер", на која се вршеше депонирање на градежен шут, ископана земја, песок, камења е расчистена од страна на Охридски Комуналец. Комуналното претпријатие изврши рамнење на 16.000 m^2 и покривање на 7.000 m^2 површина.

Согласно плановите за пренамена, депонијата за шут на локација Мауцкер повеќе не се користи од Општината, а градежниот шут времено се одложува на депонијата „Буково“ се до отворање на регионалната депонија на Југозападниот плански регион.

Општина Охрид, како дел од Југозападниот плански регион, е вклучена во рамките на проектот „Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот плански регион“, за кој се изработија регионален план, стратешка оцена на животната средина за регионалниот план за управување со отпад, физибилити студија, студија за оцена на влијанието врз животната средина, за воведување на регионален пристап на управување со отпад.

Изработката на документите за регионалниот план ќе послужи за изградба на систем за интегрирано управување со отпад, што подразбира регионална депонија, трансфер-станици и начинот на кој ќе се изведува интегрираниот систем за управување со отпад.

4.4.1.8 Мониторинг на управување со отпад

На локално ниво мониторингот за управување со отпад во Општина Охрид се спроведува преку Дневник за евиденција за постапување со отпад и идентификациски формулари за транспорт и депонирање на отпадот.

Со редовно водење на Дневникот за евиденција за постапување со отпад на дневна основа се прави месечен извештај, врз основа на кои потоа се изработува годишен извештај. Овие документи се дел од подзаконскиот акт: Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад.

Во општината не се води евиденција за количина на отпад генериран од правните субјекти во општината, и не располага со податоци за количина на генериран опасен отпад како што се: отпадни моторни масла, отпад од азбест, отпадни акумулатори итн.

4.4.2 Влијание врз животната средина и здравјето на луѓето

Состојбата со управување со отпад во Република Северна Македонија се карактеризира како супстандардна и неефикасна со сериозни организациски и технички недостатоци. Истото резултира со различни дисфункционални системи на национално и општинско ниво и поврзани негативни ефекти врз медиумите на животната средина и здравјето на луѓето, како што е нестандардното депонирање и фрлање отпад на несоодветни локации.

Нестандарните и нелегалните депонии влијаат негативно врз медиумите на животната средина (воздух, вода, подземни води и почвата), бидејќи отпадот се разградува и ослободува различни опасни супстанции.

Влијанието врз животната средина, а со тоа и врз здравјето на луѓето е изразено преку емисија на стакленѝчки гасови (метан), органски микрополутанти (диоксини и фурани), потоа испарливи тешки метали во воздухот и исцедок од депониите кој се емитира во почвата и подземните води и истите ги загадува.

Исто така, несоодветно одложениот отпад има штетно влијание и претставува опасност по здравјето на населението заради можноста за пренесување на заразни болести преку инсекти и глодари, контакт со опасни материи на кои се изложени луѓето кои собираат пластични шишиња, хартија итн.

Депонијата за комунален и инертен отпад „Буково“ во согласност со „Планот за затварање на нестандардни депонии“ 2011 година е оценета како високо ризична депонија.

Цели на Националниот план за управување со отпад (2009 – 2015) и Национална стратегија за управување со отпад (2008 – 2020) се затварање на постојните нестандардни депонии и формирање на регионални депонии, подигнување на свеста кај сите засегнати страни во врска со прашањата за управување со отпадот, воспоставување и одржување на систем за собирање на податоци кој ќе содржи податоците за изворот, природата, количествата и постапувањето со отпадот, воспоставување капацитети за отстранување на отпадот согласно европските стандарди итн.

За Југозападниот плански регион, на кој припаѓа Општина Охрид, има подготвен Нацрт извештај за стратегиска оцена за животната средина за нацрт Регионален план за управување со отпад за Југозападен регион - "Подготовка на документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски Регион ".

Според препораките на УНЕСКО, депонијата „Буково“ треба да се затвори до 2020 година, додека во Планот за затварање на нестандардни депонии во Р. С. Македонија, охридската депонијата „Буково“ е ставена на листа[25] на приоритетни нестандардни депонии за решавање/затварање.

Сепак, регионална депонија за Југозападен плански регион на кој припаѓа и О. Охрид се уште нема, а проблемот со загадување на почвата, воздухот, површинските и подземните води како и негативното влијание врз биолошката разновидност, земјоделското земјиште и здравјето на луѓето од нестандардната депонија „Буково“ се уште е присутно во општината.

25 (http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B4%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%A0%D0%9C.pdf)

4.4.3 Проблеми во однос на управувањето со отпад

- Отсуство на регионална депонија;
- Недостаток од база на податоци за сите видови, количини и извори на отпад што се генерира на територија на општината;
- Недостаток од податоци за количини на посебните видови на отпад создадени на територија на општината;
- Несоодветно управување со создадениот отпад;
- Низок степен на примарна селекција на отпадот;
- Низок степен на искористување на фракциите од отпадот кој може да се рециклира;
- Недостаток на податоци за број септички јами, количина на отпадна мил и начин на постапување;
- Низок степен на искористување на отпадната биомаса од одржување на урбаното зеленило од паркови, скверови, парк шуми;
- Недоволен број садови за отпад;
- Постоење на диви депонии;
- Потреба од зајакнување на капацитетите на локално ниво за управување и мониторинг на состојбата со отпадот во општината;
- Неможност на жителите од Речица, Плаќе, Завој, Рамне, Свињишта, Сирула, Скребатно и Расино да ја користат услугата на ЈП „Охридски Комуналец“;
- Недостаток на садови за комунален отпад во градот Охрид и руралните средини;
- Недостаток од организирано собирање на градежен шут, кабаст отпад и биоразградлив отпад од руралните населени места;
- Отсуство на собирни акции за кабаст отпад, градежен шут и зелен отпад во руралните средини;
- Недостаток на податоци за количини на опасен отпад кој се генерира во општината (медицински отпад, отпадни батерии и акумулатори, отпадни моторни масла, азбестен отпад);
- Непостоење на депонија за опасен отпад на национално ниво;
- Недоволно финансиски средства на локално ниво за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад;
- Нечистотија на улиците и јавните паркови;
- Низок степен на еколошка свест кај граѓаните и ограничени познавања за проблемите со отпадот, потенцијални ризици од опасниот отпад и негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, природата и сл.

4.4.4 Препораки за решавање на проблемите во однос на управувањето со отпад

- Активно вклучување на граѓаните во процесот на подигнување на јавната свест за правилно собирање и селектирање на отпадот;

- Подигнување на еколошка свест кај граѓаните и едукација за проблемите со отпадот, потенцијални ризици и негативните ефекти врз здравјето на луѓето, животната средина и природата;
- Изработка карта, со детален преглед на локации, за поставени садови селекција на отпад, која ќе биде лесно достапна за сите граѓани;
- Формирање база на податоци за сите видови отпад, количини и начин на постапување со отпадот на територија на Општина Охрид, вклучувајќи и извештаи од правни субјекти кои работат врз основа на Елаборати за заштита на животната средина и Б – ИСКЗ дозволи;
- Зголемување на степенот на искористување на отпадната биомаса од одржување на паркови, скверови, парк шуми и отпадна биомаса од одржување на дворови на домаќинствата;
- Зајакнување на соработката со колективните постапувачи со отпад со цел поставување на повеќе собирни садови и организација на повеќе едукативни кампањи;
- Поставување садови за инертен отпад и биоразградлив отпад во руралните средини на општината;
- Користење на пристапни ЕУ фондови;
- Редовно одржување на патната инфраструктура, јавните паркови и останатите јавни површини;
- Подигнување на јавната свест кај граѓаните преку едукативни кампањи, јавни трибини, финансиски стимулации итн.
- Планирање на простор за поставување садови за отпад при изработка на планска документација;
- Зголемување на бројот на садови за отпад според бројот и потребите на домаќинствата и/или зголемување на фреквенцијата на подигнување на отпадот од страна на ЈП Охридски Комуналец;
- Редовно организирање собирни акции за кабаст отпад, градежен шут и зелен отпад на повеќе локации во руралната средина на општината;
- Мапирање на локации на септички јами и податоци за фреквенција на нивно чистење;
- Зајакнување на капацитетите на локално ниво за управување и мониторинг на состојбата со отпадот во општината;

4.5 Тематска област: Управување со бучава

Генерирањето на бучава претставува физички агенс од животната средина која во организмот создава штетни ефекти со тенденција на пораст во развиените земји и во земјите во развој. Бучавата во животната средина може да се класифицира според следните карактеристики:

- Континуирана бучава;
- Повремена бучава;

- Широкопојасна бучава;
- Тонална бучава;
- Импулсна бучава.

Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15) ги дефинира правата и обврските на национално и локално ниво, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со бучавата во животната средина и заштита од истата.

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Сл. Весник“ на РМ бр.147/08). Според степенот за заштита од бучава, граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од наведените нивоа на бучава одредени според степенот на заштита кои се прикажани во следната табела.

Табела 57 Нивоа на бучава на подрачја одредени според степенот на заштита

Подрачје дефинирано според степенот на заштита од бучава	**Ниво на бучава изразено во dB**		
	$L_д$	**$L_в$**	**$L_н$**
Подрачје од прв степен	50	50	40
Подрачје од втор степен	55	55	45
Подрачје од трет степен	60	60	55
Подрачје од четврт степен	70	70	60

$L_д$ - ден (период од 07.00 до 19.00 часот),
$L_в$ - вечер (период од 19.00 до 23.00 часот)
$L_н$ - ноќ (период од 23.00 до 07.00 часот)

Во Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл. весник на РМ бр.120/08) се дефинирани подрачјата според степенот на заштита од бучава:

- Подрачје со I степен на заштита од бучава е подрачје наменето за туризам и рекреација, подрачје во непосредна близина на здравствени установи за болничко лекување и подрачје на национални паркови и природни резервати;
- Подрачје со II степен на заштита од бучава е подрачје кое е примарно наменето за престој, односно станбен реон, подрачје во околина на објекти наменети за воспитна и образовна дејност, објекти за социјална заштита наменети за сместување на деца и стари лица и објекти за примарна здравствена заштита, подрачје на игралишта и јавни паркови, јавни зеленила и рекреациски површини и подрачја на локални паркови;
- Подрачје со III степен на заштита од бучава е подрачје каде е дозволен зафат во околината, во кое помалку ќе смета предизвикувањето на бучава, односно

трговско - деловно - станбено подрачје, кое истовремено е наменето за престој, односно во кое има објекти во кои има заштитени простории, занаетчиски и слични дејности на производство (мешано подрачје), подрачје наменето за земјоделска дејност и јавни центри, каде се вршат управни, трговски, услужни и угостителски дејности;

- Подрачје со IV степен на заштита од бучава е подрачје каде се дозволени зафати во околината, кои можат да предизвикаат пречење со бучава, подрачје без станови, наменето за индустриски и занаетчиски или други слични производствени дејности, транспортни дејности, дејности за складирање и сервисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава.

Во согласност со Уредбата за агломерации, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготват стратешки карти за бучава (Сл. Весник на Р.С. Македонија бр. 15/11), а кои се наоѓаат на територија на Општина Охрид се:

- Стратешка карта на бучава за патната делница Р – 501: Охрид – Пештани – под надлежност на Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина; и
- Стратешка карта на бучава за крајбрежјето на Охридско Езеро во длабочина од 1,5 km доколку бројот на жители на Општина Охрид и Струга ја надмине бројката од 130.000 односно 110.000 жители – належност на Општините Охрид и Струга;

Бучавата како значен аспект на животната средина во Општина Охрид е анализирана во планскиот документ: „Акциониот план и програма за управување со бучавата во Општина Охрид“ 2011 година, преку:

- Идентификување на главните извори на бучава на територијата на Општина Охрид;
- Опис на негативните влијанија од зголеменото ниво на бучава врз осетливите рецептори;
- Акционен план за заштита од бучава кои вклучуваат: дефинирање на мерки и активности, потребата од нивното реализирање, целите кои ќе се постигнат како и потребните финансиски средства за нивна реализација.

4.5.1 Извори на бучава

Општина Охрид, како една од најпосетуваните туристички дестинации во Р. С. Македонија, секоја година е домаќин на илјадници домашни и странски посетители. Покрај значителните финансиски придобивки од посетеноста на Градот и развојот на туризмот, Општината се соочува со сериозни проблеми од аспект на животната средина, особено проблеми кои потекнуваат од зголемено ниво на бучава. Илјадниците гости, зголемената фрекфенција на возила, забавните и рекреативни активности кои ги нудат Градот и угостителските објекти, градската врева, генерираат ниво на бучава која претставува сериозна закана за животната средина и здравјето на луѓето.

Имајќи ги предвид горенаведените факти и недостатокот на податоци од мониторинг на бучава, а со цел да се утврдат главните извори и состојбата со бучавата во Општината и да се превземат соодветни мерки за управување со истата, во отсуство на стратешка карта, Општина Охрид изработи Акционен План и Програма за управување со бучавата во 2011 година.

Во горе споменатиот плански документ „Акциониот план и програма за управување со бучавата во Општина Охрид“, особено високи вредности на ниво на бучава се забележани на мерните места на улиците Цар Самоил, Коста Абраш и градскиот плоштад, каде истите достигнуваат вредност и до Leq=81.9-89.9 dB(A) во период на мерење ноќ, во 2.00 часот по полноќ, во екот на туристичката сезона.

Овие локации се карактеризираат со голем број угостителски објекти со отворени летни тераси или затворени простори во кои се пушта жива и друг вид гласна музика. Во полноќните часови улиците се полнат со млади луѓе кои создаваат врева од гласно смеење, пеење и сл. Сите гореспоменати фактори допринесуваат за зголеменото ниво на бучава во однос на максимално дозволените вредности.

Во согласност со планскиот документ главни причини за зголеменото ниво на бучава во Општина Охрид се:

- непочитување на законските обврски;
- несовесно работење на угостителските работници;
- ниска култура на однесување на локалното население, гостите и посетителите;
- несоодветно просторно уредување, особено во стариот дел од градот, каде од двете страни на тесните улички се наоѓаат голем број на угостителски објекти;
- тесен и затворен простор за ширење на бучавата, односно не постои можност за намалување на интензитетот на бучава од изворот со зголемување на растојанието, особено во стариот дел на Градот;
- несоодветна звучна изолација на угостителските и станбените објекти;

- голема фрекфенција на возила, стар возен парк, застој во сообраќајот, возење со голема брзина и сл.

Ваквата состојба придонесува за зачестеност на поплаки од граѓаните на Општина Охрид, поради вознемиреност од бучава од горенаведените извори.

Во Акциониот план и програмата за намалување на бучавата во Општина Охрид, предложени се мерки за намалување на нивото на бучава, и е нагласено дека при имплементација на истите треба да се земат предвид и дел од мерките и препораките кои се предвидени како долгорочна стратегија за намалување на бучавата.

На следната слика се прикажани дел од побучните и пофреквентните локации и објекти на територија на Општина Охрид кои воедно се наоѓаат во централното градско подрачје.

Охридска чаршија

бул. Туристичка

Ноќен клуб

Слика 36 Дел од подрачјата со зголемено ниво на бучава на територија на Општина Охрид

Во Општина Охрид мерења на бучава се спроведува во случај на поплака од граѓани за зголемена бучава и вознемирување, а мерењата се вршат од страна на инспекциските лица на Општина Охрид.

Инспекциските служби на Општина Охрид во изминатите години имаат изречено повеќе прекршочни казни на угостителски објекти за зголемена бучава и непочитување на законските одредби.

Бучавата, во форма на непријатен звук или звучна појава, при одреден интензитет предизвикува непријатно чувство кај човекот и влијае на неговата психофизичка состојба, ја намалува работната продуктивност, го попречува одморот и сонот и создава немир и нерасположение. Бучавата предизвикува директно нарушување на мирот, здравјето и работоспособноста на граѓаните.

Континуирано изложување на зголемена бучава доведува до појава на нервози и немирен сон, зголемување на крвниот притисок, нарушување на центарот за рамнотежа и во екстремни случаи губење на слухот.

4.5.2 Проблеми во однос на бучавата

- Недостаток од точни и прецизни податоци за стационарните извори на бучава на територијата на општината (Катастар на извори на бучава во животната средина);
- Зголемено ниво на бучава за време на туристичката сезона од угостителските објекти;
- Бучава од автоперални во доцните ноќни часови;
- Бучава од верски објекти;
- Недостаток од Стратешка карта на бучава за патната делница Р – 501: Охрид – Пештани – (надлежност на МЖСПП);
- Недостаток од Стратешка карта на бучава за крајбрежјето на Охридско Езеро во длабочина од 1,5 km (доколку бројот на жители на Општина Охрид и Струга ја надмине бројката од 130.000 односно 110.000 жители – належност на Општините Охрид и Струга);
- Недостаток на национални и локални податоци за здравствените ефекти од бучавата.

4.5.3 Препораки за решавање на идентификуваните проблеми во однос на бучавата

- Изработка на Катастар на извори на бучава во животната средина со точни и прецизни податоци за стационарни извори на бучава;
- Поголема ажурност на инспекциските служби за преземање активности околу поплаката на граѓаните за зголемена бучава од угостителските објекти за време на туристичката сезона, од автопералните во доцните ноќни часови и зголемената бучава од верските објекти во општината;
- Воведување на зона на смирен сообраќај 30 km/h во централното градско подрачје;
- Поголема соработка со МЖСПП и иницијатива за изработка на Стратешка карта на бучава за патна делница Р – 501: Охрид – Пештани, за кој е одговорен МЖСПП;

- Изработка на Стратешка карта на бучава за крајбрежјето на Охридско Езеро во длабочина од 1,5 km (доколку бројот на жители на општините Охрид и Струга надминува 130.000 односно 110.000), за која се одговорни двете општини;
- Зголемување на јавната свест и едукација на граѓаните за негативното влијание на бучавата;
- Зголемување на пешачки зони и велосипедската инфраструктура во општината.

4.6 Тематска област – Управување со биолошка разновидност

4.6.1 Биолошка разновидност во Општина Охрид

4.6.1.1 Охридско Езеро

Со својата единствена флора и фауна, Охридското Езеро претставува еден од најголемите биолошки резервати во Европа.

Тоа претставува еден од најзначајните центри на биолошка разновидност во Европа со околу 1.200 нативни видови, од кои 586 се животински видови, а околу 614 растителни видови. Посебно значајни за науката се 212 ендемични видови, од кои 182 се животински видови. Еден дел од нив претставуваат живи фосили, речиси неизменети од времето на терциерот, како што се ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави, а од рибите охридската пастрмка и белвицата.

Најексплицитна експресија на ендемизамот во Охридското Езеро е регистрирана кај групите од бенталната фауна, каде што постојат цели еволутивни линии: пијавици (Hirudinea), ракови (Crustacea), школки (Bivalvia) и полжави (Gastropoda) и сплескани црви (Turbellaria).

Во него се населени бројни ендемски и реликтни видови на слатководна флора и фауна кои датираат од терцијарот. Ендемични видови за Охридското Езеро се: Arctodiaptomus steindachneri Rich, 1897, Cyclops ochridanus Kiefer,1931 и според Лова и Старобогатов (1982) и ларвените стадиуми од видот Dreissena (Carinodreissena) stankovici.

Охридското Езеро е старо меѓу две и три милиони години. Во неговите олиготрофни води живеат над 216 растителни и животински видови кои не постојат на ниедно друго место во светот, вклучително и алги, зооланктон, претставници на фауната на дно како плоснатите црви Turbellaria, полжави и нижи ракови, како и 21 видови риба вклучително и пет вида пастрмка. Во и околу Езерото живеат повеќе од 90 видови птици.

Во Охридското Езеро присутни се 40 видови виши водни растенија (од кои еден вид е интродуциран) и 19 видови се Charophyta, од кои еден вид е Балкански ендемит.

Особено е значаен диверзитетот на алгите од кои дијатомејските алги се со најголем диверзитет, потоа сунѓерите *Porifera* (4 видови), *Platyhelminthes* (75 видови од кои повеќе од 35 се ендемични); *Rotifera* (49), *Nematoda* (24 видови со 3 ендемити),

Oligochaeta (36 видови од кои 17 се ендмеични) Hirudinea (24 видови од кои 12 се ендемични), Acari (43), Cladocera (31 вид со 1 ендемит), Ostracoda (52 видови со 33 ендемити), Copepoda (36 видови со 6 ендемити) Decapoda (2), Isopoda (4 видови од кои 3 се ендемични), Amphipoda (10 - 11 видови од кои 9 се ендемични), Insecta (над 100 видови), Gastropoda (72 видови од кои дури 56 се ендемични) и Bivalvia (13 видови од кои 2 се ендемични) (Hristovski et al. 2015a). Висок диверзитет и ендемизам се среќава и во рамките на ихтиофауната. Според Talevski et al. (2009) во Охридското Езеро живеат 21 автохтони и 7 интродуцирани видови риби од кои 7 (33,3%) се ендемични: Salmo ohridanus, S. aphelios, S. balcanicus, S. letnica, S. lumi, Barbatula sturanyi и Gobio ohridanus.

Крајбрежните карпестите хабитати имаат значење поради гнездењето на некои птици и присуството на ендемични растителни и животински видови (пр.: разновидниот род полжави Montenegrina). Фауната на птиците брои околу 90 видови водни птици, од кои повеќе се значајни за заштита: *Podiceps nigricollis, Mergus merganser, Fulica atra, Netta rufina, Podiceps cristatus, Phalacrocorax pygmeus, Aythya ferina* итн. (Velevski et al. 2010).

Високо значење за биолошката разновидност имаат и влажните станишта, кои егзистираат покрај самото Езеро, како што е Студенчишко Блато, остатоците од Струшкото Блато, блатата и крајречните заедници во Љубанишкото Поле и големиот број извори.

Од емергентните растенија доминира трската, која образува дисконтинуиран појас околу езерото и зафаќа површина од околу 74 ha или 0,31% од вкупната површина на езерото. Трската во крајбрежниот регион на Охридско Езеро претставува живеалиште, засолниште и храна за многу животински видови како риби, безрбетници, водни птици итн. Исто така појасот трска претставува природен био - филтер за различни загадувачки материи. Преку процесот на нивна апсорпција и акумулација во трската се намалува загадувањето на водата во Охридското Езеро. Трската е продуцент на кислород и ја снабдува водата во Охридското Езеро со органски и минерални материи, особено во период на распаѓање на растителната маса. Таа го намалува дејството на брановите и ветерот, при што ја спречува ерозијата на езерскиот брег, а со тоа оневозможува натрупување на тиња, песок и други наноси на езерското дно. Комплекси на трска со најголеми површини се наоѓаат на крајбрежјето на потегот Калишта – Струга, Струга – Охрид и Љубанско Поле - Св. Наум.

Резултатите од истражувањата, направени во проектот „Регистрација на појасот на трската како основа за понатамошно следење на состојбите во Охридското Езеро, а со цел за определување на стратегијата за нејзина заштита“ изработен од страна на ЈУ Хидробиолошки[26] завод покажале дека подрачјето на трската е неконтролирано уништувана со сечење, палење, корнење за различни цели како на пример добивање на обработливи површини, плажи, хотелски комплекси, депонирање на земја и градежен шут итн. Исто така, во ова истражување забележано е дека трската

[26] Д-р Марина Талевска, Д-р Трајче Талевски – декември 2012 година

поинтензивно расте и се шири поради зголемото континуирано внесување на хранливи материи (нутриенти) во Езерото.

За предлагање мерки за заштита на светското природно наследство во Охридскиот регион, негово научно истражување, промовирање и обезбедување на генетски материјал од видовите, надлежна е ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид. Овој научен институт има надлежности и обврски да го следи и да се грижи за физичко-хемискиот состав на водата во Охридското Езеро и состојбата со флората и фауната на водниот свет и да алармира во случај на нарушувања со цел да се преземат мерки од надлежните институции.

ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид остварува научно – истражувачка дејност и врши истражувања на проблемот со загадување на водите, вештачко порибување на Охридското Езеро со подмладок на охридска пастрмка и мониторинг на природните езера во Р. С. Македонија. Просечно годишно езерото се порибува со 2 милиони икри подмладок, со што се придонесува за подобрување на состојбата со рибниот фонд во езерото.

Водите на Охридското Езеро се користат за производство на електрична енергија од страна на ЕЛЕМ, а постојаните осцилации на нивото на водата во езерото негативно влијае на биолошката разновидност.

На следните графикони прикажан е средногодишниот водостој[27] на Охридско Езеро за период 2016 – 2018 година.

Извор: СОЖС од спроведување на Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион (2018 – 2027)

Слика 37 Средногодишен водостој за 2016 година

[27] Нацрт Извештај за СОЖС од спроведување на Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион (2018 – 2027), Градежен институт „Македонија“ А. Д. Скопје

Извор: СОЖС од спроведување на Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион (2018 – 2027)

Слика 38 Средногодишен водостој за 2017 година

Извор: СОЖС од спроведување на Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион (2018 – 2027)

Слика 39 Средногодишен водостој за 2018 година

Охридското Езеро е реципиент на сите отпадни комунални и атмосферски води, од кои дел воопшто не се пречистуваат во колекторот, пречистителната станица „ Враништа“ или путокс станица. Охридското езеро е реципиент на сите атмосферски води кои ги измиваат површините во руралната средина на Општината.

Ерозивните наноси од речните сливови во Езерото, особено од р. Сатеска, р. Коселска што со себе носи ерозивни седименти и загадувачки материи кои ги примила долж нејзиниот тек, но и големите количини на различни фракции отпад што овие реки ги носат со себе, претставува голема закана за биолошката разновидност на Охридското Езеро.

Пловните објекти во Охридското Езеро, дополнително влијаат на квалитетот на водата во езерото и биолошката разновидност. Во Охридското Езеро сообраќајат 5 големи туристички бродови, 200 современи објекти за спорт и рекреација и 200 метални традиционални чамци. Полнењето на гориво во пловните објекти се врши со канти, при што постои опасност од истекувања на горивото. Како пристаниште на пловните објекти се користи каналот Билјанини Извори.

Водата од Охридското Езеро се користи за наводнување на земјоделските површини и урбаното зеленило, а во туристичката сезона се користи и за водоснабдување.

Големиот број плажи на охридското крајбрежје, големиот број туристи, бесправно изградените објекти во заштитната крајбрежна зона на езерото, на помалку од 50 m оддалеченост од крајбрежјето, големиот број платформи поставени од угостителски

објекти во Езерото претставуваат исто така голема закана за биолошката разновидност и имаат негативно влијание.

4.6.1.2 Студенчишко Блато

По однос на биолошката разновидност значаен е локалитетот - Студенчишко Блато, валоризиран како природен феномен сочуван со милениуми кое претставувало интегрален дел на Охридското Езеро.

Студенчишко Блато како екосистем тесно е поврзано со езерскиот екосистем и придонесува за многу поголема биолошка разновидност на целокупниот екосистем на Охридското Езеро. Флората на Студенчишко Блато во најголем дел се состои од широко распространети блатни видови. Истражувањата покажуваат дека до скоро во блатото Студенчишта имало 10 видови кои се ретки во Македонија. Од нив повеќето од половина, односно 5 вида се исчезнати, 2 вида веројатно се исчезнати, а 3 вида се во опасност од исчезнување.

На просторот на Студенчишко Блато во последната деценија евидентирани се пет блатни заедници:

- Асоцијација Scirpeto-Phragmitetum W. Koch 1926;
- Асоцијација Oenantheto- Roripetum Lohm. 1950;
- Асоцијација Sparganio-Glycerietum fluitantis Br.-Bl. 1925;
- Асоцијација Caricetum elatae W. Koch 1926;
- Асоцијација Cyperetum longi Mic. 1957.

Од дијатомејската флора утврдено е присуство на 11 ендемични и 4 ретки видови во флората на Македонија. Заедничките видови фауна за Охридското Езеро и крајбрежните води околу Езерото изнесуваат 16% за гастроподната фауна, 20% за трикладидната фауна, 35% за олигохетната фауна и 22,5% за хирономидна фауна.

Извор: Студенчиште како составен дел на Охридското Античко Езеро: Тековен статус и потреба од заштита - Надежда Апостолова, Даниел Скари, и Joc T.A. Верховен (2016)

Слика 40 Карактеристична флора и фауна - Студенчишко Блато

За изворите по крајбрежјето на Охридското Езеро (Студенчишта, Бејбунар, Свети Наум, Шум) познати се 9 видови планарии, додека во Студенчишкиот Канал, во одделни периоди од годината присутни се 14 од вкупно 21 автохтони видови риби од Охридското Езеро, како и три алохтони видови.

Лево: Локација на мочуришна област околу Охридско езеро (црвена линија)
Десно: Локација на Студенчишко Блато
A: Град Охрид
B: Канал Студенчиште
C: Галичица

Извор: Студенчиште како составен дел на Охридското Античко Езеро: Тековен статус и потреба од заштита - Надежда Апостолова, Даниел Скари, и Joc T.A. Верховен (2016)

Слика 41 Локација на Студенчишко Блато

Со цел ревитализација на Студенчишко Блато изготвена е студија за состојбата со остатокот на Студенчишко Блато во 2012 година - Студија за валоризација на просторот на Студенчишко Блато заради негово прогласување за заштитено подрачје, во која се утврдени заканите и предложена е рамка на мерки и активности со предлог финансиски план, одговорни институции и можни извори на финансирање.

Владата на Р. Македонија во 2013 година со Одлука[28] ја задолжила Општина Охрид да подготви ревидирана Студија за Студенчишко Блато.

Истовремено, во опфатот на Студенчишко Блато, како предлог подрачје за заштита и вреден сегмент од биолошката разновидност на Охридското Езеро, се наоѓа локација за изградба на идна марина. За заштитениот дел на Студенчишко Блато веќе се направени студии, кои предвидуваат дека просторот претставува строго заштитена зона, на која е забрането да се гради било каков објект од цврста градба.

[28] број 41-7740/1 од 12.11.2013 година

Со недефиниран степен на заштита, отсуство на систем за одржливо управување, пренамена на делови од Блатото во обработлива површина, одлагање на градежен шут, изградба на трајни и времени објекти, асфалтни и други патишта водат кон сушење и деградација на блатото кое има исклучително значење и придонесува за многу поголема биолошка разновидност на целокупниот екосистем на Охридското Езеро.

4.6.1.3 НП „Галичица“

Од вкупната површина на НП Галичица на Општина Охрид и припаѓаат 15.080 ha или околу 62%, додека површина од 17.382 ha или околу 72% од територијата на Националниот парк, истовремено припаѓа и кон просторот на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, со вкупна површина од 83.350 ha.

Целите и начините на користење на НП „Галичица“ се определени со десетгодишни планови.

Според природно застапената биолошка разновидност претставува еден од најзначајните природни објекти на Балканскиот Полуостров. Во паркот се застапени преку 1.000 видови виши растенија со присуство на голем број ендемити и реликти. Карактеристично е присуството на 15 досега откриени локални ендеми, односно видови кои се среќаваат само во границите на Паркот. На нешто помалку од 25.000 ha, се среќаваат повеќе од 35 типови живеалишта, 40 растителни заедници, околу 1.600 таксони од васкуларни растенија, над 140 видови лихеноидни габи, повеќе од 480 видови габи и преку 3.231 таксони од фауната. Богатата биолошка разновидност во Паркот има големо национално, европско и глобално значење. Од живеалишта, кои се ретки или загрозени во Европа, во Паркот се среќаваат десет типови шумска, два типа грмушеста, четири типови тревеста и два типа хазмофитска вегетација. Од европско значење се и два типа на водни живеалишта и три типови на живеалишта поврзани со подземните геоморфолошки форми.

Паркот го населуваат поголем број таксони кои се среќаваат само во Р.С. Македонија или Балканот, и тоа: 46 таксони виши растенија, 89 таксони безрбетници од кои на 26 се ендемични и од ’рбетниците има 11 водоземци, 21 влекач, 260 видови птици и 51 цицач, од кои присутни се и најатрактивните: рис, мечка и дивокоза.

Претставниците на типот членконоги се најбројна група на животни во Паркот застапени со 2.721 вид, инсектите се застапени со над 2.328 видови, пеперутки со 1597 видови (ноќни, дневни и мали пеперутки) итн.

Посебно значење за планината Галичица имаат растителните видови кои претставуваат нејзин заштитен знак. На планината Галичица се наоѓаат класичните наоѓалишта на над 30 растителни таксони од кои најголемиот број се со валиден таксономски статус. Посебно би требало да се издвојат двата ендемични вида од родот Centaurea – C. soskae и C. galicicae, кои се со многу ограничено распространување и се развиваат по стрмните варовнички клифови кои се

издигнуваат над Охридското Езеро – помеѓу манастирот "Свети Наум" и с. Пештани. Диверзитетот на габите во Паркот е претставен со над 480 видови, од кои најголем дел се макромицети кои таксономски припаѓаат на типот Basidiomycota, а помал дел на Ascomycota.

Во границите на Паркот, вклучувајќи ги извориштето Свети Наум, крајбрежјето на Охридското Езеро и Преспанско Езеро забележано е присуство на 41 видови риби. Преспанско Езеро има 11 автохтони и 12 (13) алохтони, Охридско Езеро има 21 автохтон и седум алохтони видови, а заеднички од нив за двете езера се само крап и јагула од автохтони и 6 алохтони видови. Во извориштето Свети Наум забележани се 7 видови риби: моранец, клен, охридска плашица, охридски скобуст, охридска кркушка – дујак –мренец, охридска вретенушка и пештанска пастрмка. Голем број од нив се ендемични.

Во границите на Паркот се среќаваат 10 видови од класата водоземци кои се под строга правна заштита во земјите на Европската Унија: македонскиот мрморец, жолтиот мукач, зелената крастава жаба, гаталинката, поточната жаба и горската жаба. Исто така, потврдено е присуство на 21 вид од класата влечуги (Reptilia), од кои ридската желка, блатната желка, лушпестата гуштерица, зелениот гуштер, големиот зелен гуштер се под строга заштита во Европа.

Меѓународното значење на биолошката разновидност во Паркот е потврдено со бројни номинации, како на пример: „Емералд подрачје“, „Значајно растително подрачје“, „Примарно подрачје за пеперутки“, „Светско наследство на УНЕСКО“, „Прекугранично биосферен резерват на УНЕСКО“, а потенцијално и „НАТУРА 2000 подрачје“.

Од другите природни вредности, значајни се Стара Галичица и островот Голем Град, кои по своите севкупни геоморфолошки карактеристики се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа, како и тревните тераси на Стара Галичица кои со одредени свои карактеристики се единствени или исклучително ретки во евромедитеранскиот регион, но и глобално.



Извор: План за управување со НП Галичица (2010 – 2020)

Слика 42 Граници на НП Галичица

Исто така, во рамките на повеќе меѓународни процеси и иницијативи, НП Галичица е прогласен како Значајно растително подрачје[29] и Примарно подрачје за пеперутки, категории кои немаат правен статус.

Табела 58 Активности во НП Галичица

Активности во заштитните зони на НП „Галичица“	**Зони**			
	строга заштита	**активно управување**	**одржливо користење**	**заштитен појас**
Научни истражувања, вклучително и археолошки (само со претходна дозвола)	да	да	да	да
Пешачење (по обележани патеки)	да	да	да	да
Пешачење (надвор од обележани патеки)	не	не	да	да
Скијачко трчање	не	да	да	да
Поставување на инфо-табли	не	да	да	да
Поставување на патокази	да	да	да	да
Уредени места за одмор (маси, клупи, настрешници)	не	да	да	не

[29] Иницијатива покрената во врска со Европската стратегија за зачувување на растенијата, односно Конвенцијата за биолошка разноводност ратификувана со закон за ратификација („Сл.Весник на РСМ, бр. 54/97).

Кампување во дивина на одредени локации	не	да	да	не
Набљудувачници и видиковци	не	да	да	да
Палење оган на отворено	не	не	не	не
Собирање габи, плодови и растенија (пр. чај, смреклинки, печурки и др.)	не	не	да	не
Собирање животни (пр. пеперутки, желки, и др.)	не	не	не	не
Напасување стока	не	не	да	да
Одгледување земјоделски култури на традиционален начин	не	не	да	не
Косење трева	не	не	да	да
Пчеларство – времено поставување кошници	не	да	да	да
Пчеларство – придружни објекти	не	не	да	не
Комерцијално шумарство	не	не	да	не
Интензивно земјоделско производство	не	не	да	не
Собирање дрва и гранки	не	не	да	не
Риболов	не	не	не	не
Лов	не	не	не	не
Алпско скијање (на неуредени места)	не	да	да	да
Алпинизам на уредени места	не	да	да	не
Планински велосипедизам по уредени патеки	не	да	да	да
Полетувалиште за параглајдеристи	не	да	да	не
Моторни возила (автомобили и мотоцикли) по постојни асфалтни и земјени патишта	не	да	да	да
Јавање	не	да	да	да
Уредување на неуредени извори	не	не	не	не
Уредување на постојни локви	не	да	да	да
Уредување на бунари	не	да	да	да
Нови објекти за зафаќање вода од извори и водотеци во Паркот	не	не	не	не
Нови објекти за домување	не	не	да	не
Нови објекти за туристички намени (хотели, ресторани, кампови и сл.)	не	не	да	не
Нови објекти за други намени (објекти за управување на ЈУНПГ)	не	да	да	да
Нови објекти за земјоделски активности (магацини, бачила, котари, штали)	не	не	да	не
Нова инфраструктура – цевководи за водоснабдување	не	не	да	не
Нова инфраструктура – туристички намени	не	не	да	да
Нова инфраструктура - електроенергетска	не	не	да	да
Нова инфраструктура – асфалтни патишта	не	не	да	да
Нова инфраструктура – земјени патишта	не	не	да	да
Нова инфраструктура – канализација	не	не	да	да
Нова инфраструктура – структури за контрола на ерозијата	не	да	да	да

Локалната јавност има интерес за проширување на опфатот на урбанизацијата и ги поддржува иницијативите за изградба на големи инфраструктурни објекти во НП Галичица, како што е изградба на експресен пат кој би поминувал низ Националниот парк, центар за зимски спортови во високо планинскиот дел на Паркот и сл.

Кај голем дел од локалното население, особено од населените места по должина Охридското Езеро, преовладува мислењето дека Паркот е територија со многу ограничувања и претставува пречка за економски развој. Исто така, проблем на НП Галичица е големиот интерес на локалното население за огревно дрво произведено, но и за други, недрвни производи.

Постои голем интерес и поддршка за развој на туризмот во Паркот, како селски туризам, здравствен туризам и сл. Ваквите примери упатуваат на тоа дека свеста за состојбата на клучните живеалишта и видови, потребата за нивно зачувување, и негативните влијанија од човековите активности врз нив е на ниско ниво.

Паркот се соочува со неконтролирана урбанизација, бесправно одлагање на цврст отпад, шумски пожари, загадување на водата, несоодветно и прекумерно собирање на билки и габи, бесправен лов и други влијанија кои неповолно се одразуваат врз клучните вредности на подрачјето.

Ниската свест кај население за значењето на Паркот односно за естетските вредности на пределот, доведува до активности од нивна страна за директно искористување на природните ресурси.

Активностите за подигање на свеста за значењето и улогата на Паркот и другите заштитени подрачја во регионот се реализираат од невладини организации и институции и често пати се наменети пред сè за стручната јавност.

4.6.2 Статус на светско природно и културно наследство

Регионот околу Охридското Езеро како и целата територија на Општина Охрид припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство под заштита на УНЕСКО и се протега на површина од 83.350 ha.

Поради исклучителното значење на овој регион, од аспект на заштитата и управувањето со биолошката разновидност и животната средина, од вкупната површина на територијата на општината (389,93 km^2), околу 180 km^2 се со посебен начин на управување односно се прогласени или идентификувани повеќе подрачја за заштита на биолошката разновидност: Споменик на природата „Охридско Езеро“, Биосферен резерват „Охрид - Преспа“, Подрачје на светско природно и културно наследство „Охрид“.

Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство дефинира два различни вида на светско наследство: културно и природно. Комбинираните, односно мешовитите локалитети ги содржат елементите на двата вида наследство. Во Конвенцијата се наведува дека делови од културното или природното наследство се

од исклучителен интерес и поради тоа треба да бидат зачувани како дел од светското наследство на човештвото како целина. По впишувањето на Листата на светско наследство, состојбата на конзервација на локалитетите ја следи Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Охридскиот регион е прогласен за Светско природно наследство во 1979 година, а во 1980 година е впишан во листата на Светско културно наследство. Претставува едно од само 31-те подрачја во светот, впишано на Листата како мешовито добро, кое подеднакво поседува природни и културни универзални вредности.

Интегритетот на доброто, особено во однос на природните вредности, е ограничен на само две третини од Охридското Езеро. Интегритетот на Езерото, чија површина е распределена на две држави – Р. С Македонија и Р. Албанија, е предмет на „Upstream process" започнат во 2014 година координиран од Центарот за светско наследство на УНЕСКО во кој експертски групи од Р. С. Македонија и Р. Албанија работат на проширување на границите на заштитеното подрачје, со цел заштита на Охридското Езеро во целина.

На подрачјето на Охридскиот регион, како светско природно и културно наследство, идентификувани се следните локалитети со природни вредности:

1. Света Богородица Калишка - сублакустриски извори;
2. Калишта - единствено природно живеалиште на жолтиот локвањ (Nuphar lutea) на Охридско Езеро;
3. Подмоље - најраспространет појас на трска (Phragmites australis) на Охридското Езеро, природно живеалиште на загрозени видови птици и мрестилиште на крап;
4. Мазија - ревитализирано природно живеалиште на жолтиот локвањ (Nuphar lutea), мрестилиште на крап и живеалиште и гнездилиште на птици;
5. Студенчишко Блато - макрофитска вегетација и плодиште на краповидни риби;
6. Вели-Даб - сублакустриски извори, плодиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
7. Вељa-Пеш - сублакустриски извори, плодиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
8. Свети Петар - крајбрежни и сублакустриски извори, мрестилиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
9. Извори Свети Наум - најиздашен извор на Охридско Езеро, мрестилиште на пастрмки и краповидни риби и биодиверзитет на бентосна фауна.

Статусот на заштитено светско наследство ги обврзува сите субјекти во системот при донесувањето на прописи и други акти, како и при преземањето дејствија и постапки врзани за тоа подрачје во процесот на неговата заштита да ги применуваат

стандардите предвидени со Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство, односно, доследно да ги применуваат прописите и принципите што се содржани и во останатите меѓународни конвенции потпишани и ратификувани од страна на Република Северна Македонија, како и препораките на УНЕСКО.

Иако, во 2010 година е донесен Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, истиот е имплементиран. Надлежните институции на централно и локално ниво не постапувале во согласност со Законот односно: а) не е формирана Комисија за управување со Охридскиот Регион; б) Планот за управување со Охридскиот Регион започнал да се изработува во 2015 година и како нацрт - план не бил усвоен; в) не е изготвена Стратегиска оценка за влијанието врз животната средина; г) не се донесени Детални урбанистички планови за 19-те урбани комплекси во Старото градско јадро на Охрид и урбанистичко- планска документација за крајбрежјето; д) не е изготвен инвентар на нелегални градби во рамки на Доброто; ѓ) не е направена ревалоризација на листата на природно и културно наследство во рамки на Доброто; е) не се утврдени границите на Доброто итн. Поради тоа, во Извештајот на реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО (април 2017 година) се наведува дека, доколку државата до крајот на 2019 година не ги исполни препораките на Комитетот на УНЕСКО, Охридскиот Регион може да биде ставен на Листата на светско природно и културно наследство во опасност.

Главните закани за интегритетот на регионот се некоординираниот урбан развој, зголемена популација, несоодветно управување со отпад, туристичкиот притисок, загадување од зголемениот сообраќај, несоодветен третман на отпадните води и прекумерното исцрпување на природните ресурси.

Исто така, закана претставува и неусогласената законска регулатива, особено недостатоците на Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Бројните измени на законската регулатива, усвоени во изминатите години создаде простор за конфликтни одлуки во делот на урбанизмот кои се во спротивност со Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за светско природно и културно наследство и други релевантни закони кои треба да го гарантираат интегритетот и одржливоста на Охридскиот регион.

Со Предлогот на законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион ќе се имплементираат обврските што произлегуваат од Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на ООН за образование, наука и култура, и се создаваат формално - правни предуслови, преку интегрирано управување со природното и културното наследство, да се спречат активности кои негативно влијаат врз исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство.

Согласно предлог-законот, Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион треба да се донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила[30] на овој закон.

До донесување на Планот времено се прекинуваат постапките за издавање одобрение за градење и постапките за вклопување на бесправно изградени објекти и времено се прекинуваат постапките за изработување и донесување на урбанистички планови, урбанистичко – плански и урбанистичко – проектни документации, како и постапувањето по донесените урбанистички планови, урбанистичко – плански и урбанистичко – проектни документации.

Извор: Convention concerning the protection of the world cultural and natural heritage, Paris 28.06.2017

Слика 43 Граници на заштитена зона под УНЕСКО

[30] предлог Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион е утврден на 28.05.2019 година и прогласено е мирување на сите плански проекти во Охридскиот регион до донесување на Планот за управување со природното и културното наследство.

4.6.3 Извештај на УНЕСКО 2017- препораки и услови

Секои шест години државите, членки на УНЕСКО, поднесуваат периодичен извештај до Комитетот за светско наследство, со кој се обезбедува проценка на примената на Конвенцијата за светско наследство, вклучувајќи и проценка на состојбата со заштита на светското природно и културно наследство на нејзините територии.

Последниот Извештај[31] на УНЕСКО за состојбата со природното и културно наследство во Охридскиот регион одржан во периодот од 9 до 14 јуни, 2017 година, кој беше подготвен врз основа на консултација со националните, регионалните и локалните власти и невладини организации (НВО), увид на состојбите со посети на локации и увид во подготвените документи, планови и програми на Р. С. Македонија, изразена е загриженост за состојбите со природното и културно наследство.

Во Извештајот предложени се итни, краткорочни и среднорочни мерки кои Р.С. Македонија треба да ги исполни до 2019 година со цел Охридскиот регион да го задржи статусот на „Светско природно и културно наследство“. Со неисполнување на барањата постои опасност Охридскиот регион да биде ставен на листата на „Светско природно и културно наследство во опасност“.„Комитетот во 2017 година забележа бројни закани со кои се соочуваат природните и културните вредности вклучувајќи: намалени нивоа на вода, загадување на водата поради несоодветни системи за третман на отпадните води, тешки притисоци од туризмот и екстензивно неконтролиран урбан развој и несоодветна експлоатација на крајбрежните заштитни зони. Ова резултира со повисока потрошувачка на вода, зголемено загадување, фрагментација на живеалиштата и нивно уништување, како и големо негативно влијание врз визуелниот квалитет на заштитеното подрачје“, се вели во извештајот на УНЕСКО.

Мерките и обврските кои произлегуваат од Извештајот на УНЕСКО а кои Република Северна Македонија треба да ги исполни се дадени во следниот табеларен преглед:

Табела 59 Итни, краткорочни и среднорочни обврски и мерки од Извештајот на Унеско (Април, 2017 година)[32]

Итни мерки со рок на исполнување до 02. 2018 година	
НП Галичица	Откажување од планирањата за изградба на скијачки центар во НП Галичица, одржување на сегашните заштитни зони на Паркот и разгледување на опции за еко - туризам кои нема негативно да влијаат врз биолошката разновидност.
Изградба на регионален пат А3 Пештани – Св. Наум	Стопирање на изградба на под - делници од автопатот А3 (кои минуваат во близина на заштитната крајбрежна зона на езерото) се додека не се преземат сите соодветни мерки за да се избегнат и минимизираат потенцијалните негативни влијанија.
Бафер зона	Дефинирање и воспоставување на бафер зона на заштитеното УНЕСКО подрачје, со цел да се зајакне неговата заштита, која треба да го вклучи и

[31] https://whc.unesco.org/en/list/99/documents/

[32] Извор: https://whc.unesco.org/en/list/99/documents/

	Преспанско Езеро, како важен дел од Охридско - преспанскиот екосистем, како и останатиот дел од НП Галичица.
СОЖС за Планот за управување со Охридскиот регион (2016-2025)	СОЖС на Планот за управување со Охридскиот регион и измена на делови од Планот за управување.
Инфраструктурните проекти за развој на крајбрежната зона во заштитеното подрачје	Проценка на кумулативните влијанија на инфраструктурните проекти преку Спроведување на СОЖС за планот за управување со Охридскиот регион (2016 - 2025) и доставување Извештај до Советодавните тела на Центарот за светско наследство пред донесување на одлуки за градба.
Мораториум на градби во крајбрежната зона	Да се воведе мораториум на секоја градба во крајбрежната зона на езерото во рамки на заштитеното подрачје се додека не се подготват и усвојат сите релевантни плански документи (План за управување со светско природно и културно наследство, урбанистички планови за сите населени места во заштитеното подрачје, добивање на одобрување за донесените правни прописи и воспоставување на механизми за ефективна контрола).
Бесправни градби	Стопирање на процесот на легализација на сите бесправни градби во УНЕСКО заштитеното подрачје се додека не се воспостави детален инвентар на сите постоечки конструкции и додека се спроведат ОВЖС. Да се обезбеди строго спроведување на постојните закони и прописи за да се спречи понатамошната незаконска градба.
Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион	Да се разјасни механизмот на донесување одлуки и улогата на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион. Воспоставување правилен пристапи во управување со културното наследство за да се обезбеди соодветно вклучување на локалните заедници и граѓанските организации.
Краткорочни мерки со рок за исполнување до декември 2018	
Ревидирање и финализирање на сите релевантни плански документи	План за управување со светското природно културно наследство, Донесување на урбанистички планови за урбан / крајбрежен магистрален план, Стратегија за туризам базирана на најдобра , вклучувајќи прописи за туристички активности, подвижни објекти на плажите и комерцијални активности на отворено) и нивно доставување до Центар за светско природно наследство за ревизија од страна на Советодавните тела.
Стратегиската оцена на животната средина за планот за управување со Охридскиот регион (2016-2025 година)	Во рамките на постојните законски, регулаторни и административни одредби, да се проценат кумулативните влијанија на главните инфраструктурни, урбанистички и крајбрежни проекти за време на СОЖС на Планот за управување со Охридскиот регион (2016 - 2025 година).
Европската железница Коридор VIII	Развивање и доставување на сеопфатна компаративна студија за алтернативни правци за изградба на Европската железница на Коридорот VIII, вклучувајќи ги и оние што не поминуваат во близина на крајбрежната заштитна зона на езерото и нејзино доставување до Центарот за светско природно и културно наследство за преглед од страна на Советодавните тела.
Изградба на автопат А2	Обезбедување на заштитни мерки за животната средина по цела должина на трасата, особено на постојниот пат помеѓу Струга и границата со Р. Албанија како и во деловите во близината на крајбрежјето на езерото; Во случај на пронаоѓање нови археолошки наоди за време на градежните активности, да се стопираат активностите се додека не се спроведе истражување на подрачјето.
Железничка пруга –	Проценка на кумулативните влијанија на железничката пруга и автопатот А2 врз заштитеното подрачје и оправданост на изборот за не менување на

Европски коридор VII	трасите.
Бесправни градби во заштитено подрачје	Детален преглед на сите постоечки бесправни градби во рамки на заштитеното подрачје и спроведување на СОЖС/ОВЖС.
Мониторинг на Охридско Езеро	Развивање и имплементација на соодветни мерки за стабилизирање на нивото на водата во Охридското Езеро, вклучително и редовно следење и контрола на испуштањето на езерските води во р. Црн Дрим, и истражување на можностите за повторно пренасочување на р. Сатеска во р. Црн Дрим.
Прекугранична соработка	Зајакнување на преку граничната соработка со Р. Албанија за заштита и зачувувањето на Светското природно и културно наследство, особено за следење на биолошката разновидност и квалитетот на водата. Размена на релевантни научни податоци и воспоставување на заеднички планови и програми за управување.
Третман на отпадни води	Подобрување на системот за третман на отпадни води од сите населени места во сливот на Охридското Езеро и едукација и обука на соодветен кадар.
Музејот на заливот на Коските	Доставување Извештај до Советодавните тела на Центарот за светско природно и културно наследство, со детални информации за хемискиот состав на дрвените премини на Музејот на заливот на Коските, вклучувајќи и национално експертско мислење за потенцијалната закана од влијание на хемикалиите кои се искористени за прскање на овие премини.
Архитектура	Спроведување на соодветни мерки со цел да се спречи губење на археолошки остатоци, влошување на кохерентноста на архитектурата. Подобрување на околината на историските објекти и археолошките локалитети преку уредување и подобрување на јавниот простор, со почитување на автентичноста. Избегнување на форми и материјали за градба кои што се разликуваат од локалната архитектура, култура и флора (на пр. палми), Отстранување на големи рекламни билборди и нивна замена со постери во помала големина.
Сообраќај	Намалување на сообраќајот во старото градско јадро, со ограничувања за времето за паркирање, врз основа на примери на добри практики од други историски центри во Европа и на глобално ниво.
Среднорочни мерки со рок за исполнување до декември 2020	
Законска регулатива	Усвојување на сите релевантни плански документи (План за управување, Урбанистички планови, Стратегија за туризам врз основа на Универзална вредност[33].
Депонија Буково	Затворање и чистење на депонијата Буково и сите нелегални депонии и воспоставување Систем за собирање на комунален отпад.
Инвазивни видови во Охридско Езеро	Да се преземат сите неопходни мерки за контрола на инвазивните видови во Охридското Езеро и да се обезбеди редовна имплементација на Програма за мониторинг на биолошката разновидност.
Загрозени и ендемични видови	Да се спроведат сите законски одредби за да се обезбеди заштита на загрозени и ендемични видови.
Бесправни градби	Да се отстранат сите бесправни градби во рамки на заштитеното подрачје, а особено во рамките на Националниот парк Галичица, кој врз основа на

[33] Според УНЕСКО, "Универзална вредност значи културно и/или природно наследство што е од исклучително значење за сегашните и идните генерации на целото човештво и според значењето ги надминува националните граници.

	горенаведените ОВЖС и ОВЖС се смета дека претставуваат закана, вклучувајќи ја неговата автентичност и услови за интегритет.

Заради неисполнување на голем дел од мерките дадени во Извештајот од април 2017 година, УНЕСКО во мај 2019 година дава препорака Охрид да се стави на Листата на загрозено светско наследство. За нив позитивно е запирањето на изградбата на автопатот од Пештани до Охрид и Скијачкиот центар Галичица, но сепак тоа не е доволно за намалување на ранливоста на подрачјето.

УНЕСКО има забелешка и во однос на отсуството на казни за непочитување на законските одредби.

Охридското подрачје се соочува со неповратни трансформации на целокупната врска меѓу историскиот град, археолошките остатоци, природниот амбиент и Охридското Езеро, кои може да се решат само со поголеми промени во управувањето, планирањето, конзервацијата и спроведувањето на процесите (стои во Извештајот[34]).

Во Извештајот се вели дека поголем дел од барањата на Комитетот и препораките од 2017 година остануваат неисполнети и бараат Р.С. Македонија да развие, во консултација со нив, збир на корективни мерки кои би го спасиле Охридскиот регион од Листата на загрозено светско наследство.

Во него, УНЕСКО предупредува и за негативните влијанија кои може да произлезат од планираната рута за железничка пруга со Албанија врз како што велат, „еден од ретко непроменетите делови од Охридското Езеро“.

Покрај тоа, УНЕСКО изразува загриженост од намерата на државата да продолжи со оригиналниот пат на железничкиот коридор 8 и покрај барањето на Комитетот да се разгледаат алтернативни правци. Покрај ова, во Извештајот се споменува и автопатот од Требеништа до Струга, барајќи од државата итно да најде друго решение за овој проект.

4.6.4 Проблеми во однос на управување со биолошката разновидност

- Идентификуваните несоодветности во управувањето со природното и културно светско наследство, од страна на мисија на UNESCO, презентирани во Извештајот од последната мисија, 2017 година;
- Законската регулатива која отвора простор за конфликтни одлуки кои се во спротивност со Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за светското природно и културно наследство и други релевантни закони кои треба да го гарантираат интегритетот и одржливоста на Охридскиот регион;
- Низок степен на спроведување на постојните законски прописи со цел спречување на понатамошна незаконска градба во заштитените подрачја;
- Недостаток од детален преглед на сите бесправни градби во заштитеното УНЕСКО подрачје и спроведување на СОЖС/ОВЖС;

[34] https://whc.unesco.org/en/sessions/43COM/documents/

- Не донесување на релевантни плански документи: План за управување со светско природно и културно наследство, урбанистички планови, Стратегија за туризам врз основа на Универзална вредност на подрачјето;
- Неконтролирано уништување на подрачјето на трска со сечење, палење, корнење, за различни цели како добивање обработливи површини, плажи, хотелски комплекси, депонирање на земја и градежен шут итн.;
- Не се применуваат стандарди за планирање на зеленило по глава на жител и отсуство на систем за интегрирање на податоци во врска со зеленилото, со цел подобро донесување на соодветни мерки и одлуки;
- При воспоставување нови зелени површини, не се користат автохтони видови прилагодени на локалната клима;
- Користење на Охридското Езеро како акумулација за производство на електрична енергија заради што присутни се постојани осцилации на нивото на водата;
- Отсуство на мерки, нивно развивање и имплементација за стабилизација на водостојот во Охридското Езеро, како и редовно следење и контрола на испустот на езерските води во р. Црн Дрим, како и можноста за повторно пренасочување на р. Сатеска во р. Црн Дрим;
- Охридското Езеро е реципиент на отпадни атмосферски води и отпадни комунални води од кои дел воопшто не се пречистуваат;
- Ерозивни наноси од речните сливови во езерото, особено од р. Сатеска и р. Коселска;
- Голем број пловни објекти во Езерото, во кои горивото рачно се преточува;
- Голем број плажи и хотелски комплекси на/во близина на охридското крајбрежје и големиот број туристи во туристичката сезона;
- Зголемен сообраќај во Старото градско јадро;
- Голем број бесправно изградени објекти во крајбрежната заштитна зона на Езерото;
- Постоење марина на Охридското крајбрежје, која ќе зафаќа и дел од Студенчишко Блато;
- Оптеретеност на Студенчишкиот канал со активни и стари (напуштени) пловни објекти;
- Недефиниран степен на заштита и отсуство на систем за одржливо управување со Студенчишко Блато;
- Пренамена на делови од Студенчишко Блато заради изградба на трајни и/или времени објекти, асфалтни и др. патишта, обработлива површина, одлагање на градежен шут, инертен отпад итн.;

- Бесправни градби во зоната на одржливо користење на НП Галичица;
- Одлагање на градежен шут, кабаст отпад во границите на НП Галичица;
- Планови за изградба на големи инфраструктурни објекти во НП Галичица, како што е изградба на експресен пат низ Националниот парк и Центар за зимски спортови во високо планинскиот дел на Паркот, туризам, селски туризам итн.;
- Ниска свест кај населението за значењето на НП Галичица, Студенчишко Блато и другото природно наследство;
- Отсуство на активностите за подигање на јавната свест за значењето и улогата на Паркот и другите заштитени подрачја во регионот насочени кон граѓаните.

4.6.5 Препораки за решавање на проблемите во однос на управувањето со биолошката разновидност

- Реализацијата на мерките, препорачани во последниот Извештај од Мисијата на UNESCO во 2017 година;
- Детален преглед на сите бесправни градби во заштитеното УНЕСКО подрачје и спроведување на СОЖС/ОВЖС;
- Спроведување на постојните законски прописи со цел спречување на понатамошна незаконска градба во заштитените подрачја;
- Донесување на значајни плански документи: План за управување со светско природно и културно наследство, Урбанистички планови, Стратегија за туризам врз основа на Универзална вредност;
- Почитување на стандардите за површина на зеленило по глава на жител и подготовка на систем за интегрирање на податоци за зеленило;
- Користење автохтони видови при уредување на зелените површини;
- Воспоставување континуиран мониторинг и стабилизација на водостојот на Охридско Езеро;
- Противерозивно уредување на речните корита и чистење на каналите;
- Пронаоѓање мерки и нивна имплементација за стабилизација на водостојот во Охридското Езеро и редовно следење и контрола на испустот на езерските води во р. Црн Дрим;
- Повеќегодишен мораториум на изградба и легализација на бесправни градби на Охридсото крајбрежје и НП Галичица;
- Дефинирање на степен на заштита и одржливо управување со Студенчишко Блато;
- Расчистување на Студенчишкиот канал од пловни објекти, негово чистење и обезбедување природните врски со Студенчишко Блато;
- Забрана за реализација на големи инфраструктурни објекти како што е експресен пат низ НП Галичица, Центар за зимски спортови во високо планинскиот дел на Паркот, туризам, селски туризам итн.;
- Пронаоѓање соодветна локација за марина на Охридското Езеро;

- Намалување на пловни објекти на Езерото, особено големи пловни објекти;
- Воведување пешачка зона во Старото градско јадро;
- Заштита на постоечките паркови од нивна пренамена и зголемување на површината на парковите;
- Примена на ригорозни казни при паркирање на возила на зелени површини;
- Зајакнат надзор од страна на комуналните редари и сообраќајната полиција;
- Да се обезбедат дрвореди на сите улици со особено внимание на изборот на дрвја;

4.7 Тематска област – Подигање на јавна свест и управување со животната средина

4.7.1 Информирање на јавноста

Општина Охрид ја применува Архуската Конвенција, на локално ниво, преку овозможување пристап на јавноста до информации за животната средина, состојбите со загадувањето на медиумите на животната средина, предвидени мерки за заштита како и за сите останати прашања кои се однесуваат на заштита на животната средина.

Информирањето на граѓаните се врши редовно, преку: Службен гласник на Општината, месечни информативни билтени, објава на публикации, информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината, огласни табли, веб- страна, јавни трибини, средствата за јавно информирање итн.

Приемни денови за граѓаните се вторник, среда и петок од 14^{00} до 16^{00} часот, со претходно закажување на јавно објавените телефонски линии на веб страната на Општината.

Учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки во општината, е овозможено преку прифаќање на предлози дадени од страна на граѓаните, дискусии и дебати на дадените предлози, реализација на барањата на граѓаните, вклучување на иницијативи од граѓаните во годишната програма за работа на Општината итн.

Информирање на граѓаните на се врши преку официјалната веб страна ohrid.gov.mk и портпаролот на Општина Охрид, а информациите се пренесуваат и од страна на локалните и националните медиуми. Информирање на граѓаните се врши и преку печатен службен весник – „Службен гласник“, кој е достапен и во електронска верзија, преку објава на дневниот ред на планираните Седници на Советот на Општината пред нејзино одржување, организирање на јавни презентации и јавни расправи за документи од областа на животната средина, како и навремени одговори на прашања од јавен интерес од институции, невладини организации и поединци за прашања поврзани со животната средина итн.

Учеството на јавноста во донесување на одлуки во Општина Охрид се врши преку прибирање на мислењата на граѓаните со спроведување јавни анкети за донесување на Детални урбанистички планови, СОЖС постапки поплански и стратешки документи и сл.. Пристап до јавните анкети се овозможува по електронски пат на веб страната на Општината или преку анкетен лист во печатена верзија.

4.7.2 Вклучување на јавноста во заштита на животната средина

Одделението за заштита и влијание врз животната средина постојано ја информира јавноста за сите активности и проекти кои се одвиваат во рамки на одделението.

Директно вклучување на јавноста се одвива во процесот на донесување плански документи на Општина Охрид, во постапката на Стратегиска оцена на влијанието на планските документи врз животната средина, со што јавноста е поканета да учествува на јавни презентации и јавни расправи по нацрт извештаите за СОЖС како и да дава коментари и предлози по истите.

Во процесот на издавање на Б - Интегрирани еколошки дозволи, на веб страната на општината се истакнува апликацијата за Б - дозвола, како и издадената Б – дозвола. Објава за издадена Б - дозвола има и во еден дневен весник.

Исто така, сите изготвени плански документи од областа на заштитата на животната средина се достапни за граѓаните и истите се објавуваат на веб страната на Општината.

Одделението за заштита и влијание врз животната средина, во рамки на годишната програма за заштита на животната средина и природата, работи проекти кои се наменети за подигање на јавна свест, заштита на биолошката разновидност, намалување на загадувањето и сл.

Општина Охрид, во согласност со Законот за управување со отпадот има организирано собирни пунктови за отпадна електрична и електронска опрема на повеќе локации, каде граѓаните ја оставаат ОЕЕО.

Општината, во соработка со јавното комунално претпријатие, организираше собирен пункт за ОЕЕО, во кругот на ЈП Охридски Комуналец, каде граѓаните бесплатно можат да го одлагаат овој отпад во посебен сад поставен за таа намена. Овој отпад потоа се предава на овластениот постапувач „Нула отпад“.

Во соработка со нуркачкиот центар „Амфора“ изминатите години беа организирани акции за чистење на цврст отпад од дното на Охридското Езеро на локација во с. Пештани. При тоа беше извадена голема количина цврст отпад од дното на езерото, а беше извршено и подводно снимање и фотографирање на просторот пред и по завршувањето на акцијата.

Нуркачкиот центар „Амфора“ во периодот од 2004 – 2018 година има изведено 12 акции за чистење на дното на езерото од цврст отпад. Во периодот 2016 – 2018 година од дното на Охридското Езеро беа извадени над 1000 kg цврст отпад. При овие акции

извадени се нафтени печки, машини за перење, корита, стаклени и пластични шишиња, автомобилски гуми, градежен шут, дрвени и пластични маси итн. Од досегашните 20 организирани акции за чистење „Амфора“ има извадено повеќе од 20 тони цврст отпад.

Извор: Google

Слика 44 Отпад од дното на Охридско Езеро

Членовите на нуркачкиот центар „Амфора“, во соработка со Општината, еколошкото друштво Грашница, клубот за подводни дејности Охрид, пионерскиот одред Пионер, Црвен крст Охрид, со цел подигање на јавната свест на жителите, при одржување на акциите разговараат со жителите и делат едукативен материјал со содржини од областа на заштита на животната средина.

Во рамки на одбележувањето на 5-ти Јуни - Светскиот ден на животната средина, од 2012 година, традиционално секоја година, Општина Охрид го спроведува проектот „Цветни балкони - цветен Охрид“. За таа цел Општината доделува вкупно 500 жардинјери со саксиско цвеќе на заинтересираните граѓани за да ги украсат своите балкони и дворови во пресрет на туристичката сезона.

Извор: Општина Охрид

Слика 45 Проект „Цветни балкони – цветен Охрид“

Истовремено на овој ден континуирано секоја година се организира и спроведува акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта. Акцијата за собирање на стара хартија наменски се организира на крајот од школската година за да можат учениците да ги донесат сите непотребни списанија, тетратки и друга хартија во дворот на нивното училиште каде има поставени соодветни садови за одлагање на хартијата. Во акцијата се повикуваат да се вклучат сите граѓани и институции од Охрид.

Општина Охрид е дел од мрежата на европски градови кои ја одбележуваат Европската недела на мобилност. За таа цел во рамки на Европската недела на мобилност еден ден во текот на септември се прогласува за Ден без автомобили и тој ден се затвораат за сообраќај неколку главни сообраќајници и масовно се одбележува овој ден со возење велосипеди по претходно одредената маршрута. Покрај велосипедското дефиле се организираат и други манифестации - едукативни предавања, наградни игри и сл.

Извор: Општина Охрид

Слика 46 Европската недела на мобилност - Ден без автомобили во Општина Охрид

Во рамки на одбележувањето на Есенската рамноденица 23-ти Септември, Општина Охрид од 2013 година традиционално секоја година организира ликовен и литературен конкурс на еколошки теми во соработка со охридските основни училишта. Секоја година има голем одзив на овој конкурс, а најдобрите три ликовни и најдобрите три литературни творби се наградени со парични награди.

Во текот на 2017 година се реализираше проектот „Креирај ја својата органска градина“, со кој Општина Охрид, на симболичен начин, го одбележа Денот на планетата Земја 22-ри Април. Проектот како пилот активност го спроведоа ОУ „Христо Узунов“ Охрид и ОУ „Ванчо Николески“ од Лескоец.

Во две основни училишта, со поддршка на ЈП „Охридски Комуналец“, беа уредени градинарски катчиња каде учениците засадија зеленчук. Одржувањето и следењето на овие органски градини беше во рамки на наставата по биологија, со цел еколошка

запознавање со органското производство и истовремено одржување на практична настава.

Организирани се повеќе акции за чистење на крајбрежјето на Охридското Езеро под назив „Мој Охрид, чист Охрид“ во кои масовно учествуваат жителите на Охрид и други организации во соработка со Општина Охрид, а со цел подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота.

Извор: Општина Охрид

Слика 47 Акции за чистење на крајбрежјето на Охридско Езеро

4.7.3 Управување со животната средина

Во Уставот, како највисок правен акт на државата, е дефинирана заштитата на животната средина што воедно е и основа за целата законска регулатива од оваа област. Врз животната средина директно или индиректно имаат влијание повеќе сектори: индустријата и мали и средни претпријатија, транспортот, енергијата (енергетската ефикасност, искористувањето на обновливите извори на енергија), земјоделието, нивните законски и подзаконски акти имаат голем удел во состојбите во медиумите за животна средина.

Националните и регионални стратегии, политики и законски решенија се од особено значење и мора редовно да се следат и да се учествува во нивно подготвување.

Основната рамка за управувањето со животната средина ја даваат: Законот за животната средина, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита на природата, Законот за квалитет на амбиентниот воздух, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за води и многу подзаконски акти во облик на Одлуки, Правилници и Уредби од сите области.

Советот на Општина Охрид го сочинуваат 23 претставници на граѓани избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Советот на општината ги застапува интересите на граѓаните и одлучува врз основа на надлежности пропишани со Законот за локална самоуправа. Членовите на Советот се избираат со мандат од 4 години.

Статутот на Општина Охрид претставува основен акт кој го носи Советот на Општината. Со Статусот се регулирани надлежностите на Советот и работните тела на општината вклучувајќи ги и прашањата поврзани со заштита на животната средина. Во рамки на Советот делува и Комисијата за комунални работи и Комисија за заштита на животната средина која подготвува и доставува документите поврзани со заштита на животна средина до Советот на општината за изгласување, ги застапува иницијативите на граѓаните поврзани со животна средина, соработува со општинската администрација која е одговорна за животна средина итн.

4.7.3.1 Организациона поставеност во Општина Охрид

Општина Охрид е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Своите надлежностите општината ги реализира преку работата на 9 сектори, 30 одделенија и 11 постојани комисии на Советот.

Организациската поставеност на Општина Охрид е дадена на следната слика.



Извор: Општина Охрид

Слика 48 Органограм на Општина Охрид

Во организационата поставеност на Општина Охрид за решавање на прашања и проблеми од областа на животната средина, формиран е Сектор за урбанизам и заштита на животната средина, во чии рамки функционира одделение за заштита и влијание врз животната средина.

Одделението подготвува годишни програми за заштита на животната средина и природата кои се усвојуваат од страна на Советот на Општина Охрид.

Во годишните програми за заштита на животната средина и природата се планираат активности врз основа на законските прописи и обврски, активности за подигање на јавна свест, како и хортикултурно уредување во општината.

Програмите за заштита на животната средина и природата опфаќаат:

- Процена на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина;
- Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината;

- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината ;

Врз основа на направените проценки на состојбите во животната средина и потребите на граѓаните во општината се предлагаат и реализираа проекти за подобрување на состојбите како изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, одржување на парковско и јавно зеленило и др.

4.7.3.2 Инспекциски надзор

Инспекцијата за животна средина, спроведува активности во рамките на Секторот за инспекциски надзор, преку овластен инспектор за животна средина, кој што работи согласно подготвена годишна програма. Работните активности опфаќаат: редовен инспекциски надзор, теренски посети на правни субјекти по пријава од граѓани, донесување управни акти во инспекциска постапка, административна работа и редовна комуникација со државни инспектори за животна средина.

Инспекцискиот надзор се спроведува плански, со цел да бидат опфатени сите правни субјекти, кои што вршат дејности или активности што имаат влијание врз животната средина. Овие правни субјекти, подлежат на изработка на Б ИСКЗ дозволи и елаборати за животна средина, согласно член 24 од Законот за животна средина, кои што ги одобрува Општината.

Контролата на издадените Б дозволи и одобрените елаборати и почитување на мерките во Програмата за подобрување, спроведува овластен инспектор за животна средина.

Во доменот на спроведување на законските надлежности од област заштита на животната средина, овластените инспектори за животна средина постапуваат во согласност со: Законот за животна средина, Законот за заштита од бучава во животната средина, Закон за управување со отпадот, Законот за управување со пакување и отпад од пакување, Законот за управување со електричен и електронски отпад, Законот за управување со батерии и акумулатори, Закон за јавна чистота, Закон за квалитет на амбиентниот воздух.

Во однос на Законот за бучава во животната средина, инспекцискиот надзор се извршува во угостителски објекти, кафулиња и ресторани, каде што не се почитуваат граничните вредности на бучавата во животната средина.

Соочени со бројни проблеми, кои што произлегуваат од непочитување на законските обврски на правните субјекти и стандарди во животната средина, инспекцијата за животна средина, наложува преземање мерки за превенција, отстранување на причините на загадувањето, технички мерки и решенија за спречување на загадување на животната средина.

4.7.3.3 Невладини организации

На подрачјето на Општината активно дејствуваат поголем број локални НВО и меѓународни организации, чие постоење и присуство го олеснува и поддржува дијалогот помеѓу граѓаните и власта.

Со новиот Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Охрид и определбата на работно место во Секторот за правни, финансиски, јавни и општи работи – Одделение за јавни работи, самостоен референт за односи со здруженија на граѓани и фондации, значително е подобрена соработката помеѓу граѓаните, општинската администрација и невладините организации.

Според информациите и податоците на територијата на Општина Охрид активни се три локални телевизии, дописници на националните телевизии како и поголем број на локални радио станици, интернет портали, печатени медиуми (локален двонеделник) како и национални дневници со разгранети дописништва што е позитивната страна во областа на медиумите.

Во Општина Охрид, во различни области, активно дејствуваат над четириесет невладини организации и граѓански здруженија меѓу кои: Здружението на граѓани за заштита на животна средина ЕКО СВЕСТ Охрид, Здружение за заштита на животни и животна средина Е.Д.Е.Н., Активисти на Граѓанска иницијатива „Охрид СОС“ итн.

Граѓанската иницијатива „Охрид СОС“ честопати обвинува дека највисоките општински институции како и Советот на Општината работи спротивно на интересите на граѓаните на Охрид и дека документите по кои треба да се изјаснува и да донесува одлуки Советот на Општината речиси и да не се достапни на увид на јавноста, особено за легализација на нелегалните градби каде катастарските парцели биле наведувани само таксативно.

Во општинската Програма за поддршка на млади и невладини организации предвиден е проект „Финансиска поддршка за невладини организации“ преку кој со објава на јавен повик со точно утврдени критериуми и приоритетни области ќе може да учествуваат сите невладини организации.

Во однос на поддршка на граѓанскиот сектор Општина Охрид, на својата веб страна, ќе овозможи поставување на банер преку кој претставниците на граѓанскиот сектор ќе може директно да комуницираат со одделението за млади и невладини организации. За потребите на овој проект општината ќе ангажира експерт кој ќе ги насочува и обучува невладините организации во процесот на изработка на проектна документација со цел поголемо искористување на странските фондови и поголеми финансиски.

Исто така, во план на општината се редовни состаноци со претставниците на граѓанскиот сектор, на секое тримесечје во годината, со цел сумирање на резултатите од сработеното и дефинирање на насоките за понатамошната соработка.

4.7.4 Проблеми во однос на подигање на јавната свест и управување со животната средина

- Недостаток на персонал за спроведување на надлежностите од областа на животната средина од страна на локалната администрација;
- Пасивност на инспекциските служби;
- Недостаток од кампањи за подигање на јавната свест кај граѓаните;
- Недостаток на јавни дебати;
- Недостаток на комуникација и воспоставен систем на соработка меѓу општинската и владината администрација во делот на заштита на животната средина со цел постигнување на подобри резултати и унапредување на животната средина;
- Пасивно учеството на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина;
- Ниско ниво на свест кај јавноста и институциите за заштита на животната средина.

4.7.5 Препораки за решавање на проблемите

- Континуирана и координирана кампања заедно со институциите на национално, регионално и локално ниво за подигање на јавната свест за заштита на животната средина;
- Подготовка на Катастар на загадувачи на територија на Општина Охрид што ќе претставува појдовна точка за општината да ги идентификува загадувачите на своја територија;
- Воспоставување систем на задолжителна интерсекторска соработка и комуникација за решавање на проблемите од областа на животната средина;
- Воспоставување систем на соработка меѓу општинската и владината администрација во делот на заштита на животната средина со цел постигнување на подобри резултати и унапредување на животната средина;
- Воспоставување систем на соработка меѓу општинската и владината администрација во делот на заштита на животната средина со цел постигнување на подобри резултати и унапредување на животната средина;
- Воспоставување на континуирана комуникација со одговорни лица од областа на заштита на животната средина меѓу Општина Охрид и МЖСПП со цел координирано делување;
- Зголемување на соработката и вклучување на поголем број на НВО, граѓански здруженија заради повисок степен на заштита на животна средина и стекнување на синоним за зелена општина.

- Обука и едукација на вработените во рамки на локалната администрација на Општина Охрид од областа на заштита на животната средина и максимално искористување на европските фондови;
- Заеднички настап на инспекторите од Општина Охрид и МЖСПП за најсторого санкционирање на прекршителите на законот;
- Формирање на фонд за заштита на животната средина во рамки на локалната самоуправа, чии средства ќе бидат наменети за подобрување на сосојбите со медиумите на животната средина;
- Зголемување на бројот на вработени за спроведување на надлежностите од областа на животната средина;
- Поголем ангажман на инспекциските служби, нивно координирано постапување, меѓусебна соработка и консултација за поефикасно постигнување на целите.

5 SWOT АНАЛИЗА НА ТЕМАТСКИТЕ ОБЛАСТИ

SWOT анализата претставува алатка која овозможува детална анализа на надворешните и внатрешните фактори кои влијаат на функционирањето на општината преку анализа на внатрешни фактори (сили и слабости) и анализа на надворешни фактори, односно оние кои не се под контрола на општината а кои се групирани во можности или закани.

Со идентификацијата на овие елементи всушност ќе се детерминираат насоките кон кои треба да се движи општината за да постигне повисок степен на заштита на животната средина.



Слика 49 Шематски приказ на процесот за SWOT анализа

Анализата беше спроведена со членови на работните групи (претставници од јавни претпријатија, институции и од локалната самоуправа на Општина Охрид) на II состанок за подготовка на ЛЕАП документот, кој се одржа на 17.05.2019 година.

SWOT Анализата помогна во идентификување на клучните предизвици/проблеми, како и во одредување на препораки за навремено решавање на предизвиците и надминување на сегашните состојби.

При спроведување на анализата со членовите на работните групи беа дискутирани следните сегменти:

- Кои се силни страни на општината во сите обработени тематски области и на кој начин може општината да ги употреби во насока на подобрување на условите во животната средина;
- Кои се слабите страни на општината во сите обработени тематски области и на кој начин истите поефикасно да ги надмине и да ги претвори во придобивки и предности при справување со состојбите со животната средина;
- Кои се можностите со кои располага општината преку кои може да обезбеди повисок степен на заштита на животната средина;
- Кои се закани и на кој начин општината може успешно да ги надмине истите.

Резултатите од извршената SWOT анализа по тематски области се дадени во следните табеларни прегледи.

Табела 60 SWOT анализа - Квалитет на воздухот

Силни страни	Слаби страни
1. Зголемен број велосипедски патеки; 2. Редовно чистење и метење на улици и тротоари 3. Редовно одржување и збогатување на урбаното зеленило 4. Замена/обновување на уличното осветлување 5. Обнова на фасади на објектите под надлежност на општината со цел поголема енергетска ефикасност 6. Замена на сообраќајната сигнализација со кружни текови 7. Замена на прозорци и осветлување во дел од училиштата и градинките со цел поголема енергетска ефикасност 8. Ограничен пристап за автомобили во Старото градско јадро и дел од централното градско подрачје	1. Недостаток на податоци за квалитет на амбиентниот воздух (мониторинг станица) 2. Недостаток на податоци за извори на емисии во воздух (Катастар на загадувачи) 3. Изработка на планска документација без да се земе предвид ружата на ветрови што допринесува за нарушување на нормалното струење на воздухот во централното градско подрачје 4. Недостаток на контрола на димоводните канали и горилници и нивно одржување 5. Отсуство на систем за дистрибуција на природен гас и централно греење 6. Стар возен парк кај граѓаните на Општината 7. Зголемен сообраќаен метеж во туристичка сезона 8. Недостаток на редовен јавен градски превоз преку целата година, а особено до плажите и приградските населби 9. Недостаток од мерки и активности за поттикнување и поддршка на користење енергија од обновливи извори/соларни панели 10. Недостаток од активности за поттикнување на примена на мерки за енергетска ефикасност на индивидуално ниво/домаќинства 11. Отсуство на тригодишна Програма за енергетска ефикасност
Можности	**Закани**
1. Мониторинг мрежа за следење на квалитет на воздухот 2. Систем за дистрибуција на природен гас и воспоставување на централно греење 3. Субвенции за користење обновливи извори на енергија 4. Субвенции за користење на велосипеди и други алтернативни превозни средства 5. Пристап до ЕУ фондови	1. Лимитиран буџет на општината 2. Зголемен здравствен ризик кај населението од нарушениот квалитет на воздухот 3. Низок степен на познавања на општинска администрација за пристап до финансиски фондови 4. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

Табела 61 SWOT анализа - Управување со води

Силни страни	Слаби страни
1. Редовен мониторинг на квалитетот на водата за водоснабдување, водата во површинските текови и водата во Охридското Езеро 2. Континуирани активности за реконструкција и замена на застарената водоводна мрежа и пумпни станици **3.** Во тек е подготовка на Интегрален план за управување со сливот на Охридско Езеро, во рамки на проектот на ГЕФ Дримски Басен	1. Стари дотраени цевки во водоснабдителниот систем (азбест - цементни цевки 30.000 m) 2. Недостаток на вода за водоснабдување во летниот период 3. Низок степен на одржување и чистење на каналите за наводнување 4. Ниска свест кај граѓаните за одржување на каналите за наводнување 5. Недостаток од континуиран мониторинг на осцилациите на водостојот во Охридско Езеро 6. Недостаток од комплетен мониторинг на водата и седиментот од литорално – крајбрежната зона на Охридско Езеро, заради целосно согледување на состојбата и преземање на соодветни мерки за заштита 7. Отсуство на сепаратна канализациона мрежа и одведување на измешани комунални, индустриски и атмосферски отпадни води 8. Застарени пумпни станици во рамките на колекторскиот систем за отпадни води 9. Нефункционалност на колекторскиот систем 10. Отсуство на канализациона мрежа во населените места Велестово, Г. Лакочерej, Елешец, Елшани, Љубаништа, Орман, Рамне, Трпејца, Валила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатино 11. Отсуство на податоци за број на септички јами и начин на нивно одржување и чистење; 12. Опасност од загадување на Билјанини Извори заради непостоење на канализационен систем во населбата веднаш над изворите и „пробивање“ на септичките јами 13. Нефункционалност на Путекс станиците во Св. Наум, камп Градиште, камп Љубаништа, х. Бисер 14. Недоволен капацитет на пречистителната станица Враништа 15. Низок процент на покриеност со атмосферска канализација на Општина Охрид 16. Прелевање на отпадни комунални води од шахти 17. Континуирано загадување со комунални отпадни води на Охридското Езеро на

	локалитетите Сараишта, Пристаниште и Мазија 18. Нова Марина на Охридското крајбрежје, која зафаќа дел од Студенчишко Блато
Можности	**Закани**
1. Користење средства од ЕУ фондови со цел целосно обезбедување на општината со атмосферска и канализациона мрежа за отпадни комунални води 2. Зголемување на соработката со МЖСПП, другите општини, јавни претпријатија и бизнис заедницата во насока на преземање на заеднички координирани акции за видливи и долгорочни резултати на планот на управување со водите во општината 3. Меѓу општинска соработка, соработка со граѓански здруженија и приватниот сектор како можност за формирање заеднички тимови кои ќе работат на проекти со цел одржлив развој на општината	1. Загуба на Статус на УНЕСКО заштитено подрачје 2. Ограничен буџет на општината 3. Загадени извори на вода за водоснабдување 4. Загадена вода на Охридско Езеро 5. Трајно исчезнување на дел од биолошката разновидност на целокупниот екосистем на Охридското Езеро 6. Зголемен здравствен ризик на граѓаните 7. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

Табела 62 SWOT анализа - Искористување на земјиштето и урбан развој

Силни страни	Слаби страни
1. Десетгодишни Планови за работа на НП Галичица 2. Пропишани мерки за заштитата на шумите од пожари, растителни болести, инсекти, водење на шумски ред во сечиштата, чување на шумите од неконтролирано напасување 3. Редовно одржување и обновување на парковите, скверовите, парк шумите и жардинјерите во Општината; 4. Редовно одржување на вонградското зеленило и дрворедите по должина на сообраќајниците 5. Времено стопирање (мораториум) на сите градби, издавање дозволи за градба и постапки за легализација до донесување на Планот за управување со Светското природно и културно наследство	1. Стар ГУП на Охрид (2006 год.) 2. Усвојување плански документи без да се земе во предвид јавниот интерес, одржливиот развој и важечките стандарди 3. Несоодветно урбанистичко планирање (без да се земе во предвид број на паркинг места, простор за садови за одлагање/селектирање на отпад и др. урбана опрема) 4. Недостаток од паркинг места и узурпација на сообраќајниците и зелените површини во близина на плажите 5. Недостаток од ДУП-ови за населени места и УП за воннаселените места 6. Неефикасност на инспекциските служби 7. Недоизградена патна инфраструктура, раскопани тротоари и неасфалтирани паркинг простори 8. Недостаток од пешачки и велосипедски патеки и нивна узурпација од автомобили 9. Недостаток од јавни тоалети 10. Узурпација на Охридското крајбрежје со бесправни градби и нивна легализација 11. Узурпација на плажите на Охридското крајбрежје 12. Бесправни градби во НП Галичица во

	зоната на одржливо користење 13. Урбанизација на слободни јавни површини, обработлива почва и нивна пренамена во градежно земјиште 14. Уништувањето на природните живеалишта преку дренажни, орање, градежни активности и употребата на ѓубрива и хемикалии 15. Недостаток на зелени површини за рекреација 16. Неконтролирано сечење на дрвјата 17. Голем број кучиња скитници и недостаток од стационар за згрижување 18. Низок степен на информираност на граѓаните, граѓанските здруженија и НВО за одржување јавни расправи за донесување на урбанистички планови или други значајни плански документи
Можности	**Закани**
1. Повеќегодишен мораториум на сите градби, издавање дозволи за градба и постапки за легализација до донесување на комплетна планска и просторна документација во согласност со барањата од Извештајот на УНЕСКО 2. Консултација и поголема соработка со Комисијата на УНЕСКО 3. Соработка со МЖСПП, другите општини, јавни претпријатија, бизнис заедницата и граѓаните во насока на преземање на заеднички координирани активности за видливи и долгорочни резултати за одржлив развој на општината и задржување на статусот на УНЕСКО заштитено подрачје 4. Поголема вклученост на јавноста, одржување на референдуми и јавни расправи при донесување на планска документација од големо значење за општината и засегнатите страни 5. Зголемување на бројот на вработени во инспекциските служби и континуирана обука 6. Зголемување на јавната свест преку јавни дебати, трибини, расправи итн. 7. Примена на агроеколошки практики и органско земјоделско производство.	1. Не исполнување на барањата од Извештајот на УНЕСКО и загуба на Статусот на УНЕСКО заштитено подрачје 2. Зголемен број на бесправно изградени градби и урбан хаос 3. Реализација на големи проекти во зоната на одржливо користење на НП Галичица, Студенчишко Блато, Охридското Езеро итн. 4. Губење на дел од биолошката разновидност, автохтони и ендемични видови организми 5. Зголемен здравствен ризик 6. Неможност за извезување на земјоделски производи 7. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

Табела 63 SWOT анализа - Управување со отпадот

Силни страни	Слаби страни
1. Годишни програми за управување со отпад	1. Отсуство на регионална депонија

2. План за управување со отпад 3. Чистење на нелегалните депониите 4. Расчистена депонија за градежен отпад „Мауцкер“ 5. Добиен грант за реализација на проект „Одржливо управување и третман на био - отпад со користење на методи за производство на биогориво“ 6. Редовно организирање акции за собирање на кабаст отпад, зелен отпад, отпадно масло од домаќинства итн.	2. Недостаток од база на податоци за сите видови на отпад и нивни количини 3. Низок степен на примарна селекција на отпадот 4. Низок степен на искористување на фракциите кои можат да се рециклираат 5. Недостаток на податоци за број септички јами, локации и фреквенција на чистење 6. Нелегални депонии 7. Неможност на жителите од руралната средина да ја користат услугата на ЈП „Охридски Комуналец“ 8. Недостаток на садови за комунален отпад и садови за селективно собирање отпад во општината 9. Недостаток од акции за организирано собирање на градежен шут, кабаст отпад и биоразградлив отпад во руралната средина 10. Нечистотија на улиците и јавните паркови 11. Низок степен на еколошка свест кај граѓаните
Можности	**Закани**
1. Зајакнување на капацитетите на локално ниво за управување и мониторинг на состојбата со отпадот во општината 2. Користење средства од европските фондови 3. Соработка и размена на искуства со други општини од регионот, збратимени општини и др. локални самоуправи во европските земји и преземање заеднички координирани акции за видливи и долгорочни резултати на планот на управување со отпадот во општината 4. Инвестиции од бизнис заедницата и странство 5. Губење на Статусот на УНЕСКО заштитено подрачје	1. Недоволни финансиски средства на локално ниво 2. Необучена општинска администрација за пристап до финансиски фондови 3. Расфрлан отпад низ општината и зголемен број нелегални депонии 4. Ширење на заразни заболувања 5. Негативно влијание врз биолошката разновидност 6. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

Табела 64 SWOT анализа - Управување со бучава

Силни страни	Слаби страни
1. Плански документ: „Акционен план и програма за управување со бучавата во Општина Охрид“, 2011 година 2. Постапување во случај на поплака од граѓаните за вознемирување од зголемена бучава	1. Недостаток од точни и прецизни податоци за стационарните извори на бучава (Катастар на извори на бучава во животната средина) 2. Зголемено ниво на бучава за време на туристичката сезона 3. Недостаток од Стратешка карта на бучава за патната делница Р – 501: Охрид –

	Пештани – (надлежност на МЖСПП) 4. Недостаток од Стратешка карта на бучава за крајбрежјето на Охридско Езеро во длабочина од 1,5 km 5. Недостаток на национални и локални податоци за здравствените ефекти од бучавата
Можности	**Закани**
1. Соработка со МЖСПП, другите општини, јавни претпријатија, бизнис заедницата и граѓаните во насока на преземање на заеднички координирани активности за видливи и долгорочни резултати за одржлив развој на општината 2. Пристап до европски фондови 3. Соработка и размена на искуства со други општини од регионот, збратимени општини и/или локални самоуправи од европските земји	1. Недоволно финансиски средства на локално ниво 2. Необучена општинска администрација за пристап до финансиски фондови 3. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

Табела 65 SWOT анализа - Управување со биолошката разновидност, Светско природно и културно наследство

Силни страни	**Слаби страни**
1. Континуирано следење и грижа за квалитет на водата во Охридското Езеро и состојбата со флората и фауната на водниот свет 2. Грижа за рибниот фонд во езерото од страна на ЈНУ Хидробиолошки завод 3. Студија за состојбата со остатокот на Студенчишко Блато - 2012 година 4. Десетгодишни планови со цели и начини на користење на шумите во НП „Галичица“ 5. Во тек е подготовка на интегрален план за управување со сливот на Охридско Езеро, во рамки на проектот на ГЕФ Дримски Басен 6. Предлог закон за управување со светското природно и културно наследство 7. План за управување со светското природно и културно наследство 2016 – 2025 година	➢ Низок степен на спроведување на постојните законски прописи со цел спречување на понатамошна незаконска градба во заштитените подрачја ➢ Недостаток на релевантни плански документи: План за управување со светско природно и културно наследство, Урбанистички планови, Стратегија за туризам врз основа на Универзална вредност ➢ Неконтролирано уништување на подрачјето на трска со сечење, палење, корнење за различни цели како добивање обработливи површини, плажи, хотелски комплекси, депонирање на земја и градежен шут итн. ➢ Недоволна примена на автохтони видови прилагодени на локалната клима ➢ Користење на Охридското Езеро како акумулација за производство на електрична енергија заради што присутни се постојани осцилации на нивото на водата ➢ Отсуство на мерки за стабилизација на водостојот во Охридското Езеро, ➢ Охридското Езеро е реципиент на отпадни атмосферски води и отпадни комунални води од кои дел воопшто не се

	пречистуваат ➢ Ерозивни наноси од речните сливови во езерото, особено од р. Сатеска и р. Коселска ➢ Голем број пловни објекти во езерото ➢ Голем број плажи и хотелски комплекси на/во близина на охридското крајбрежје и големиот број туристи во туристичката сезона ➢ Зголемен сообраќај во Старото градско јадро ➢ Голем број бесправно изградени објекти во крајбрежната заштитна зона на езерото ➢ Недефиниран степен на заштита и отсуство на систем за одржливо управување со Студенчишко Блато ➢ Пренамена на делови од Студенчишко Блато заради изградба на трајни и/или времени објекти, асфалтни и др. патишта, обработлива површина, одлагање на градежен шут и инертен отпад итн. ➢ Оптеретеност на Студенчишкиот канал со пловни објекти (меѓу кои и стари и напуштени) ➢ Оптеретеност на Езерото со големи пловни објекти ➢ Непостоење марина на Охридското Езеро ➢ Бесправни градби во зоната на одржливо користење на НП Галичица ➢ Одлагање на градежен шут, кабаст отпад во границите на НП Галичица ➢ Несоодветно и прекумерно собирање на билки и габи, бесправна сеча, бесправен лов и др. во границите на НП Галичица ➢ Отсуство на активностите за подигање на јавната свест за значењето и улогата на Паркот и другите заштитени подрачја во регионот насочени кон граѓаните
Можности	**Закани**
1. Соработка со МЖСПП, другите општини, јавни претпријатија, бизнис заедницата и граѓаните во насока на преземање заеднички активности за зачувување на болошката разновидност, статусот на заштитено подрачје 2. Пристап до европските фондови 3. Одржување на настани, трибини, јавни дебати и расправи за зголемување на свеста на граѓаните 4. Едукација преку информативни брошури, флаери, постери итн. 5. Загуба на статусот на УНЕСКО заштитено подрачје	1. Изградба на големи инфраструктурни објекти во НП Галичица, како што е изградба на експресен пат низ Националниот парк и Центар за зимски спортови во високо планинскиот дел на Паркот, туризам, селски туризам итн. 2. Изградба на Марина на Охридското крајбрежје која ќе зафаќа дел од Студенчишко Блато 3. Ниска свест кај населението за значењето на НП Галичица, Студенчишко Блато, Охридско Езеро 4. Загуба на Студенчишко Блато 5. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски

	одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

Табела 66 SWOT анализа - Подигање на јавната свест и управување со животната средина

Силни страни	Слаби страни
1. Редовен годишен еколошки календар на настани и обележување на значајни денови за животната средина 2. Акции за чистење на езерското крајбрежје, уредување на урбаното зеленило, собирање на кабаст отпад, зелен отпад, пластика, електричен и електронски отпад итн. **3.** Информирање на граѓаните преку: Службен гласник на општината, месечни информативни билтени, објава на публикации, информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината, огласни табли, веб- страна, јавни трибини, средствата за јавно информирање итн.	1. Недостаток на персонал за спроведување на надлежностите од областа на животната средина од страна на локалната администрација 2. Пасивност на инспекциските служби 3. Недостаток од кампањи за подигање на јавната свест кај граѓаните 4. Недостаток на јавни дебати 5. Недостаток на комуникација и воспоставен систем на соработка меѓу општинската, градската и владината администрација во делот на заштита на животната средина со цел постигнување на подобри резултати и унапредување на животната средина 6. Неинформирана јавност 7. Пасивно учеството на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина 8. Ниско ниво на свест кај граѓаните и институциите за заштита на животната средина
Можности	**Закани**
1. Соработка со други општини, јавни претпријатија, бизнис заедницата, граѓаните во насока на преземање на заеднички активности 2. Пристап до европски фондови 3. Соработка и размена на искуства со други општини од регионот, збратимени општини и др. локални самоуправи од европските земји	1. Недоволно финансиски средства на локално ниво 2. Низок степен на познавања на општинска администрација за пристап до финансиски фондови 3. Политичка волја и политичко влијание врз процесот на донесување законски одредби, дополнување на законските одредби, донесување правилници, стратешки документи, прекршочни казнени мерки итн. од областа на животната средина

6 УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА

6.1 Анкета на еколошките состојби во општината

Испитувањето на јавното мислење е важен фактор во дефинирањето и посочувањето на приоритетните проблеми со животната средина во Општината.

Основна цел на ова истражување претставува утврдување на мислењето на граѓаните на општина Центар во врска со состојбата на животната средина како и посочување на проблеми со кои се соочуваат во нивното секојдневие.

За таа цел беше изготвен анкетен прашалник со вкупно 20 прашања (. Секое прашање даваше можност за заокружување повеќе одговори во однос на проблемите со кои се соочуваат граѓаните, состојбата со медиумите на животната средина во Општината, енергетската ефикасност, сообраќајот итн. Исто така, секое прашање во содржеше простор за слободно изразување на мислењето, дополнувања на понудените одговори, како и простор за предлог решенија и мерки за надминување на проблемите.

Анкетата беше спроведена во периодот март - мај 2018 година, а беа опфатени вкупно 338 испитаници или 0,60 % од вкупното население[35] во Општина Охрид.

Прашалникот за граѓаните беше достапен во печатена и електронска верзија. Беа отпечатени и дистрибуирани 300 примероци во повеќе населени места и јавни институции, а линкот за електронско пополнување на прашалникот беше објавен на web страната на Општина Охрид и на информативните постери поставени на фреквентни локации низ Општината на кои беше поставен баркод за пристап до прашалникот.

6.1.1 Резултати од анализа на одговорите добиени по одделни прашања

Првиот дел на прашалникот се однесуваше на демографските податоци: пол, возраст, статус и образование на граѓаните. Добиените податоци се дадени во следните графички прикази.



Графикон 20 Графички приказ на пол и статус на анкетираните граѓани

[35] Извор: ДЗС, попис на населението во РСМ 2002 година



Графикон 21 Графички приказ на возрасна група и образование на анкетираните граѓани

Од анкетираните граѓани 55,82 % се од женски пол и 44,18 % од машки пол. Најголемиот број од нив 52,85 % се вработени, додека 37,54 % се ученици. Од вкупниот број анкетирани 35,69 % се на возраст од 15 до 18 год., 30,38 % се на возраст од 41 до 65 год., а 25,96 % се на возраст од 26 до 40 години. Според степенот на образование, најголем дел од испитаниците 50 % се со високо образование, а 38,99 % се со средно образование.

Следното прашање во анкетниот прашалник беше: **Според степенот на загаденост на животната средина, Општина Охрид според Вас е**:

1. Незагадена
2. Незначително загадена
3. Средно загадена
4. Високо загадена

По ова прашање 79,2% од анкетираните граѓани се изјаснија дека Општина Центар е високо загадена, 35,2% сметаат дека е средно загадена, додека по 1,2% сметаат дека Општина Центар е незначително загадена, односно незагадена.

Резултатите од анализираните одговори се дадени во следниот графички приказ:



Графикон 22 Графички приказ на анализираните одговори на прашањето: Според степенот на загаденоста на животната средина, Општина Охрид според Вас е?

Прашањето бр. 2 се однесуваше на загаденоста на медиумите на животната средина и гласеше: **По Ваше мислење кои медиуми се најзагадени во општината?**

Резултатите од анализираните одговори се дадени на следниот графички приказ:



Графикон 23 Графички приказ на добиените одговори на прашањето: По Ваше мислење кои медиуми се најзагадени во општината?

37,14 % од граѓаните се изјаснија дека почвата е најзагаден медиум во општината преку неправилно управување со отпадот, 29,59 % од нив сметаат дека најзагаден медиум е водата во Охридско Езеро, 20,61 % сметаат дека воздухот во општината е најзагаден медиум, додека 12,65 % за најзагадена ја сметаа водата за пиење.

Прашањето број 3: **Каде ги гледате причините за загадувањето?** Беше поставено со цел да се согледа размислувањето на граѓаните за причините на загадување на медиумите на животната средина во Општина Охрид. Во ова прашање граѓаните, беше потребно да изберат пет најважни причини за загадување во општината.

Според добиените одговори како најголема причина за загадување во општината претставува нискиот степен на еколошка свест кај граѓаните со 86,98 %. Петте најважни причини за загадување, според мислењето на граѓаните се прикажани на следниот графички приказ:

Графикон 24 Најважни пет причини за загадување во Општина Охрид

За да ги утврдиме најважните проблеми во животната средина со кој секојдневно се соочуваат граѓаните на Општина Охрид го поставивме следното прашање број **4. Што најмногу Ви пречи на еколошки план во Вашето населено место?** (заокружете го редниот број на седум најважни одговори). Во ова прашање граѓаните имаа можност за дополнување на одговорот.

На следниот графикон се прикажани седум најважни одговори, кои во анкетата беа во најголем процент заокружени.



Графикон 25 Графички приказ на седум најважни истакнати проблеми на еколошки план од анализа на прашањето: Што најмногу Ви пречи на еколошки план во Вашето населено место?

Од графичкиот приказ можеме да заклучиме дека на граѓаните на Општина Охрид како најзначајни проблеми на еколошки план ги истакнуваат следните: 1. Постоење на диви депонии 63,60 % (или 215 граѓани го заокружиле овој одговор); 2. Загадување на водата во Охридско Езеро 60,65 % (205); 3. Узурпација на крајбрежјето на Охридското Езеро 60,05 % (203); 4. Нечистотија на улиците и јавните паркови 59,46 % (201); 5. Неконтролирано сечење на дрвја 57,39 % (194); 6. Недоволен број садови за собирање на отпадот 52,95 % (179) и 7. Недостаток на зелени површини за рекреација 51,47 % (174).

На следното прашање број 5: **Што друго по Ваше мислење придонесува кон загадување на животната средина во Вашата општина?** (заокружете го редниот број на пет најважни одговори) Најголем процент 78,11 % од анкетирани граѓани сметаат дека непланско градење и користење на земјиштето придонесува кон загадување на животната средина. Останатите одговори на анкетираните граѓани се дадени во следниот графички приказ:



Графикон 26 Графички приказ на дадените одговори на прашањето: Што друго по Ваше мислење придонесува кон загадување на животната средина во Вашата општина?

Следното прашање (бр. 6) се однесуваше на влијанието на еколошките проблеми, односно истото гласеше: **Еколошките проблеми во Општина Охрид имаат најголемо влијание врз:**

Побаравме од граѓаните да ги степенуваат понудените одговори во прашањето на скала од 1 до 6 според значењето. Најзначајно со 6, а помалку значајно со 1. Понудените одговори на прашањето, беа:

Резултатите од начинот на кој анкетираните граѓани гледаат на влијанието на еколошките проблеми, се дадени во следниот графички приказ.



Графикон 27 Графички приказ на резултати од степенување на еколошките проблеми во Општина Охрид според влијанието (помалку значајно со 1, повеќе значајно со 2....најзначајно со 6)

Во следното седмо прашање **Најзначајни еколошки вредности за Општина Охрид,** побаравме од граѓаните да идентификуваат три најважни еколошки вредности.

Одговорите кои беа процентуално најчесто заокружени во анкетните прашалници се дадени во следниот графички приказ:



Графикон 28 Добиени резултати од анкетно прашање: Најзначајни еколошки вредности за Општина Охрид

Од анализата на одговорите по прашањето може да констатираме дека граѓаните ги издвоија следните еколошки вредности: Охридското Езеро со неговото сливно подрачје со 90,08 %, здравјето на луѓето 61,83 %, чиста и зелена општина 64,2 %, Заштита на природата и природните вредности (НП Галичица, Студенчишко Блато, Билјанини Извори, Св. Наум...) 53,55 % и Ефикасно користење на природните ресурси (вода, енергија, суровини) 51,48 %.

Целта на следната група прашања беше да анализираме и утврдиме на кој начин и колку учествува јавноста во Општина Охрид, кога се во прашање донесување одлуки од областа на животната средина, како и со која активност во иднина би се ангажирале во областа на заштита на животната средина. Од анализата на добиените резултати можеме да заклучиме дека:

На прашањето поврзано со **Учеството на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина во општината** добивме одговор дека е 87,88 % од граѓаните сметаат дека јавноста учествува пасивно/незначително во донесување одлуки од областа на животната средина, додека 12,12% од нив сметаат дека учеството на јавноста е активно/доволно.



Графикон 29 Графички приказ од одговорите на прашањето за Учество на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина во општината

На прашањето за тоа како граѓаните учествувале лично во донесување одлуки од областа на животната средина, добивме одговор дека 76,76 % од граѓаните не учествувале во процес на донесување одлуки, 10,00 % од нив учествувале организирано преку членување во НВО, 8,24 % од анкетираните граѓани преку јавни расправи и трибини при донесување на важни документи за општината, а 5,00 % од анкетираните учествувале преку состаноци со администрацијата на општината.



Графикон 30 Графички приказ на резултати од одговорите на прашањето: Вашето учество во донесувањето на одлуки од областа на животната средина во општината било преку:

Одговорите на граѓаните на прашањето со која активност би се ангажирале во заштита на животната средина во општината се дадени во следниот графички приказ.



Графикон 31 Графички приказ на резултати од одговорите на прашањето: Со која активност би се ангажирале во заштита на животната средина во општината

Следната група прашања во анкетниот прашалник се однесуваа на начинот на загревање на домовите, можностите за промена на начинот на греење и енергетската ефикасност на објектите.

Одговорите на прашањето: **Каков систем за греење користите сега?** се дадени на следниот графикон.



Графикон 32 Графички приказ од добиените одговори на прашањето: Каков систем за греење користите сега?

Следното прашање беше поврзано со претходното и се однесуваше на енергенсите кои граѓаните ги користат за загревање (добивање топла вода, готвење и сл.). Според анализираните одговори најголем процент 80,75 % од граѓаните за загревање ја користат електричната енергија. Добиените одговори се прикажани на следниот графички приказ.



Графикон 33 Графички приказ од добиените одговори на прашањето: Каков енергенс користите за добивање топла вода, готвење и сл.

Следното прашање **Колкаво намалување на трошоците за греење/за загревање би Ве убедило да го смените сегашниот начин на греење?** беше поставено со цел да се разгледа можноста за промена во размислувањето на граѓаните од аспект на

промена во начинот на греење/загревање и користење на поекономичен и еколошки по подобен систем на греење.

Од анализата на добиените одговори по ова прашање, заклучивме дека најголем дел 59,51 % од граѓаните би го смениле досегашниот начин на греење/загревање доколку трошоците за греење се намалат за повеќе од 15%. На следниот графикон се дадени одговорите по ова прашање.



Графикон 34 Резултати од анализа на прашањето: Колкаво намалување на трошоците за греење/за загревање би Ве убедило да го смените сегашниот начин на греење?

Одговорите по однос на прашањето за енергетската ефикасност на објектите односно **Дали вашиот објект има соодветна топлинска и звучна изолација?** се прикажани во следниот графички приказ.



Графикон 35 Графички приказ на добиените одговори на прашањето Дали вашиот објект има соодветна топлинска и звучна изолација?

Следното прашања во анкетниот прашалник се однесува на сообраќајот и користење на транспортни средства од страна на граѓаните. Анализата на одговорите на прашањето **Каков транспорт користите?** ги даде следните резултати: 39,05 % од

граѓаните користат комбиниран превоз, 30,79 % користат сопствено возило, 15,24 % користат јавен превоз итн. Одговорите на ова прашање се претставени на следниот графички приказ.



Графикон 36 Резултати од анализа на прашањето Каков транспорт користите?

Целта на следната група прашања се однесуваа на размислувањата на граѓаните на Општина Охрид во однос на тоа дали се преземени сите мерки за заштита на Студенчишко Блато, Охридското Езеро, НП Галичица и културното наследство во Општина Охрид. Одговорите на оваа група прашања се прикажани на следните графикони.



Графикон 37 Графички приказ од анализа на прашањето Дали според Ваше мислење се преземени сите мерки за заштита на Студенчишко Блато?



Графикон 38 Графички приказ од анализа на прашањето Дали според Ваше мислење се преземени сите мерки за заштита на Охридското Езеро?



Графикон 39 Графички приказ од анализа на прашањето Дали според Ваше мислење се преземени сите мерки за заштита на НП Галичица?

Графикон 40 Графички приказ од анализа на прашањето Дали според Ваше мислење се преземени сите мерки за заштита на културното наследство во Општина Охрид?

Доколку се споредат резултатите од погоре прикажаните графички прикази може да се констатира дека мислењето на граѓаните по однос на тоа дали се преземени сите мерки за заштита на Студенчишко Блато, Охридско Езеро, НП Галичица и културното наследство во најголем процент е негативно или е даден одговорот дека истите се делумно заштитени, но не доволно.

7 АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛЕАП И ПЛАН ЗА НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН

Планот за спроведување на стратешкиот плански документ ЛЕАП за Општина Охрид за период 2019 – 2025 година е подготвен врз основа на идентификувани притисоци/проблеми во медиумите на животната средина во Општината со помош на анализа на расположливи податоци и информации од годишни извештаи за работа на јавни претпријатија, научни установи, сектори и одделенија на локалната самоуправа, анализа на стратешки плански документи на национално, регионално и локално ниво, анализа на спроведена анкета за јавното мислење на граѓаните на Општина Охрид, извештаи од извршени мерења на квалитет на површински води итн.

Идентификуваните проблеми беа приоритизирани од страна на членовите на Локалниот управен комитет врз основа на седум критериуми: 1) Интензитет на проблемот; 2) Распространетост на проблемот; 3) Влијание врз здравјето на човекот; 4) Влијание врз социо - економската моќ на населението; 5) Влијанието на проблемот врз одржливиот развој на Општината, 6) Итност на решавање на проблемот и 7) дали проблемот е веќе идентификуван како приоритет во некој друг стратешки документ.

Првите 20 проблеми/притисоци, со најголем број бодови, беа идентификувани како приоритети и за нив е развиен Акционен план во кој се дефинирани:

1. Мерки за решавање на проблеми;
2. Акциите кои треба да се преземат за спроведување на предложените мерки;
3. Одговорна институција за спроведување на акциите;
4. Временски период за спроведување на акциите;
5. Предвиден буџет за спроведување на акциите; и
6. Можни извори за финансирање на спроведување на акциите.

Предложените акции и мерки во Акциониот план да бидат ефикасно и навремено спроведени, а истовремено потребно е да се врши набљудување и оценување/евалуација на процесот на реализација на предвидените акции во Акциониот план.

За да се остварат целите, Општина Охрид согласно Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 124/2010, 51/11, 123/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 99/18) ќе формира Тело за набљудување/оценување на реализација на ЛЕАП документот. За таа цел, во состав на Акциониот план е подготвен Мониторинг план за оцена на степенот на реализација на предвидените мерки и акции.

Извештај за степенот на имплементација на мерките и акциите треба да биде достапен за сите заинтересирани страни, особено за поширокатa јавност.

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ (16): <u>НЕФУНКЦИОНАЛНОСТ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ</u>**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМОТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Соодветно управување со колекторскиот систем	• Утврдување на приоритети за санирање на колекторскиот и замена на дотраената внатрешна цевководна инсталација, нефункционални пумпни, филтер станици итн. • Обновување, подобрување и ревитализација на колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро	ЈП „Колекторски систем“	2019 - 2022	5.000.000	Буџет на О. Охрид/ Буџет на О. Струга/ Влада на РСМ/ ЕУ фондови/
Континуирано следење на водата и седиментот од крајбрежната зона на Охридско Езеро, заради целосно согледување на состојбата и преземање на соодветни мерки за заштита	• Категоризација на водата и седиментот во Охридското Езеро од крајбрежната зона на Охридско Езеро и детекција на „жешки точки“ на загадување • Континуиран мониторинг на квалитет на површинските водотеци кои се влеваат во Охридско Езеро	Општина Охрид/ ЈНУ Хидробиолошки завод/ МЖСПП	2019 - 2022	50.000	Буџет на Општина Охрид/ Влада на РСМ/ ЕУ фондови/ Грант
План за управување со сливот на Охридско Езеро во заедничка соработка на Р. С. Македонија и Р. Албанија	• Одржливо управување со природното богатство во согласност со препораките на УНЕСКО	Општина Охрид/ Координатор на ГЕФ Дримски за Р. С. Македонија	2019 - 2022	15.000	Буџет на О. Охрид/ Влада на РСМ/ ЕУ фондови

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција	Одговорни за

		на следење	следење и оценување
Функционален колекторски систем на Охридско Езеро	Извештај со резултати од анализа на вода на испуст од колекторскиот систем и резултати од анализа на квалитет водата во Охридското Езеро	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Преземени заштитни мерки за водата и седиментот од крајбрежната зона на Охридско Езеро	Извештај од мониторинг и детектирани „жешки точки“ на загадување како и преземени мерки за заштита	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Заштита и правилно управување со Охридското Езеро	План за управување со сливот на Охридско Езеро	До усвојување	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД (1): <u>ОТСУСТВО НА РЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА</u>**

ЦЕЛ: НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ЗАГАДУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИОТ РИЗИК ПО ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Активно учество на одговорните лица за животна средина во подготовка на потребната документација за изградба на регионална депонија во Југозападен плански регион	• Иницијатива на Општината за побрзо решавање на проблемот со избор на локација за регионална депонија и нејзина изградба	Општина Охрид	2019 - 2020	/	Буџет на општините на Југозападен плански регион
Затворање и ревитализација на депонија Буково и чистење на нелегални микро депонии	• Подготовка на План за расчистување и ремедијација на депонија Буково • Евидентирање на локациите на нелегални микро депонии во Општината и подготовка на План за нивно	Општина Охрид/ЈП Охридски Комуналец	2019 - 2020	300.000	Буџет на Општина Охрид/ Влада на РСМ/ ЕУ

	расчистување и ревитализација • Физичко затварање на депонијата Буково и нејзина ремедијација • Физичко расчистување и ревитализација на локациите на расчистените нелегални микро депонии				фондови
Изградба на претоварна станица	• Подготовка на планска документација за изградба на претоварна станица • Изградба на претоварна станица	Општина Охрид/ ЈП„Охридски Комуналец“	2020	30.000	Буџет на О. Охрид/ ЈП Охридски Комуналец Влада на РСМ/ ЕУ фондови
Поставување поголем број собирни садови за отпад	• Поставување на поголем број садови за отпад во Општината, во согласност со бројот на домаќинства и количината на генериран отпад по домаќинство • Вклучување на руралните населени места за редовно собирање на отпадот и поставување собирни садови за комунален отпад, собирни садови за отпадно пакување од пластика, стакло, хартија собирни садови за градежен отпад • Иницирање на проекти за подигање на јавната свест за примарна селекција на отпадот	Општина Охрид/ ЈП Охридски Комуналец/ Овластени постапувачи со отпад	2019 - 2020	10.000	Буџет на Општина Охрид/ ЈП Охридски Комуналец/ Овластени постапувачи со отпад
Обезбедување поголем број транспортни возила за отстранување отпад	• Набавка на транспортни возила за отстранување отпад од собирни садови за отпад	Општина Охрид/ ЈП Охридски Комуналец/ МЖСПП	2021	300.000	Буџет на О. Охрид/ ЈП Охридски Комуналец/Буџет на Влада на РСМ

Подготовка на Мапа на локација на постојни и нови садови за отпад во Општина Охрид	• Мапирање на постоечките и новите локации на собирните садови за отпад • Апликација за лесно пребарување на локација на садовите за отпад	Општина Охрид/ ЈП Охридски Комуналец/ Овластени постапувачи	2019 - 2021	5.000	Буџет на Општина Охрид
Електронско водење податоци за генерираните и собрани количини отпад (сите фракции) на целата територија на Општината	• Воспоставување на ИТ систем за интегрирање на податоците за количини и видови отпад кој се генерира од домаќинствата и правните субјекти во Општината • Подобрување на комуникацијата, соработката и размената на информации со овластени постапувачи со отпад, јавните претпријатија и правните субјекти • Обука на одговорни лица од Општина Охрид и ЈП Охридски Комуналец за начин на транспорт и подготовка на формулари за транспорт на отпадот до регионалната депонија	Општина Охрид/ ЈП Охридски Комуналец	2020 - 2022	30.000	Буџет на Општина Охрид/ЕУ фондови

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Изградена регионална депонија во Југозападен плански регион	• Комплетно подготвена техничка документација за регионална депонија во Југозападен плански регион и одобрена локација	Континуирано до изградба на регионална депонија	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Затворена депонија Буково и расчистени нелегални микро депонии	• Донесен План за расчистување и ремедијација на депонија Буково	Континуирано	Тело за следење на спроведување на

	• Извршена ремедијација на депонијата Буково, елиминирани загадувања на медиумите во животната средина во Охридскиот Регион • Евидентирани локации на нелегални микро депонии на територијата на Општината • Донесен план за расчистување и ревитализација на микро депонии во Општината • Расчистени и ревитализирани микродепонии		ЛЕАП
Изградена претоварна станица за отпад	• Комплетно подготвена на техничка документација за претоварна станица за отпад	Континуирано до изградба на претоварна станица	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Поголем број собирни садови за отпад-чисти јавни површини во Општината	• Поставени доволен број собирни садови за отпад на територија на целата Општина Охрид во согласност со бројот на домаќинства • Зголемен степен на примарна селекција на отпад во домаќинствата • Мапа на локациите на собирните садови за отпад • Достапна апликација за лесно пребарување на локација на собирните садови за отпад	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Поголем број транспортни возила за отпад	• Набавени доволен број транспортни возила за собирање отпад на територија на целата Општина Охрид	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Подобрен преглед со целосни податоци за состојбата со отпадот и воспоставување на професионален транспорт на отпадот до идната регионална депонија	• Оперативен ИТ систем, со комплетни податоци за количини и видови отпадот • Обучен стручен кадар за подготовка на формулари, евиденција и начин на транспорт на отпадот до	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

	регионалната депонија		

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (4): УСВОЈУВАЊЕ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ КОИ НЕ ГО ЗЕМААТ ПРЕДВИД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС, ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ И ВАЖЕЧКИТЕ СТАНДАРДИ**

ЦЕЛ: ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ХУМАНИ УСЛОВИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Воспоставување систем на комуникација и соработка помеѓу надлежните институции на локално и национално ниво за усогласување на критериумите за планирање, проектирање и градба на објекти	• Формирање на панел група со претставници од одделението за просторно и урбанистичко планирање во општината, Секторот за просторно планирање при МЖСПП и претставници Агенција за планирање на просторот за побрзо и поефикасно усогласување на критериумите за планирање, проектирање и градба на објекти • Подобрување на системот за просторното и урбанистичкото планирање, видовите и содржината на урбанистичките планови, со цел хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредување на животната средина и природата, и одржлив развој на Општината • Подготовка на плански документи со вградени мерки за заштита на животната средина, природното и културно наследство, мерки за справување со климатските промени,	Градежен инспектор/ Општина Охрид/ Влада на РСМ/ Агенција за просторно планирање	2019 - 2022	/	/

	планиран простор за садови за отпад, урбана опрема, површина на зеленило по глава на жител и сите останати услови за обезбедување квалитетен живот на граѓаните и одржлив развој на Општината				
Активно учество на јавноста	• Донесување Стратегија за инволвирање на јавноста при донесување одлуки • Задолжително организирање на стручна расправа, јавна анкета и јавна презентација на планската документација • Јавно, навремено, целосно и јасно прикажување на работни материјали и плански документи кои треба да се усвојат на закажана седница на Советот на Општина Охрид и јавна покана за учество до сите заинтересирани правни и физички лица, претставници од стручната јавност, претставници од мониторинг мисијата на УНЕСКО, НВО, граѓански здруженија итн.	Општина Охрид	2019 - 2021	10.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на РСМ

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување

Редовна и континуирана соработка помеѓу надлежните институции на локално и национално ниво за планирање, проектирање и градба на објекти	• Усогласени критериумите за планирање, проектирање и градба на објекти • Систем за просторно и урбанистичко планирање кој ја зема предвид заштитата и унапредување на животната средина и природата и одржливиот развој на Општината • Усвоени плански документи со вклучени мерки за заштита на животната средина и природното и културно наследство, мерки за справување со климатските промени, планиран простор за садови за отпад, урбана опрема, површина на зеленило по глава на жител и сите останати услови за обезбедување квалитетен живот на граѓаните и одржлив развој на Општината	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Плански документи усогласени со јавниот интерес	• Донесена Стратегија за учество на јавноста во процесот на донесување одлуки • Мал број претставки и поплаки од страна на граѓаните, НВО, граѓанските здруженија и други засегнати страни по донесени плански документи • Редовно одржување на јавна анкета, јавна презентација и расправа при донесување планска документација	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (6): НЕСООДВЕТНО УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (БЕЗ ДА СЕ ЗЕМЕ ВО ПРЕДВИД БР. НА ПАРКИНГ МЕСТА, ПРОСТОР ЗА САДОВИ ЗА ОТПАД ИТН.)**

ЦЕЛ: УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ОДРЖЛИВ РАЗОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање

Во урбанистичките плански документи да се планираат локации и површини за поставување на садови за отпад	• Предвидување локации за поставување на собирни садови за отпад во урбанистичките плански документи	Општина Охрид/ Инвеститор	2020 - 2021	/	/
Во секоја планска документација да се обезбеден соодветен паркинг простор за автомобили и доволна површина урбано зеленило, усогласено со број на жители	• Задолжително обезбедување паркинг простор за возила и застапеноста на урбано зеленило по глава на жител при градба на нови објекти. • Редовен инспекциски надзор над спроведување на условите од Проектната документација во однос на обезбеден простор за возила и урбано зеленило	Општина Охрид/ Инвеститор	2020 - 2023	10.000	Буџет на Општина Охрид
Иницијатива за промени во класификација на Д намените во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање	• Покревање иницијатива на Општина Охрид за прецизно одредување на % на зеленило кое е потребно да биде засадено на парцела спрема број на жители, во рамки на планска документација (ДЗ можат да бидат и поплочени површини и објекти)	Општина Охрид	2020 - 2022	/	/

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Отстранети собирни садови за отпад од сообраќајници и пешачки патеки	• Планиран простор за собирни садови за отпад во урбанистичките плански документи • Безбеден сообраќај низ Општината	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Усогласени плански документи во кој се предвидени паркинг места, урбано зеленило и површина за поставување на собирни садови за отпад, соодветно димензионирано со растот на населението	• % обезбедени паркинг места пред станбени објекти • Покрената иницијатива на Општина Охрид за прецизно одредување на % на зеленило кое е потребно да биде засадено на парцела спрема	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

и развојот на туризмот	глава на жител во рамки на планска документација (Д3 намена) • % на зголемена површината урбано зеленило		

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (18): ГОЛЕМ БРОЈ КУЧИЊА СКИТНИЦИ И НЕДОСТАТОК ОД СТАЦИОНАР**

ЦЕЛ: ЗГРИЖЕНИ БЕЗДОМНИ КУЧИЊА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Изградба на стационар за бездомни кучиња	• Одредување локација и подготовка на планска документација за стационар за бездомни кучиња • Изградба на стационар и уредување на локација • Формирање јавно претпријатие - шинтерска служба за заловување и грижа за бездомните кучиња • Вработување на соодветен стручен кадар во јавното претпријатие	Општина Охрид	2020 - 2021	50.000	Буџет на Општина Охрид/ ЕУ фондови/ Грант
Подигање на јавната свест кај населението	• Организирање на средби со граѓаните за едукација, заеднички проекти со цел надминување на евидентираните состојби на напуштање на домашните миленици	Општина Охрид/ Граѓански здруженија	2020 - 2023	10.000	Буџет на Општина Охрид/ Грант

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Згрижени бездомни кучиња	• Оперативно Јавно претпријатие за управување со стационарот за бездомни кучиња	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Зголемено ниво на јавна свест	• Број на реализирани едукативни работилници и дебати • % намален број поплаки од граѓаните	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ (19): <u>НЕДОВОЛЕН КАПАЦИТЕТ И НЕФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ВРАНИШТА</u>**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМОТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО И РЕКА ЦРН ДРИМ

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Санирање на постојната инсталација на пречистителната станица-Враништа и системот на препумпни станици во колекторскиот систем	• Извештај со проценка на состојбите со пречистителната станица Враништа • Изработка на Студија за истражување и проценка на потребата од проширување на пречистителната станица во Враништа • Проширување и подобрување на биолошката фаза на прочистување на пречистителната станица Враништа и санирање на другите составни делови на пречистителната станица • Замена на постоечки, поставување на нови пумпни станици според потребите, како и замена на	ЈП „ Колекторски систем“	2020 - 2022	3.000.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на Општина Струга/ Влада на Р. С. Македонија/ ЕУ фондови/ Грант

	дотраената инсталација				
Зголемен број на локални пречистителни станици во согласност со вкупниот бројот жители во општините Охрид и Струга вклучително и туристи	• Студија за истражување и проценка на потребата од изградба на пречистителни станици за прочистување на комунални отпадни води спрема бројот на жители во општините Охрид и Струга, вклучувајќи го и просечниот број туристи во сезона • Изградба на мали пречистителни станици, за потребите на селата и населбите, кои не се вклучени во колекторскиот систем	Општина Охрид/ Општина Струга/ МЈП „Проаква“	2019 - 2023	50.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на Општина Струга/ Влада на РСМ/ ЕУ фондови/ Грант

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Оперативна пречистителна станица, која ги задоволува потребите за пречистување на комунални отпадни води од општините Охрид и Струга	• Трендови на подобрување на квалитетот на водата во Охридското Езеро • Трендови на подобрување на квалитетот на водата во р. Црн Дрим • Заменети пумпни станици, филтер станици и цевководна инсталација • Проширена биолошката фаза на пречистување во пречистителната станица Враништа	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

Изградени мали пречистителни станици за села и населби, кои не се приклучени во колекторскиот систем	• Најмалку 2 две изградени мали пречистителни станици во населбите и селата кои не се приклучени во колекторскиот систем	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (5): ГОЛЕМ БРОЈ БЕСПРАВНИ ГРАДБИ НА ОХРИДСКОТО КРАЈБРЕЖЈЕ И ВО НП ГАЛИЧИЦА ВО ЗОНАТА НА ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ И НИВНА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА**

ЦЕЛ: СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА БЕСПРАВНИ ГРАДБИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Стопирање на процесот на легализација на сите бесправни градби во УНЕСКО заштитеното подрачје	• Мораториум (мирување) на сите постапки за планска документација за градби и решенија за градби се до донесување и усвојување на сите релевантни плански документи одобрени од Советодавното тело на Центарот за управување со светското природно и културно наследство • Донесување на урбанистички планови за сите населени места во заштитеното подрачје • Воспоставување на механизам за ефективна и ефикасна контрола на бесправни градби со цел да се обезбеди строго спроведување на постојните закони и прописи за да се спречи понатамошната незаконска градба	Општина Охрид	2019	30.000	Буџет на Општина Охрид

Донесување/усвојување на сите плански документи за Општина Охрид	• Донесување на План за управување со светското природно културно наследство и негова строга примена, • Донесување на урбанистички планови за урбан / крајбрежен магистрален план, • Донесување Стратегија за туризам базирана на универзална вредност и нивно доставување до Центарот за светско природно наследство за ревизија од страна на Советодавните тела • Спроведување на СОЖС за сите плански и урбанистичко плански документи • Доставување Извештај до Советодавните тела на Центарот за светско наследство пред донесување на одлуки за градба на територијата на заштитеното подрачје • Донесување на урбанистички планови за целата територија на Општината • Иницирање на обуки за зајакнување на капацитетите на одговорните во Општина Охрид за водење на постапката за Стратешка оценка на влијание врз животната средина при подготовка на урбанистичките планови	Општина Охрид/ Одделение за урбанизам и просторно планирање	2020 - 2023	20.000	Буџет на Општина Охрид Буџет на РСМ и општините Струга и Дебрца
Усогласување и подобрување на законските прописи и отстранување на можноста за донесување на контрадикторни одлуки	• Иницијатива на Општина Охрид за подобрување и усогласување на сите релевантни законски одредби кои треба да го гарантираат интегритетот	Општина Охрид/ членови на мониторинг мисија на	2020	10.000	Буџет на Општина Охрид/МЖСПП/ Буџет на РСМ

	и одржливиот развој на Охридскиот регион (Закон за заштита на природата, Закон за водите, Закон за управување со светското природно и културно наследство итн.) • Формирање комисија за разгледување и утврдување на спротивности и неусогласености во законските прописи и поднесување на Извештај и иницијатива за промени во законската регулатива	УНЕСКО/ МЖСПП			
Евидентирање на постоечки бесправни градби	• Детален преглед/ инвентар на сите постоечки бесправни градби во рамки на УНЕСКО заштитеното подрачје и нивно мапирање • Спроведување на СОЖС / ОВЖС на сите планирани инфраструктурни и други градби во рамки на заштитеното УНЕСКО подрачје	Општина Охрид (општинска инспекција)/ Државен инспекторат	2019 - 2020	30.000	Буџет на Општина Охрид
Отстранување на сите бесправни градби во крајбрежната зона на Охридско Езеро и стопирање на нелегална градба во НП Галичица	• Отстранување на бесправни градби на оддалеченост помала од 50 m од Езерото • Строга забрана за изградба на нови објекти во заштитната крајбрежна зона на Охридско Езеро на растојание помало од 50 m • Забрана за градби во зоната на одржливо користење на НП Галичица до донесување на планска документација • Зајакнување на инспекциските служби,	Општина Охрид/ Одделение за урбанизам и просторно планирање/ НП Галичица/ СВР Охрид	2020 - 2021	100.000	Буџет на Општина Охрид/Буџет на РСМ/ ЕУ фондови

	редовни инспекциски надзори и високи казни за нови евидентирани бесправни градби • Подобрување на соработката помеѓу локалните и државните инспекциски служби и спроведување на заеднички надзори со помош на СВР Охрид				
Подигање на јавната свест кај населението	• Едукација на населението за влијанието на бесправните градби врз природното и културно наследство, биолошката разновидност итн. • Континуирано редовно одржување на јавни кампањи, дебати и трибини во соработка со научни установи, граѓански здруженија, НВО за подигнување на јавната свест за значењето на природното и културното наследство на Охридскиот регион и влијанието на бесправните градби во заштитеното подрачје	Општина Охрид/ НП Галичица/ ФТУ/ ЈНУ Хидробиолошки завод/ НУ Завод и Музеи	2020 - 2022	30.000	Буџет на Општина Охрид/ ЕУ фондови

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Мапа на локација на сите постоечки бесправни градби во УНЕСКО заштитеното подрачје Расчистување на нелегалните објекти од крајбрежниот појас на Охридското Езеро и во урбаното јадро на Заштитеното културно и природно подрачје	• Донесени и усвоени плански документи одобрени од Советодавното тело на Центарот за управување со светското природно и културно наследство • Ефективна и ефикасна инспекциска контрола, стопирање на бесправни градби, доследно спроведување на законските одредби и високи финансиски казни за евидентирани бесправни	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

Мораториум (мирување) на сите постапки за градба Отстранети бесправни градби на оддалеченост помала од 50 m од Охридското крајбрежје и стопирање на градби во зоната на одржливо користење на НП Галичица	градби • Општина Охрид без бесправни градежни активности • Подобрена соработка помеѓу локалните и државните инспекциски служби и спроведување на заеднички надзор со СВР Охрид • Позитивен Извештај од следната мониторинг мисија на УНЕСКО • Задржан статусот на Охридскиот Регион како заштитено културно и природно наследство - УНЕСКО		
Усвоени плански документи	• Зајакнат, обучен стручен кадар во општината во одделението за просторно урбанистичко планирање • Донесени и усвоени : План за управување со светското природно културно наследство, урбанистички планови за урбан / крајбрежен магистрален план, Стратегија за туризам базирана на универзална вредност • % на донесени урбанистички планови за населени места	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Усогласени и подобрени законски прописи	• % на усогласени на релевантни законски одредби кои го гарантираат интегритетот и одржливиот развој на Охридскиот регион	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Зголемена јавна свест	• % на одржани едукативни кампањи, работилници, проекти, јавни дебати и трибини • Трендови на намален број обиди за бесправни градби во крајбрежната зона на Охридско Езеро и зоната на одржливо користење во НП Галичица	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (13): УЗУРПАЦИЈА НА ПЛАЖИТЕ НА ОХРИДСКОТО КРАЈБРЕЖЈЕ**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО КРАЈБРЕЖЈЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ГРАДБИ

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Ослободување на плажите на Охридското крајбрежје	• Донесување на Правилник за поставување на подвижна опрема на плажите на Охридското крајбрежје; • Отстранување на сите бесправно поставени подвижни и неподвижни објекти од плажите на Охридско Езеро и во самото Езеро; • Редовна контрола на плажите со цел да се утврди состојбата и да се санкционира секој обид за недозволено поставување опрема • Информирање на јавноста за високи казни во случај на бесправна узурпација на плажите на Охридското крајбрежје	Општина Охрид/ СВР Охрид	2019 - 2020	50.000	Буџет на Општина Охрид

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Донесен Правилник за поставување на подвижна опрема на плажите на Охридското крајбрежје Отстранети сите бесправно поставени подвижни и неподвижни објекти од плажите	• Слободни плажи на Охридското крајбрежје и заштитена крајбрежна зона	За време на туристичка сезона	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

на Охридско Езеро Изречени прекршочни казни на сторители за бесправно поставување опрема на плажите на Охридското крајбрежје			

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ, СВЕТСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО (7): КОРИСТЕЊЕ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО КАКО АКУМУЛАЦИЈА И ПОСТОЈАНИ ОСЦИЛАЦИИ НА НИВОТО НА ВОДАТА**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Заштита на Охридското Езеро во согласност со Законот за заштита на природата Заштита на Студенчишко Блато, како интегрален дел на езерскиот екосистем.	• Подготовка на Студија за валоризација на Охридското Езеро, која ќе го опфати и социо - економскиот сегмент, заради идна заштита на Езерото во степен - Споменик на природата • Подготовка на Студија за валоризација на Студенчишко Блато, која ќе го опфати и социо - економскиот сегмент, заради идна заштита на Блатото во степен на заштита-Споменик на природата	Општина Охрид/ МЖСПП	2019 - 2020	150.000	ГЕФ/УНЕП
Ревидирање на начинот на користење на водите од Охридско Езеро и негативните ефекти	• Ревидирање на водното право на ЕЛЕМ за висина на користење на водата во Охридското Езеро • Спроведување на истражувања за повторно утврдување на нултото ниво на Охридско Езеро • Спроведување на истражување за	Општина Охрид/ Општина Струга/ ЈНУ Хидробиолошки завод/	2019 - 2021	100.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на Општина Струга/ Буџет на РСМ/ ЕУ фондови

	влијанието на користењето на водата во Охридското Езеро како акумулација • Пренасочување на р. Сатеска во р. Црн Дрим (Студија)	МЖСПП/ ЕЛЕМ			
Подобрување на системот за регулација на испуст на водите од Охридско Езеро и мониторинг мрежа на сливното подрачје	• Поставување современ дигитален систем со мерна опрема за регулација при испуст на водите од Охридско Езеро во река Црн Дрим • Поставување мониторинг станици во сливното подрачје на Охридско Езеро • Донесување Мониторинг програма на биолошката разновидност во Охридското Езеро • Подготовка на Студија за проценка на состојбата со реките кои се влеваат во Охридското Езеро	Општина Охрид/Општина Струга/ Општина Дебрца/ ЕЛЕМ	2019 - 2023	5.000.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на Општина Струга/ Буџет на Општина Дебрца/ ЕЛЕМ/ ЕУ фондови/ Грант
Оформување правна регулаторна рамка за контрола и стабилизација на водостојот на Охридско Езеро	• Покренување иницијатива од Општина Охрид консултација со сите одговорни институции и засегнати страни за изготвување на регулатива која ќе овозможи контрола и стабилизација на водостојот на Охридско Езеро • Развивање и имплементација на мерки за стабилизација на водостојот на Охридско Езеро • Започнување на постапка за	Општина Охрид/Општина Струга/Општина Дебарца/ ЈНУ Хидробиолошки завод/ МЖСПП	2019 - 2020	2.000.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на О. Струга/ Буџет на О. Дебарца/ Буџет на РСМ/ ЕУ фондови

	донесување на законски пропис со мерки за контрола на водостојот на Охридско Езеро				

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Соодветна заштита на Охридското Езеро и Студенчишко Блато	Изработена Студија за валоризација на Охридското Езеро Ажурирање на Студија за валоризација на Студенчишко Блато Заштитено подрачје, во категорија III-Споменик на природата	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Поставен дигитален систем со мерна опрема за регулација на испуст на водите од Охридското Езеро Поставување на мониторинг станици опремени со мерна опрема на сливното подрачје на Езерото Донесување Програма за мониторинг на биолошката разновидност во Охридското Езеро Подготвена и имплементирана Физибилити Студија за проценка на состојбата со реките кои се влеваат во Охридското Езеро	• Регулиран испуст на вода од Охридско Езеро и мониторинг на сливното подрачје	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Извештај од спроведено истражувања за утврдување на нултото ниво на Охридско Езеро Студија за влијанието на користењето на Охридското Езеро како акумулација и	• Стабилизиран водостој на Охридско Езеро	Континуирано	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

постојаните варијации на водостојот врз биолошката разновидност Студија за можноста за повторно пренасочување на р. Сатеска во р. Црн Дрим Развивање и имплементација на мерки за стабилизација на водостојот на Охридско Езеро Донесен законски пропис со мерки за контрола на водостојот на Охридско Езеро			

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКАТА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (8): НЕДОСТАТОК ОД ПАРКИНГ МЕСТА И УЗУРПАЦИЈА НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ И ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ**

ЦЕЛ: ОСЛОБОДЕНИ СООБРАЌАЈНИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ОД ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Обезбедување на паркинг места	• Проценка на број на паркинг места кој недостасува на подрачјето на Општина Охрид • Ревидирање на начинот и условите на стопанисување на ЈП во општината со паркинг просторот и начинот на одржување • Подготовка на Сообраќајна студија за град Охрид • Студија за истражување за можностите за изградба на подземни/надземни паркинг простори задоволување на потребите на граѓаните и туристите	Општина Охрид/ Дирекција за заштита и спасување	2019 - 2021	70.000	Буџет на Општина Охрид

	• Задолжително планирање и земање во предвид потребна површина за паркинг места при подготовка на планска документација за нови објекти за домување				
Ослободување на зелени површини и пешачки патеки	• Зајакнат инспекциски надзор и изрекување казни за паркирани автомобили на зелени површини и пешачки патеки во соработка со СВР Охрид	Општина Охрид/СВР Охрид	2019 -2025	/	/
Стимулација на граѓаните за користење јавен превоз и алтернативни начини на превоз	• Организирање на јавен превоз преку целата година до сите населени места • Зголемување на должината на велосипедски патеки и поставување на велосипедска инфраструктура • Доделување на субвенции за велосипеди	Општина Охрид	2019 - 2025	25.000 годишно	Буџет на Општина Охрид/ ЕУ фондови

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Извештај од проценка на бројот на паркинг места кој недостасува на подрачјето на Општина Охрид Сообраќајна студија за град Охрид Студија за истражување за можностите за изградба на подземни/надземни паркинг простори задоволување на потребите на граѓаните и туристите Донесена и усвоена планска документација со определена површина за паркинг	Обезбеден паркинг простор за потребите на граѓаните во Општината	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

простор			
Зголемен број казни за паркирани автомобили на зелени површини и пешачки патеки	• Слободни сообраќајници и јавни површини	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Јавен превоз со почеста фреквенција преку целата година до сите населени места во Општина Охрид Зголемена должина на велосипедски и пешачки патеки и зголемен број граѓани ко користат алтернативни начини на превоз	• Помал број паркирани возила во центарот на градот	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ, СВЕТСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО (1): НИЗОК СТЕПЕН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ СО ЦЕЛ СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОНАТАМОШНА НЕЗАКОНСКА ГРАДБА ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА**

ЦЕЛ: ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ПРИ ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА НА ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Покренување на иницијатива од страна на Општина Охрид за измени и усогласување на законските прописи во однос на спречување и санкционирање на бесправни градби во заштитени подрачја	• Подготовка на предлог текст за измени на постојната законска регулатива поврзана со спречување и санкционирање на бесправни градби во заштитени подрачја • Ревидирање на законската регулатива за правото на користење земјиште во сопственост на РСМ, а кое може Општината да го отуѓи, даде на	Општина Охрид/НП Галичица/ НВО/ Членови на мониторинг мисија на УНЕСКО/Граѓански здруженија	2019 - 2021	/	Буџет на Општина Охрид/ МЖСП

	користење (концесија или јавно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права • Ревидирање на постапките на отуѓување, концесија или јавно партнерство, долготраен или краткотраен закуп во последните години и намената на земјиштето				
Поголема ефикасност на инспекциските служби	• Редовни инспекциски контроли на спроведување на законските прописи од страна на општинските инспектори и државен инспекторат • Континуирана обука на општинската администрација за доследно спроведување на законските прописи • Активно вклучување на НВО, граѓанските здруженија, еколошки друштва во утврдување на правилноста во спроведување на релевантните законски прописи	Општина Охрид/ Државен инспекторат	2019 - 2021	15.000	Буџет на Општина Охрид

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
• Предлог текст за измени на постојната законска регулатива за спречување и санкционирање на бесправни градби во заштитени подрачја • Донесен посебен правилник за управување на општините со земјиште во сопственост на РСМ кое се наоѓа во	Почитување на законските прописи при планирање, проектирање и градба во Општина Охрид % на намалена пренамена на државно земјиште во градежни цели	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

заштитено подрачје • Регистар на парцели во државна сопственост, во заштитено подрачје во изминатите 10 години, кои се пренаменети за друга намена (градежна) или продадени (дадени под концесија)			

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД (12): <u>НЕПОСТОЕЊЕ НА ДЕПОНИЈА ЗА ОПАСЕН ОТПАД НА НАЦИОНАЛНО НИВО</u>**

ЦЕЛ: ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА МЕДИУМИТЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Активно учество на Општина Охрид во процесот на подготовка на проектна документација за депонија за опасен отпад на национално ниво	• Поднесување иницијатива до МЖСПП за отпочнување со подготовка на планска и проектна документација за формирање и изградба на депонија за опасен отпад • Спроведување обуки на вработените од одделението за отпад во општината за протокол на доставување на опасен отпад • Организирање на работилници за МСП и компаниите од индустрискиот сектор за начинот на пакување, транспортирање и предавање на опасниот отпад	Општина Охрид/МЖСПП/ Влада на РСМ	2020 - 2023	/	/
Зајакнување на капацитетите во Општината за мониторинг на генерираниот отпад	• Зголемување на бројот на вработени во одделението • Зајакнати инспекциски контроли кај правните субјекти кои се задолжени да работат по Елаборати за заштита на животната средина и субјектите	Општина Охрид	2020 - 2023	60.000	Буџет на Општина Охрид/ ЈКП Охридски Комуналец/ ЕУ Фондови

	задолжени со Б ИСКЗ Дозволи • Евидентирање на количините на генериран опасен отпад, според шифра од Листата на видови отпад, на годишно ниво во Општината • Подготовка на дигитална база на податоци за отпад				
Подигање на јавната свест	• Едукативни работилници, кампањи, проекти, подготовка на едукативен материјал за населението за видовите опасен отпад, негативното влијание и начин на постапување • Организирање на предавања во училиштата со цел зголемување на свеста за правилно постапување со опасниот отпад	Општина Охрид/ Овластени постапувачи со отпад	2020 - 2023	15.000	Буџет на Општина Охрид/ Овластени постапувачи

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Прифатена иницијатива и започнување на постапка за подготовка на проектна документација за депонија за опасен отпад на национално ниво	• Отпочната постапка за подготовка на планска и проектна документација за национална депонија за опасен отпад	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Детална евиденција на опасниот отпад кој се генерира во Општина Охрид Подготвена база на податоци за опасен отпад	• Обучени вработени во одделението за отпад на Општина Охрид, како и стручни лица од компании за начинот на доставување на опасен отпад, начин на пакување и обележување, транспорт и предавање на опасниот отпад Зголемен број решенија од извршени инспекциски надзори на правни субјекти • % на евидентиран генериран опасен отпад според вид (шифра) на годишно ниво во Општината	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

Извештаи од организирани настани, предавања, работилници итн.	• Подигната јавна свест	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (14): <u>УРБАНИЗАЦИЈА НА СЛОБОДНИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ, ОБРАБОТЛИВА ПОЧВА И НИВНА ПРЕНАМЕНА</u>**

ЦЕЛ: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Определување на Еколошкиот отисок (капацитетот на апсорпција на притисоците) на Општина Охрид	• Изработка на Студија за процена на еколошкиот капацитет со примена на еколошки отисок, како услов за одржливо планирање на просторот	Општина Охрид/МЖСПП	2020 - 2022	10.000	Буџет на Општина Охрид/ ЕУ фондови
Зголемување на процентот на зелени површини во Општината	• Изработка на Стратегија за озеленување на градот • Засадување на автохтони видови на растенија и креирање на нови парковски површини во Општината • Прецизно одредување на % на зеленило кое е потребно да биде засадено на парцела во рамки на урбанистички плански документи • Воспоставување на ИТ систем за интегрирање на податоци во врска со зеленилото со цел подобро донесување на соодветни мерки и одлуки • Вклучување на граѓаните во планирање и управување со зелени површини	Општина Охрид	2020 - 2022	60.000	Буџет на Општина Охрид/ ЕУ фондови

Ограничување на пренамена на обработливо земјиште и урбанизација на слободни јавни површини	• Донесување Правилник со услови за пренамена на обработливо земјиште и слободни јавни површини во градежно • Придржување кон Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање во однос на % на изграденост на парцелата и обезбеденост на функции за јавно зеленило и други јавни површини • Активно вклучување на НВО, граѓански здруженија, еколошки друштва во јавни расправи , трибини и дебати пред донесување на одлуки за градба, пренамена на обработливо земјиште или слободни јавни површини	Општина Охрид	2020 - 2021	10.000	Буџет на Општина Охрид/Буџет на РСМ/ ЕУ фондови

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Еколошки отисок на Охрид	• Студија за процена на еколошкиот капацитет на Општината • Стратегија за озеленување на градот • Засадени автохтони видови растенија и зголемени парковски површини во Општината • Зголемено учество на граѓаните	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Јавна и транспарентна процедура за пренамена на земјиште	• Правилник со услови за пренамена на обработливо земјиште и слободни јавни површини • Точно одредена застапеност на зеленило во плански документи • Активно учество на јавноста во донесување на одлуки за пренамена на земјиште или слободни	Еднаш на шест месеци	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

	јавни површини		
Целосни и јавно достапни податоци за зеленилото во Општина Охрид	• Воспоставен на ИТ систем за интегрирање на податоци за зеленило во Општината	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ (11): <u>ОТСУСТВО НА СЕПАРАТНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА И МЕШАЊЕ НА КОМУНАЛНИ, ИНДУСТРИСКИ И АТМОСФЕРСКИ ОТПАДНИ ВОДИ</u>**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМОТ НА ОХРИДСКО ЕЗЕРО

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (EUR)	Можни извори на финансирање
Соодветно управување со комунални отпадни води	• Техничко решение за одвоено одведување и пречистување на отпадни комунални води во руралните населени места во Општина Охрид • Спроведување на СОЖС/ОВЖС и барање согласност од Центарот за управување со светското природно и културно наследство • Изведба на канализациона мрежа во населените места Велестово, Г. Лакочерej, Елешец, Елшани, Љубаништа, Орман, Рамне, Трпејца, Валила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатино • Редовно одржување и обновување на канализационата мрежа	Општина Охрид/ МЈП „Проаква“	2019 - 2025	5.000.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на РСМ/ ЕУ фондови/ Грант
Соодветно управување со индустриски отпадни води	• Редовни инспекциски контроли над соодветноста во имплементација на барањата на Б ИСКЗ дозволите за	Општина Охрид/ МЈП Проаква	2019 – 2025	/	Буџет на Општина Охрид/ МЈП

	испуштање отпадни води во канализации или површински водотек и контрола на резултатите од мерењата на квалитет на отпадни води				Проаква
Соодветно одведување на атмосферски отпадни води	• Техничко решение за одвоено одведување и пречистување на отпадни атмосферски води во руралните населени места во Општина Охрид • Спроведување на СОЖС/ОВЖС • Целосна покриеност со атмосферска канализациона мрежа на Општината	Општина Охрид/ МЈП Проаква	2019 – 2023	/	/

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Подготвена техничка документација за изведување на канализациона мрежа за комунални отпадни води Изградена канализациона мрежа во сите рурални населените места: Велестово, Г. Лакочерej, Елешец, Елшани, Љубаништа, Орман, Рамне, Трпејца, Валила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатино	• % на изградена мрежа за комунални отпадни води	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Регулирано третирање и испуштање на индустриски отпадни води	• Резултати од анализа на отпадни води во индустријата	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП
Подготвена техничка документација за изведување на атмосферска канализациона мрежа Целосна покриеност на Општина Охрид со атмосферска канализациона мрежа	• % на завршена атмосферска канализациона мрежа во град Охрид и руралните населени места	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ (18): НЕФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ПУТЕКС СТАНИЦИТЕ ВО СВ. НАУМ, КАМП ГРАДИШТЕ, КАМП ЉУБАНИШТА, Х. БИСЕР**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМОТ НА ОХРИДСКО ЕЗЕРО

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Функционални Путекс станици во Општина Охрид	• Утврдување на состојбите со Путекс станиците во Св. Наум, камп Градиште, камп Љубаништа, х. Бисер и потребите од санирање на истите • Периодичен мониторинг на квалитетот на пречистените води на испуст од Путекс станици • Подготовка на Физибилити студија за одведување на отпадни комунални води од руралните населени места во Општина Охрид и потребата од поставување на нови пречистителни станици	Општина Охрид/ МЈП Проаква	2019 - 2021	200.000	Буџет на Општина Охрид/ ЕУ фондови

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Пречистени отпадни комунални води во Путекс станици	• Резултати од мерења на квалитет на води од Путекс станиците во Св. Наум, камп Градиште, камп Љубаништа и х. Бисер	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И УРБАН РАЗВОЈ (7): НЕЕФИКАСНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ**

ЦЕЛ: ЕФИКАСНИ ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Зголемување на ефикасноста на инспекциските служби	• Зајакнување на инспекциското одделение во Општина Охрид и вработување на обучен и стручен кадар во општинската инспекција • Воспоставување редовна контрола на терен и спроведување мерки за правилно имплементирање на законските одредби • Отворен телефон на кој граѓаните ќе пријават активности на бесправна градба • Интензивна соработка и вклучување на СВР Охрид во 24 часовна инспекциска служба • Интензивна соработка и вклучување на НВО и граѓанските здруженија за помош на инспекциските служби	Општина Охрид	2019 - 2020	/	Буџет на Општина Охрид
Следење и оценување на работењето и ефикасноста на инспекциските служби	• Формирање Координативно тело од претставници на локална самоуправа, месни заедници, НП Галичица, НВО, претставници на граѓански здруженија и подготовка на извештаи за оценка на работењето и ефикасноста на инспекциските служби	Општина Охрид	2019 - 2025	/	Буџет на Општина Охрид

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Отворен телефон за пријава на бесправна градба 24 часовна инспекциска служба Активно учество на НВО и граѓанските здруженија во ефикасност на инспекциските служби Формирано координативно тело Извештаи од оценка на работењето и ефикасноста на инспекциските служби од страна на Координативното тело	• % на обучен стручен кадар во општинската инспекција • Број на записници од инспектирани субјекти	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК (1): <u>НЕДОИЗГРАДЕНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РУРАЛНАТА СРЕДИНА</u>**

ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПОКВАЛИТЕТЕН НА ЖИВОТ ЗА ГРАЃАНИТЕ, РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РУРАЛНАТА СРЕДИНА

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
Подобрување на патната инфраструктура во руралната средина	• Техничко решение за подобрување/проширување/обновување на патната инфраструктура во руралните населени места во Општина Охрид • Спроведување на СОЖС/ОВЖС • Барање согласност од Центарот за управување со светското природно и културно наследство • Реализација на техничките решенија	Општина Охрид	2019 - 2024	5.000.000	Буџет на Општина Охрид/ Буџет на РСМ/ ЕУ фондови/ Грант

Очекувани резултати	Показатели на успех	Фреквенција на следење	Одговорни за следење и оценување
Инфраструктурен проект за подобрување/проширување/обновување на патната инфраструктура во руралните населени места во Општина Охрид СОЖС/ОВЖС на проектот и добиена согласност од Центарот за управување со светското природно и културно наследство Изведба на патна инфраструктура	• % на подобрена патна инфраструктура во руралната средина на Општина Охрид	Еднаш годишно	Тело за следење на спроведување на ЛЕАП

- **НАЈПРИОРИТЕТЕН КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК / ТЕМАТСКА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНА СВЕСТ (7): <u>НИСКО НИВО НА СВЕСТ КАЈ ЈАВНОСТА И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА</u>**

ЦЕЛ: ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ КАЈ ЈАВНОСТА И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време за реализација	Предвиден буџет (ЕУР)	Можни извори на финансирање
